Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА**

Се прогласува Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2008 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2008 година.

Бр. 07-2908/1
15 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
На Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
## НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

## I ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија " број 160//2007) се вршат следниве измени:

**во илјади денари**

| | | Буџет 2008 | Ребаланс 2008 |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи** | **128.739.888** | **144.706.000** |
| | - изворни приходи | 126.065.690 | 141.096.000 |
| | - капитални приходи | 680.000 | 1,284.000 |
| | - донации | 1.994.198 | 2.326.000 |
| **II.** | **Вкупни расходи** | **134.279.812** | **150.371.000** |
| | - утврдени намени | 134.029.812 | 150.071.000 |
| | - резерви | 250.000 | 300.000 |
| **III.** | **Дефицит** | **5.539.924** | **5.665.000** |
| | од тоа | | |
| | **Прилив** | **12.522.934** | **12.919.000** |
| | - домашни приливи | 4.200.000 | 6.160.000 |
| | - странски заеми | 4.945.414 | 5.463.000 |
| | - депозит | 3.377.520 | 1.296.000 |
| | **Одлив** | **6.983.010** | **7.254.000** |
| | - отплата на главнина | 6.983.010 | 7.254.000 |

## 1.Вовед

Буџетот на Република Македонија за 2008 година, го рефлектира континуитетот на политиките и активности на Владата на Република Македонија и во основа ја потврди реформската определба на оваа Влада да опстои во напорите за забрзан економски развој и подигање на нивото на животниот стандард на целокупното население. Фискалната политика во текот на оваа година, рефлектирана преку општиот владин буџет, се спроведуваше во рамки на иницијално планираните политики, насоки и проекции, обезбедувајќи редовно финансирање и извршување на функциите на државата, навремено финансирање на законските обврски, имплементирање на структурните реформи и значајни капитални проекти, намалување на нивото на надворешниот долг, како и континуирана поддршка на монетарната политика. Ваквите остварувања во фискалната политика обезбедија натамошна фискална консолидација, продолжување на политиката на низок и контролиран буџетски дефицит како солидна основа за фискална одржливост на среден рок.

## 2. Макроекономски движења во првата половина од 2008 година

Силниот економски раст присутен во текот на 2007 година, продолжи и на почетокот на 2008 година. Имено, во првиот квартал од 2008 година, бруто домашниот производ забележа пораст од 5,2% во однос на истиот период од минатата година. Имајќи во предвид дека растот во првиот квартал од 2007 година изнесуваше 6.8%, односно споредбената основа е висока, ова навистина претставува одличен резултат и показател дека позитивниот бизнис циклус продолжува и во 2008 година.

Ваквиот заклучок е поддржан и со растот на индустриското производство, кој за првите пет месеци од 2008 година изнесува 5,9%. Притоа, остварениот раст е дисперзиран, односно од вкупно 24 индустриски гранки, 17 забележуваат пораст, кој е двоцифрен дури во дванаесет сектори.

Зголемената економска активност во првата половина од годината се рефлектираше соодветно и во надворешниот сектор. Имено, во првите четири месеци од 2008 година, вкупната надворешно-трговска размена, во однос на истиот период минатата година, во доларска вредност забележа висок пораст од 41%. Притоа, физичкиот обем (количинскиот) на извозот е зголемен за 7,3%, а неговата вредност достигна 1.278 милиони долари, што претставува пораст од 27,1%. Зголемувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 4,3% и истиот оствари вредност во износ од 2.181 милиони долари, или пораст од 50,5%.

При вакви движења, поради поинтензивниот пораст на увозот од извозот дојде до продлабочување на дефицитот во стоковната размена. Најголем придонес во зголемувањето на дефицитот има порастот на негативното салдо во размената на опрема и енергија, а особено на увозот на електрична енергија, нафта и производи од нафта. Имено, поради повисоките увозни цени, вредноста на увезената нафта во првите четири месеци од оваа година бележи пораст од 63,4% во однос на истиот период минатата година, во услови на благо намален количински увоз на нафтата.

Стапката на невработеност во првиот квартал од 2008 година продолжи да се намалува, достигнувајќи ниво од 34.8%, што во однос на истиот период од минатата година претставува намалување за 1 п.п. Иако со бавно темпо, во изминатите три години невработеноста континуирано се намалува, што претставува позитивна тенденција, која е придружена со пораст на вработеноста. Така, во првиот квартал од 2008 година стапката на вработеност изнесува 36,7% што исто така претставува зголемување од 1 п.п на годишно ниво.

Порастот во реалниот сектор и вработеноста имаше свое влијание и врз порастот на животниот стандард на граѓаните. Имено, просечната исплатена нето плата во април 2008 година изнесува 15 605 денари, што во однос на истиот месец од претходната година претставува пораст од 9,2%, додека процентот на вработени кои не зеле плата за претходниот месеци изнесува 9,1% што во однос на април 2007 година претставува намалување од 3.1 п.п.

Сепак, како најголем проблем за македонската економија во 2008 година, останува инфлацијата, која мерена преку трошоците на живот, во мај 2008 година изнесува 9.7%, што воглавно се должи на порастот на цените за храна и порастот на цените на енергенсите. Вредноста на потрошувачката за исхрана и пијалоци за едно четиричлено семејство, пресметана врз основа на цените на мало во јуни 2008 година изнесува 12 333 денари и е повисока за 18% на годишно ниво.

Во анализираниот период, цените за исхрана забележаа раст од 20,4%, што е слично со растот во останатите земји во регионот.

| Инфлација јуни 2008 / јуни 2007 | Хрватска | Албанија | Бугарија | Србија | Словенија | БиХ | Македонија | Грција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци на живот | 6,4 | 4,2 | 15 | 12,1 | 7 | 8,2 | 10,1 | 4,90 |
| Цени на храна | 10,0 | 7,1 | 25 | 24 | 11,6 | 13,7 | 19,2 | 14,4 |

Ваквите податоци укажуваат дека инфлацијата во Република Македонија е увезена однадвор како глобален феномен, при што Владата на Република Македонија е немоќна значително да влијае на нејзиното намалување преку фискалната и монетарна политика, што не значи дека не се превземаат соодветни мерки за нејзино сузбивање. Имено, намалувањето на данокот на додадена вредност за лековите, јавниот транспорт и компјутерската опрема во 2007 година, како и дисциплинираното и контролирано трошење на јавните расходи во почетокот на 2008 година, влијаеше растот на стапката на инфлација да биде делумно амортизиран. Во таа насока Владата, заедно со трговците и производителите, прави континуирани напори за намалување на стапката на инфлација.

Во 2008 година основен предизвик за монетарната политика е остварувањето на повисоката стапка на инфлација и зголемениот дефицит на тековната сметка на почетокот од годината. Притоа, во изминатиот период НБРМ презеде мерки со цел намалување на инфлацијата. Имено, во март 2008 година, монетарната власт воведе промена во политиката на тендерирање на благајничките записи, односно промена од тендер со каматни стапки во стапки на тендер со износи, како мерка за забавување на растот на кредитирањето и инфлацијата. Така во мај 2008 година, каматната стапка на благајничките записи изнесуваше 7,0%, што претставува пораст од 1,0 процентен поен во однос на април 2008 година. Во јуни 2008 година, беше воведен и инструментот задолжителен депозит за банките, кај кои растот на кредитирањето е над 40%. Сепак, имајќи ги во предвид причините за повисоката инфлација, мерките на монетарната политика се покажаа не многу ефикасни во намалувањето на инфлацијата, иако нивното влијание врз инфлационите очекувања е забележително.

Со цел ублажување на негативните ефекти од порастот на цените на нафтата, Владата на Република Македонија предложи пакет од 8 мерки за ублажување на последиците од порастот на цената на нафтата и нафтените деривати. Предложените мерки првенствено се насочени кон поддршка на земјоделците, транспортерите, македонските фирми, корисниците на автомобили и сите граѓани што на директен или индиректен начин се погодени од енормниот пораст на цената на нафтата. Ваквите мерки се слични на мерките кои различни европски земји ги

спроведуваат, со цел да ги намалат негативните ефекти од порастот на цените на нафтата, при што беа предложени следните мерки:

- За земјоделците што ја користат нафтата за сопствената механизација, со владините мерки се предвидуваат субвенции за нафта. Корисници ќе бидат сите евидентирани земјоделци (околу 70.000), кои пријавиле сопствено земјоделско производство. Субвенциите ќе бидат утврдени по единица обработлива површина, односно ќе зависат од големината на обработливата површина и проценетата потрошувачка на нафта за таа обработлива површина.

- Втората мерка е ослободување од обврската за плаќање акциза при увозот на автомобили на хибриден погон. Оваа стимулативна мерка за увоз на хибридни возила кои работат комбинирано на бензин и струја, односно бензин и гас ќе се одрази како на намалувањето на потрошувачката на бензин, така и врз животната средина поради намалената емисија на јаглероден диоксид, што е особено значајно во градските средини.

- За превозниците со владините мерки се предвидува намалување на вкупните трошоци за престој на терминал и вагање на транспортните возила, од сегашните 1.500-2.400 (зависно од видот на возилото) за 72 часовен престој на терминал, на само 600 денари вкупно за двете услуги (престој и вагање). Истовремено, ќе дојде до намалување на цените за користење на паркинг-просторот. Воедно, се предлага заедничко издавање сертификати за екостандарди, АТП-сертификат и други.

-За превозниците се предвидува и намалување на цената за регистрација преку измени на методот за пресметка на регистрација на камиони. Пресметката на овој надомест треба да се врши според тежината, односно носивоста на камионите, наместо според јачината на моторот како досега.

-Како директна мерка за поддршка на сите сопственици на патнички и товарни возила, се предвидува намалување на патарините за 20 отсто за возила од прва и втора категорија (патнички возила) и за 30 отсто за возила од трета и четврта категорија (патнички возила со приколка, џипови, комби, автобуси и товарни возила).

-За сите автомобили се предвидува користење на природниот гас и негова достапност во малопродажба. Природниот гас (ЦНГ) е високоеколошко евтино гориво независно од нафтата, чија главна состојка е метанот $CH_4$ (за споредба гасот ЛПГ е нафтен дериват кој зависи од нејзината цена). Сегашната цена на природниот гас изнесува 21,9 денари за кубен метар.

-Со цел намалување на трошоците за регистрација на сите моторни возила, се предвидува намалување на премијата за осигурување за 30 отсто, која како најголема ставка учествува во цената за регистрација на моторните возила.

Истовремено во функција на потикнување на вработеноста особено на млади лица, како и реинтеграција на невработени лица на кои им престанал работниот основ по основ на стечај, Владата на Република Македонија во рамките на останатите активни политики кои се применуваа досега, превзема мерки за субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување во првите 18 месеци од вработувањето на млади лица до 27 години, со услов да бидат вработени најмалку уште две години. Истата поволност се однесува и при вработување на лицата што останале без работа по основа на стечај, со цел стимулирање на нивното вработување и подобрување на економската состојба на оваа осетлива категорија на невработени. На ваков начин се обезбедува финансиска поддршка на

работодавачите за околу 5,000 вработувања по овој основ, намалување на вкупните трошоци и зголемување на бројот на вработени лица.

Имајќи ја во предвид старосната и квалификационата структура на невработените лица кои останале без работа поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, како и ограничената побарувачка на пазарот на работна сила, Владата на Република Македонија превзеде мерки за матерјално обезбедување на 6,000 невработени лица по овој основ на стечај и ликвидација од овие претпријатија, предвидувајќи соодветна законска основа и соодветен износ на средства. На ваков начин ќе се подобри матерјалната состојба на оваа категорија на невработени лица до нивно повторно вработување или пензионирање.

### 3.Остварување на Буџетот на Република Македонија

.Интензивирањето на економската и инвестициона активност во првата половина од годината и натамошното подобрување на економските перформанси како и успешното реализирање на реформите во целокупната даночна сфера, дадоа соодветен придонес во подобрена наплата на приходите и нивна солидна реализација, како и доволен простор за успешно имплементирање на амбициозните активности и проекти на оваа Влада. Истовремено со успешно спроведување и заокружување на процесот на фискална децентрализација, се обезбеди сеопфатно управување, следење, контрола и поголема транспарентност на јавните финансии.

Во периодот јануари-мај 2008 година ***изворните приходи на Буџетот на Република Македонија*** се реализираа во износ од 54,563 милиони денари, од кои 46,800 милиони денари се однесуваат на даночни приходи и социјални придонеси, односно 85,8% од изворните приходи.

Одличната реализација на *даночните приходи* во овој период од годината во висина од 43,1% го потврдува успешното спроведување на даночната реформа преку намалување на даночното оптоварување и поедноставување на даночните процедури, што обезбеди редовно и навремено уплаќање на намалените обврските кон државата од страна на даночните обврзници.

Во рамки на даночните приходи евидентна е позначнителна реализација кај приходите по основ на данок на добивка во износ од 81,7%, што пред се должи на аконтативното уплаќање од правните лица по годишен даночен биланс за претходната година, додека другите видови на даноци се реализираат согласно планираните проекции, при што во структурата на даночните приходи и понатаму е доминантно учеството на данокот на додадена вредност од 32%.

Приходите по основ на *персонален данок* се реализираа во износ од 3,391 милиони денари, при што во структурата на персоналниот данок на доход, вообичаено најголем дел од приходите се остварени од данокот на плати околу 60%, данок на примања остварени по основ на договор на дело околу 8%, данок на доход од приход од капитални добивки околу 7%, како и данок на други лични примања на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, трговци и други правни и физички лица, кои не се корисници и единки корисници на буџетот со околу 4%.

Приходите по основ на *данок на добивка* во овој период од годината се реализираа во висина од 4,295 милиони денари, што претставува 81,7% во однос на годишно планираните износи, при што најголем придонес има месечната аконтација на данокот на добивка и данокот на добивка по годишен даночен биланс.

*Данокот од додадена вредност* во овој период е реализиран во износ од 15,180 милион денари, односно 42% од вкупно планираното ниво, која реализација воглавно се должи на зголемената наплата на ДДВ при увоз на добра во земјата и зголемен поврат на ДДВ.

Приходите по основ на *царини* се реализираа во висина од 2,371 милиони денари, односно 32% во однос на иницијално планираните износи, пред се како последица на зголемување на степенот на либерализација. Имено во изминатите години приходите по основ на царини и посебни давачки во основа имаа опаѓачки тренд, што се должеше воглавно на намалувањето на номиналната царинска заштита иницирана од превземените меѓународни обврски со Договорот за слободна трговија, како и сукцесивното намалување на царинските стапки одредени според транзиционите периоди превземени со Законот за ратификација на протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската Трговска Организација.

*Другите даночни приходи* во петте месеци од годината се оствариja во зголемен износ од 1,082 милиони денари, што претставува 50% во однос на планираното ниво, од кои најзначајно учество имаат надоместоците што ги уплаќаат правните лица по основ на производство или увоз на тутунски производи штетни по здравјето, како и тутунски производи наменети за финансирање на дополнително земјоделско производство.

Кај даночните приходи кои буџетските корисници ги реализираат на сопствените сметки реализацијата е во рамките на нормалната динамика за овој период од годината, што во суштина значи потврда за подобрена наплата на даночните приходи и покрај намалените стапки.

Во однос на реализацијата на вкупните *придонеси за социјално осигурување* во овој период од годината евидентна е зголемена наплата во вкупен износ од 14.928 милиони денари, односно 45% во однос на планираните, во рамките на кои придонесите за вработување оствариja поинтензивна динамика од 48%, додека останатите придонеси се реализираа со околу 46%, што е секако резултат од имплементира-њето на новите процеси во наплатата на придонесите од плата кај Фондот за пензиско инвалидско осигурување и превземените контроли кај даночните обврзници.

Добрата реализација на персоналниот данок, особено на социјалните придонеси овој период од годината, се индиректни показатели за легализацијата на значителен дел од неформалното вработување што секако позитивно се одразува врз зголемувањето на вработеноста.

Во овој период од годината *неданочните приходи* се оствариja во износ од 6,801 милиони денари, или со позабавена динамика од 36% и истите воглавно се реализираа од уплата на профит од Народната Банка на Република Македонија, наплата на административни и судски такси, како и од приходи по основ на наплатени патаринии во Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта. Пониската реализација на неданочните приходи е пред се резултат на изостанување на приходи по основ на девидендата од АД Телеком, кои се очекуваат да се реализираат во повисок износ во втората половина од годината.

*Капиталните приходи* во овој период од годината се реализираа во повисок износ, односно 76,4% од планираното годишно ниво, што воглавно се должи на од зголемената продажбата на државното градежно земјиште, додека остатокот е реализиран од приходи од продажбата на станови,

Во рамките на вкупните приходи буџетските корисниции во овој период реализираа 349 милиони денари или 25,6% по основ на донации за финансирање на планираните проекти.

Во петте месеци од годината ***расходите на Буџетот на РМ*** го достигнаа нивото од 50,058 милиони денари или 37,3% од планираните, вклучувајќи ги и расходите кои буџетските корисници ги финансираа од сопствени извори, што генерално претставува пониска реализација од вообичаената за овој период од годината. Ваквата реализација на расходите која воглавно се должи на напорите за продолжување на рестриктивна буџетска потрошувачка и контролирано трошење на непродуктивните трошоци, е генерално позитивна од аспект на нивниот антиинфлаторен ефект врз зголемените трошоци на живот.

Во рамките на *тековните расходи* кои се остварија на ниво од 45.495 милиони денари, исплатени се вкупно 8.548 милиони денари за плати и надоместоци на вработените во јавната администрација, во кој износ е вклучен ефектот од зголемувањето на платите од минатата година и реализираното зајакнување на капацитетот на јавната администрација, согласно интегративните процеси со ЕУ.

Дисциплинираната буџетска потрошувачка особено е евидентна во реализацијата на *расходите за стоки и услуги*, кои се остварени со пониска динамика на реализација во износ од 32,4%, пред се како последица на строго контролирани трошења, особено на расходите за мебел и автомобили.

Доминантно учество во тековните расходи се однесува на социјалната компонента на Буџетот, изразена преку социјалните трансфери кои во овој период се оствари ја во износ од 30,079 милиони денари или 43,8%. Во овие рамки редовно се сервисираа обврските на државата во областа на загарантираната социјална заштита на специфичните категории на населението, за која намена се реализираа 1.686 милиони денари, од кои најзначаен дел се реализира за исплата на законските права во областа на социјалната заштита и тоа за парични надоместоци на социјално загрозените домаќинства и надоместоци по основ на детски додаток. Во овој период од годината се изврши и исплата на социјална помош за околу 10.000 најзагрозени семејства, со цел ублажување на последиците од покачувањето на цените, а истовремено се отворија и 29 народни кујни за обезбедување на топол оброк за најсиромашните слоеви на населението.

За редовна исплата на пензиите зголемени со ефектот од последното редовно зголемување од 4,45% и дополнително зголемување од 3,4%-13,15% во зависност од висината на пензијата, во овој период од годината се наменија 13.263 милиони денари за 277.961 корисници на пензија, со просечно ниво на пензија од 8.882 денари. Посебно за обележување за овој период од годината е подобрување на матерјалната и социјалната положба на корисниците на пензија, како резултат на примена на новото законско решение за усогласување на пензиите како и дополнителното зголемување на пензиите. Фондот за пензиско инвалидско осигурување покрај активностите сврзани со новите процеси за наплата на придонесите своите активности во овој период од годината ги насочи кон реализација на проектот за интегрирана наплата за сите социјални придонеси, со што ќе се овозможи обврзниците преку единствен образец и постапка, по електронски пат да ги доставауваат податоците за сите придонеси, односно ќе се обезбеди едношалтерски систем за наплата на социјални придонеси. Истовремено Фондот во изминатиот период редовно вршеше трансферирање на делот од придонесот кон приватните пензиски фондови за лицата зачленети во вториот пензиски столб. Трансферите до приватните пензиски фондови се реализираа во износ од 961 милиони денари. Според евиденцијата на Агенцијата за супервизија на капитално финансираните пензиски фондови во изминатите пет месеци од годината зачленети се нови 14.381 лица, со што вкупниот број на лица во приватните пензиски фондови достигна ниво од 177.034 лица.

За исплата на паричен надоместок на невработените лица преку Агенцијата за вработување се наменија 640 милиони денари за материјално обезбедување на 24.159 лица што претставува намалување за 527 лица во споредба со декември минатата година. Покрај редовната и навремена исплата на надоместоците на невработените лица, Агенцијата за вработување во овој период продолжи со успешното имплементирање на активните мерки за вработување, спроведување на проектот за самовработување со кредитирање, како и редовни обуки за преквалификација и доквалификација на невработените лица.

Средствата за финансирање на здравствените услуги и надоместоци се реализираа во износ од 7.639 милиони денари што е над планираната динамика за овој период од годината, поради зголемениот вид и обем на здравствени услуги. Фондот за здравствено осигурување во овој период од годината го продолжи

реформскиот пат за имплементација на започнатите реформи, тековно ги сервисираше достасаните неизмирени обврски за лекови и медицински потрошен материјал во јавните здравствени установи, при што целосно се измирија долговите со рок на доспеаност над 60 дена. Што се однесува до неизмирените обврски на јавните здравствени установи утврдени во износ од 1.540 милиони денари, значајно е дека истите се намалени за 80 милиони денари во однос на декември минатата година. Позитивните резултати постигнати во намалувањето на долгот во здравствениот сектор се резултат на успешно реализираните реформи, подобрување на менаџментот во користењето на расположивите средства и зајакнување на финансиските контроли. Имено, целосно е заокружена приватизацијата во примарното здравство, успешно се реализирани обуките за здравствен менаџмент на преку 600 учесници, лекари и економисти, воведени се единствени цени на лекови и започнаа активности за примена на плаќање на здравствени услуги според дијагностички сродни групи (ДРГ). Исто така, беа формирани два нови медицински факултети во Штип и Тетово, започнаа подготвителни активности за реализација на Проектот за реконструкција на болниците, отварање на нови амбуланти во руралните средини и се распиша меѓународниот тендер за набавка на медицинска опрема.

Во рамки на другите трансфери од Буџетот на Република Македонија, редовно се трансферираа дотациите до единиците на локална самоуправа, при што во овој период од годината 400 милиони денари од приходот од данок на додадена вредност се трансферира на локално ниво. Остатокот се блок дотации за финансирање на пренесените надлежности (исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци) во вкупно 57 општини кои преминаа во втора фаза на децентрализација, наменски дотации за финансирање на материјалните трошоци во локалните јавни установи, како и наменските дотации за плати и надоместоци на вработените во противпожарните единици на општините. Во овој период од годината се реализираа и активностите за доделување на субвенции во земјоделието, при што целосно се реализираа субвенциите за откуп на тутунот, првата исплата на субвенциите за откуп на растително и сточарско производство, а во тек се и субвенциите за откуп на млеко производителите и органското производство. Во рамките на активностите за изградба на современ земјоделски сектор се превземаа и активности за обезбедување на сигурен пласман на земјоделските производи преку привлекување на познати и реномирани странски партнери за откуп на македонските земјоделски производи. Во тек се активностите за воспоставување на директни контакти со откупувачи од Русија, Украина и Белорусија, а до крајот на годината се планира изградбата на голем откупен центар во Струмица и Росоман од страна на хрватската компанија Агрокор во соработка со ЈП Агроберза, во кој проект Владата на Република Македонија учествува како партнер со обезбедување на државно земјиште и инфраструктура.

За редовно сервисирање на обврските по основ на *камати* во истиот период се наменија 818 милиони денари согласно амортизационите планови за домашно и надворешно задолжување, од кои 337 милиони денари се однесуваа на камати по надворешно задолжување.

*Капиталните расходи* се реализираа на ниво од околу 4.563 милиони денари што е помалку во однос на планираната динамика за овој период од годината, која реализација придонесе до реализирање на суфицит во Буџетот на Република Македонија во износ од 4.505 милиони денари. Реализирањето на суфицит за овој период од годината е вообичаено особено во услови на одлична реализација на сите видови даночни приходи, рестриктивна буџетска потрошувачка и позабавена реализација на капитални расходи, воглавно сврзана со сезонскиот карактер на капиталните проекти, потребното време за распишување на тендери и вгремето за склучување на договори за кредити со меѓународните финансиски организации.

Во овој период од годината Фондот за патишта реализираше 1.262 милиони денари за финансирање на градежни работи, при што главните инвестициони активности се однесуваа на завршување на патната обиколница околу Скопје прва и втора фаза, како и одделни патни правци и тоа: трета лента на Плетвар на патниот правец Прилеп – Градско и Жировница- Бошков мост, тековно и инвестиционо одржување на магистралните и регионалните патишта, одржување на локалните патишта, како и активности сврзани со експропријација на земјиште и подготовка на проекти.

Истовремено во овој период започнаа да се реализираат и планираните капитални проекти во одделни сектори и тоа; изградбата на 16 од предвидените 50 фудбалски игралишта, пуштени се во употреба 5 нови спортски сали од вкупно предвидените 35, завршена е изградбата на спортската сала "Борис Трајковски", купени се објектите за амбасади во Прага и Виена, започна изградбата на амбасадата во Анкара, во тек е постапката за потпишување на договори за купување на амбасади во Мадрид, Софија и Тирана, со што на долг рок се заштедуваат девизни средства за кирии. Во областа на културата во тек е изградбата на Стариот театар, изградба на музејскиот комплекс Македонска борба – Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунизмот, Спомен куќата на Мајка Тереза, доградба на НУБМ "Свети Климент Охридски", како и реализација на проектите 120 тома македонска книжевност, преводи на стручни научни книги и учебници од врвните универзитети од САД и Англија, како и превод на литературни дела добитници на Нобелова награда. Во областа на образованието продолжи со реализација најголемата инвестиција на проектот Компјутер за секој ученик со кој се обезбедија околу 18.000 персонални компјутери за сите основни и средни училишта, и се покрија 2/3 од вкупните потреби на училиштата, како и инвестиции во подобрување на инфраструктурата во образованието, санирање на сите санитарни јазли, обновување на училишниот инвентар и реновирање на студентските домови.

Во рамките на реализираните приливи во овој период се оствариja приливите по основ на концесија во износ од 617 милиони денари и по основ на повлекувања на странски заеми во износ од 753 милиони денари, како и реализираното зголемување на депозитот во Народната банка на Република Македонија во износ од 3.369 милиони денари, со кои се обезбеди редовна отплата на главницата по надворешниот и внатрешниот долг на Република Македонија во износ од 2.619 милиони денари.

## 4. Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2008 година и фискална политика до крајот на годината

Поставените цели на фискалната политика изразени преку ***Измените и дополнувањата на Буџетот за 2008 година*** остануваат во рамките на иницијалните политики дефинирани со Буџетот за 2008 година, дополнети со нови политики во функција на амортизирање на инфлацијата поттикнување на вработувањето и намалување на последиците од зголемените цени на нафтата, кои во крајна линија се дизајнирани во насока на одржување на макроекономската стабилност, стабилизирање на нивото на јавниот долг и релаксирање на монетарната политика. Истовремено следејќи ја реализацијата на приходите и расходите во изминатиот период од годината, се наметна потребата од соодветно прилагодување на приходната страна и буџетските апропријации на расходната страна. При тоа во втората половина од годината продолжува процесот на успешно спроведување на фискална консолидација започнат во изминатиот период изразен преку низок и контролиран фискален дефицит.

Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, односно соодветното ревидирање на реализацијата на приходите и расходите се темелат на следните претпоставки:

-Зголемена реализација кај скоро сите видови даночни приходи;

-Очекувано поголемо ниво на уплата на дивидендата од АД Македонски телекомуникации, како и очекувани зголемени приливи од концесии и приватизација;

-Обезбедување на средства за реализација на политиките за поттикнување на вработувањето на млади лица и матерјално обезбедување на невработени лица по основ на стечај;

-Обезбедување на средства за ублажување на последиците од зголемувањето на цената на нафтата;

-Усогласување на буџетските апропријации за каматите и отплатата со извршените трансакции во делот на надворешниот долг во првата половина на годината.

Согласно наведените претпоставки, со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, ревидирани се иницијалните проекции на приходите и расходите, при што се предвидува фискалната политика до крајот на 2008 година да се реализира во рамки на зголемени расходи од 150.371 милиони денари, кои ќе се финансираат од оценетите изворни приходи на ниво од 144.706 милиони денари. Со оваа проекција на приходи и расходи, дефицитот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година е оценет на ниво од 5.665 милиони денари, што е во рамките на 1,5% од планираниот бруто домашен производ, Одржувањето на ова ниво на дефицит, како јасно дефинирано фискално сидро ќе има позитивен антиинфлаторен ефект врз стабилизирањето на цените, значителна поддршка на режимот на фиксен девизен курс и зголемување на кредибилитетот на државата во меѓународни рамки. Во рамките на планираниот дефицит на консолидираниот буџет вклучен е дефицитот на централниот буџет (0,08% од БДП) и дефицитот на буџетот на Фондот за патишта (0,34% од БДП), дефицитот на Фондот за ПИОМ (0,53%) и дефицитот од проектите финансирани од странски кредити (0,53%).

## Буџет на Република Македонија за 2008 година

| | Буџет 2008 | Ребаланс Буџет 2008 |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***128.740*** | ***144.706*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **107.287** | **118.803** |
| Даночни приходи | **74.070** | **81.049** |
| Придонеси | **33.217** | **37.754** |
| **Неданочни приходи** | **18.779** | **22.293** |
| **Капитални приходи** | **680** | **1.284** |
| **Донации** | **1.994** | **2.326** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | ***134.280*** | ***150.371*** |
| **Тековни расходи** | ***112.845*** | ***123.409*** |
| Плати и надоместоци | *23.204* | *22.979* |
| Стоки и услуги | *18.695* | *21.494* |
| Трансфери до ЕЛС | *9.548* | *10.461* |
| Субвенции и трансфери | *6.032* | *8.047* |
| Социјани трансфери | *53.057* | *57.717* |
| Каматни плаќања | *2.309* | *2.712* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Капитални расходи** | | **21.435** | **26.962** |
| **ДЕФИЦИТ** | | **-5.540** | **-5.665** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | | **5.540** | **5.665** |
| **Прилив** | | ***12.523*** | ***12.919*** |
| | Домашни извори | 4.200 | 6.160 |
| | Странски извори | 4.945 | 5.463 |
| | Депозити | 3.378 | 1.296 |
| **Одлив** | | ***6.983*** | ***7.254*** |
| | Отплати на странско задолжување | 1.749 | 1.974 |
| | Отплати на домашно задолжување | 5.234 | 5.280 |

## 4.1 Измени и дополнувања на Централниот буџет за 2008 година

Со Измените и дополнувањата на Централниот Буџет за 2008 година ***изворните приходи*** се планирани на износ од 103.538 милиони денари, или 11.153 милиони денари повеќе во однос на иницијалните проекции. Проекцијата на изворните приходи до крајот на годината воглавно се базира на одличната реализација на приходи во првата половина од годината и очекуваните макроекономски индикатори, имајќи ги во предвид ефектите од:

-Успешно спроведените реформи во даночната сфера изразени преку поедноставување и скратување на даночните процедури и ефектите од функционирање на Канцеларијата за големи даночни обврзници во рамките на Управата за јавни приходи, кои ги дадоа првичните резултати изразени преку зголемена наплата на приходите. Истовремено ќе се продолжи со континуирано усогласување на домашното со европското законодавство во областа на индирекните даноци.

-Продолжување со активности насочени кон понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на оперативниот капацитет на царинскиот орган во имплементација на царинското законодавство и борба против граничниот криминал. Со воведување на системите за инспекција на стоки (скенери) и имплементација на едношалтерскиот систем, односно скратување на постапките и документите потребни при увоз и извоз на стоки, ќе се обезбеди навремено и ефикасно прибирање на царинските приходи и спречување на внесување на нелегална стока, односно сузбивање на прекуграничниот криминал.

-Хармонизација на минималните основици за плаќање на социјални придонеси и интегрираната наплата на сите видови придонеси и персоналниот данок на доход од страна на една од надлежните институции, во голема мера ќе ги намали трошоците за работење и ќе ги поедностави постапките и трошоците за администрирање.

Врз овие основи даночните и царински приходи за 2008 година се оценети во износ од 80.328 милиони денари и истите се базираат на досегашните реални остварувања за во првата половина од годината кои значително се реализирани над планираните очекувања за 10,25%.

Приходите од персоналниот данок на доход за 2008 година се предвидува да изнесуваат 8.900 милиони денари, што претставува зголемување за 5,7% во однос на планираните за овој период, додека по основ на данокот на добивка се планираат приходи во висина од 9.000 милиони денари што претставува надтфрлање на планот во износ од 61,6% .

Ваквата реализација на данокот на добивка и персоналниот данок, како и нивната преоценка за до крајот на годината во суштина ја потврдуваат правилната

реформска определба на Владата за намалување на даночното оптоварување, односно воведувањето на рамниот данок. Спроведувањето на оваа даночна реформа во Буџетот на РМ не предизвика никакви нарушувања, туку напротив овозможи зголемување на даночните приходи со стимулирање на даночните обврзници за навремено и целосно исполнување на нивните намалени обврски кон државата.

Преоценетите приходи од данокот на додадена вредност во 2008 година изнесуваат 38.661 милиони денари и се 932 милиони денари поголеми во однос на планот предвиден за овој период од годината, што дава реална можност за нивна преоценка на значително повисоко ниво до крајот на годината.

Приходите од акцизи до крајот на годината се оценети во висина од 13.637 милиони денари, односно истите се планирани на незначително повисоко ниво од 150 милиони денари.

При проекцијата на приходите по основ на царини се имаше во предвид опаѓачкиот тренд во изминатиот период, како и ефектите од ангажманот на Crown agents и зголемената вредност на редовниот увоз како дополнителен инпут параметар, што ја потврди нивната реална оценка.

Повисокото ревидирање на вкупните приходи се должи и на ревидирањето на неданочните приходи, планирани во износ од 15.896 милиони денари, а пред се поради повисокото очекувани приходи од дивиденда од АД Македонски телекомуникации во однос на планираната со Буџетот за 2008 година, како и ревидирање на неданочните приходи кои буџетските корисници ги остваруваат на сопствените сметки.

Со Измените и дополнувањата на Централниот Буџетот ***вкупните расходи*** се планирани во висина од 105.887 милиони денари или за 9.305 милиони денари повеќе во однос на иницијалниот буџет. Структурно набљудувано тековните расходи се ревидирани на ниво од 81.901 милиони денари, односно зголемување од околу 5% во однос на првично планираните, додека капиталните расходи се ревидирани на ниво од 23.986 милиони денари, што претставува зголемување од 28% во однос на планираните. Зголемувањето на расходите се должи на потребата од буџетирање на дополнителни расходи и тоа:

-во делот на платите за имплементација на Законот на државни службеници со цел стимулирање на државните службеници, обезбедени се дополнителни средства за исплата на додаток за кариера,

- со цел подмирување на доспеани неизмирени обврски, особено во делот на комуналните и договорните услуги обезбедени се дополнителни средства за материјални расходи,

- со цел унапредување на информатичко-комуникациски технологии обезбедени се дополнителни средства за формирање на ново Министерство за информатичко општество, во рамките на кое предвидени се средства за имплементација на проектите е-услуги, Документационен менаџмент систем и Електронска здравствена картичка,

-со цел поголема мотивација на државните службеници, преку имплементација на законски одредби од Законот на државни службеници, обезбедени се дополнителни средства за исплата на додаток за кариера. Спроведувањето на овие одредби од Законот за државни службеници ќе започне од 1.09.2008 година и претставува една од мерките насочени кон исполнување на реперите (бенчмаркс) за приближување на Република Македонија кон Европската унија;

- во делот на образованието обезбедени се дополнителни средства за имплементација на задолжителното средно образование, комплетна имплементација на Проектот Компјутер за секое дете, бесплатни учебници за социјално загрозените семејства отпочнување на функционирање на новите факултети и Универзитет за информатика, за бесплатен интернет пристап во

студентските домови и за унапредување на научно-истражувачката работа во република Македонија,

- со цел намалување на средствата за закупнини во ДКП-ата обезбедени се дополнителни средства за купување на амбасадата во Лондон и канцелариите за врски во Токио и Казахстан,

-за подобрување на водоводно канализационите системи во приградските населби обезбедени се дополнителни средства во повеќе општини,

-за имплементација на преземените мерки за ублажување на последиците од зголемувањето на цената на нафтата за земјоделците и целокупното население,

-ефекти од примена на законските решенија за вработување на млади лица до 27 години и вработување, како и материјално обезбедување на невработени лица од претпријатијата со доминантна државна сопственост.

Во текот на 2008 година редовно и навремено се обезбедуваат трансфери од Буџетот на Република Македонија за пренесените надлежности на општините согласно утврдените критериуми во донесените уредби за методологија за распределба на наменските и блок дотациите во областа на образованието - основни и средни училишта, културата, социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари лица и противпожарните територијални единици.

Финансирањето се врши со наменски дотации во општините кои сеуште не ги исполнија условите и со блок дотации во 62 општини кои по извршената евалуација на исполнетоста на условите за втората фаза на фискалната децентрализација во јули 2008 година ги исполнија условите за премин.

Ревидираните проекции на приходите и расходите на централниот буџет не предизвикуваат поместувања кај дефицитот на централниот буџет, односно со измените и дополнувањата истиот изнесува 2.349 милиони денари, односно го задржува нивото од 0,6% од планираниот БДП за 2008 година.

Финансирањето на планираниот буџетски дефицит и редовното сервисирање на обврските по основ на домашниот и надворешниот долг, ќе се обезбеди воглавно од домашни извори, односно од планираните приливи од приватизација, концесија и од емисијата на државните хартии од вредност, при што до крајот на годината ќе се обезбеди и зголемување на депозит во износ од 700 милиони денари.

## ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се превземаат во насока на стимулирање на економскиот раст, забрзување на структурните реформи и обезбедување на стабилно и безбедно опкружување. Тие се опишани во неколку документи: Договорот за партнерство со Европската унија, извештаите за макроекономската и фискалната политика на Владата, претходните аранжмани со ММФ, повеќето документи за заеми од Светската банка, Рамковниот договор итн.

Владините програми претставуваат тековни владини приоритети и активности или пак посебна компонента на тие активности и се адаптирани во согласност со одлуките на Владата. Финансирањето на владините програми се обезбедува од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни институции. Во многу случаи, утврдените владини програми предизвикуваат промена на редовната работа на министерствата како последица на промената на приоритетите. Најдобар пример за тоа е Министерството за одбрана, каде што голем дел од оперативните политики и процедури се променети во насока на исполнување на стандардите за влез во НАТО.

Буџетската политика за 2008 година има за цел да обезбеди информации за користењето на средствата и опис на програмите, како резултат на моменталната визија, како и следење на успешноста во исполнувањето на овие цели на крајот на буџетската година.

| **Про-грама** | **Назив** | **Општ буџет од централни приходи** | **Буџет на дотации и донации** | **Буџет на самофинан-сирачки активности** | **Буџет на заеми** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Децентрализација | 10.460.758 | 0 | 0 | 0 | 10.460.758 |
| Б | Мерки за намалување на сиромаштијата | 282.697 | 14.100 | 106 | 112.669 | 409.572 |
| В | Унапредување на одбраната и безбедноста | 439.077 | 0 | 0 | 0 | 439.077 |
| Г | Јакнење на владеење на правото | 173.506 | 319 | 80 | 122.620 | 296.525 |
| Д | Економски развој | 2.115.545 | 419 | 6.000 | 91.965 | 2.213.929 |
| Е | Реформа на земјоделството | 11.839 | 0 | 0 | 0 | 11.839 |
| Ѕ | Реформа на образованието | 28.400 | 288.467 | 0 | 60.471 | 377.338 |
| И | Реформа на здравството | 22.000 | 0 | 871 | 122.000 | 144.871 |
| Ј | Реформа на пензискиот систем | 2.310.000 | 0 | 25.435 | 0 | 2.335.435 |
| К | Реформа на јавната администрација | 545.379 | 146.400 | 0 | 0 | 691.779 |
| Л | Реформа на катастар и регистрација на недвижности | 58.900 | 0 | 0 | 214.585 | 273.485 |
| М | Интеграција во ЕУ | 132.981 | 68.367 | 0 | 0 | 201.348 |
| Н | Информациски и комуникациски технологии | 291.000 | 0 | 0 | 0 | 291.000 |
| | **ВКУПНО** | **16.872.082** | **518.072** | **32.492** | **724.310** | **18.146.956** |

**ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ**
**(вкупен износ, во илјади ден. 18.146.956)**




Во посебниот дел на Буџетот за 2008година, индивидуалните програмски компоненти кои се извршуваат од страна на буџетските институции се прикажани како програми кај одделните буџетски институции. Во продолжение се резимирани владините програми.

## А. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет заради стимулирање на економскиот раст, подобрувањето на образовниот и културниот развој на општините и обезбедувањето на локалните услуги, се јавува како приоритет според Рамковниот договор и Договорот за партнерство во ЕУ. Повеќе меѓународни институции и влади на други држави обезбедија техничка и финансиска помош во процесот на спроведувањето на децентрализацијата.

Општините презедоа надлежности во повеќе области кои се особено значајни за населението, со што им се зголемија и обврските за јакнење на капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства, кои со законите им се доделени за реализација на нивните изворни и пренесени надлежности.

Оваа програма се реализира преку две *потпрограми А0-Децентрализација* и *А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС*. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвиден е фазен пристап на фискалната децентрализација и оценување на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза по периодот од најмалку 24 месеца од започнувањето. Во областите на образованието, културата, детската заштита и

згрижувањето на стари лица со пренесувањето на надлежностите и извршената евалуација на исполнетоста на условите за втората фаза на фискалната децентрализација во јули 2008 година со блок дотации се финансираат 62 општини. Во 2008 година ќе продолжи евалуацијата на општините за премин во втората фаза на фискалната децентрализација.

Надлежностите пренесени во дејностите од културата целосно се финансираат преку Министерството за култура за расходите поврзани со програмите за локалните културни установи, согласно со критериумите утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија, односно со наменски и блок дотации.

Надлежностите во општествената заштита на децата и социјалната заштита се финансираат за пренесените надлежности во овие дејности со наменските и блок дотации врз основа на критериуми утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините во рамките на дејноста на основното и средното образование се врши со наменска и блок дотација врз основа на критериуми утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на платите, додатоците од плати и надоместоците за вработените во територијалните противпожарни единици кои се пренесени на општините се врши преку Министерството за внатрешни работи во согласност со утврдени критериуми во уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на пренесените надлежности во општините во областа на образованието - основни и средни училишта, културата, социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари лица и противпожарните територијални единици во текот на 2008 година се врши самостојно преку наменски и блок дотации. Износите на средства за финансирање на расходите со наменски и блок дотации обезбедуваат непречено извршување на овие надлежности. (Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

## Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето, подобрување на системот за социјална заштита во земјата, како и посебни проекти за подобрување на условите за живеење во неразвиените подрачја.

Програмата Б - Мерки за намалување на сиромаштијата, ги опфаќа следниве потпрограми:

*Потпрограма Б1 - Поттикнување на вработувањето*- во рамки на оваа потпрограма планирани се активностите за реализација на *Оперативниот план за активни мерки за вработување*. Во изминатиот период од годината надлежните институции превземаа активности за реализација на програмата за поддршка за формализирање на постојните бизниси за 107 лица. Заклучно со јуни по овој основ се пријавени и се врши селекција на 120 невработени лица. Истовремено, во овој период од годината во соработка со УНДП, АВРМ и АППРМ се реализираше и мерката помош за самовработување на 500 млади невработени лица до 27 годишна возраст, невработени жени евидентирани во АВРМ повеќе од две години и долгорочно невработени лица. Со оваа мерка се пријавени и се врши селекција на 800 невработени лица. Во тек се активностите за субвенционирање на вработување на самохрани родители, постари лица (од 55 до 64 години), деца без родители (опфатени се 205 лица). Обезбедени се средства за:

субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување за вработување на млади лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај во претпријатијата со доминантна сопственост на државата (планирано е да се опфатат 5.000 лица) и за материјално обезбедување на 6.000 невработени лица заради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во период од 2000 до 2004 година.

*Потпрограма Б2 - Реформа на системот на социјална заштита* - проект финансиски поддржан со заем од Светска банка. Во изминатиот период отпочна развојот на техничка спецификација и функционални барања за деловните процеси за донесување на решенија за остварување на права и исплата на пензии што претставува основа за набавка на софтвер со кој ќе се постигне целосна автоматизираност на деловните процеси од областа на пензиското и инвалидското осигурување. Со консултантска помош е осмислен системот за безбедност на Фондот на ПИОМ и следствено отпочната е набавка на потребната опрема. Во тек е ангажирањето на три локални ИТ консултанти за поддршка на Фондот на ПИОМ во процесите за прилагодување на софтверските решенија во пресрет на процесот на хармонизација на придонесите. Спроведени се обуки на вработените од областа на ИТ, специјализирани обуки за размена на искуства со други земји кои имаат спроведено реформа на пензискиот систем како и обуки од областа на менаџментот.

Во функција на развој на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување (МАПАС), набавена е дополнителна опрема за јакнење на хардверската инфраструктура за прифаќање на процесите од третиот пензиски столб со што е заокружен процесот на автоматизирана вонтеренска супервизија на друштва за управување со приватни пензиски фондови.

Во рамките на *потпрограмата Б3-Електрификација на села*, продолжуваат активностите за спроведување на електрична енергија во неразвиените рурални подрачја заради поттикнување на задржувањето на семејствата во селата или нивно враќање во истите.

Во рамки на *потпрограмата ББ - Ревитализација на села* предвидено е средствата да се користата за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата и изградаба и реконструкција на системи за наводнување. Во текот на 2008 година од општините, месните и водни заедници доставени се вкупно 61 барање за доделување на средства и склучени се 20 договори за реализација на предвидените средства со програмата.

## В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е да помогне во одржувањето на одбранбените мерки на Република Македонија, зајакнување на безбедноста и поттикнување на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи да продолжат со неопходните активности за влез во НАТО, со реформите на вооружените сили и со обука на полицијата. Програмата В - Унапредување на одбраната и безбедноста ги опфаќа следниве потпрограми:

Во рамките на *потпрограмата В2-Интеграција во НАТО* во Министерството за одбрана продолжуваат активностите за опремување на декларираните единици на АРМ за учество на мировни и хуманитарни мисии надвор од земјата и реализација на планираниот обем на модернизација на опремата и набавка на нова опрема. Во текот на 2008 година Република Македонија учествуваше во мировните мисиите предводени од НАТО, во

Босна и Херцеговина (АЛТЕА); а во Ирак и Авганистан придонесе во борбата против тероризмот и поддршка на мирот во завојуваните подрачја, како и учествуваше со претставник на АРМ како воен набљудувач во мисија на Обединетите нации во Либан.

Во *потпрограма В2-Интеграција во НАТО* во рамките на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации интензивно се работеше на воспоставување на стандардите кај сите субјекти корисници на странски национални класифицирани информации, извршени се инспекции за исполнетоста на условите за работа со класифицирани информации. Во континуитет се врши прием на странски класифицирани информации од НАТО и ЕУ, нивна обработка и дистрибуција кои по обемот и степенот на класификзаација се во значителен пораст. Во делот на меѓународната соработка, усогласени се текстовите на билатералните договори за размена на класифицирани информации со повеќе земји.

Во рамките на *потпрограмата В2-Интеграција во НАТО* во Министерството за внатрешни работи реализирани се активности на експертско ниво поврзани со конференции и семинари согласно акциониот план за членство во НАТО и годишната национална програма и проценка на активности поврзани со исполнување на партнерските цели (досега се реализирани три работни средби: во Брисел по однос на Годишната национална програма за членство во НАТО и Партнерските цели), вежба за кризен менаџмент ЦМХ-08 во Охрид, средба на национални безбедносни авторитети во Охрид, склучување на Спогодби за размена на класифицирани податоци во Естонија и Словачка со истите држави, планирачка конференција ЦМХ -09 во Грција, две Планирачки конференции за СЕСИМ во Софија, Бугарија. Воедно, реализирани се активности предвидени во врска со присуство на курсеви, семинари потребни за реализација на индивидуалната партнерска програма за членство во НАТО (досега се реализирани четири курса од кои еден во Анкара – Турција, еден во Тирана – Албанија, еден во Црна Гора и еден во Охрид). Учествувано е на една здружена вежба со шест полициски службеници “ПОПЛАВА - 08”, во организација на ЦУК.

## Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е реализирање на антикорупциските иницијативи на Владата; продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд; борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството.

*Потпрограмата Г3 - Одделение за борба против организираниот криминал* ги опфаќа расходите поврзани со Јавното обвинителство, односно Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата. Во текот на 2008 година ова одделение постапуваше против сторители на кривични дела од структурирана група или злосторничка организација, сторители на дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори, перење пари и други приноси од казниво дело од поголема вредност, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, давање поткуп од значителна вредност, незаконито влијание врз сведоци, злосторничко здружување, терористичка организација, тероризам, трговија со луѓе, криумчарење со мигранти, трговија со малолетни лица.

Гонењето на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, Одделението го врши во соработка со други надлежни државни органи, одделенија од други земји и во координација со Јавниот обвинител на Р.Македонија. Во текот на 2008 година земено е

учество во меѓународни мрежи на јавни обвинители од регионален и поширок карактер и обезбедена е правна помош во областа на организираниот криминал и корупцијата.

*Потпрограмата Г5-Академија за обука на судии и обвинители* ги опфаќа расходите поврзани со Академијата за обука на судии и обвинители. Основањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители како јавна установа, е со цел преку компетентно, независно, професионално, непристрасно и ефикасно вршење на судската функција, вршење на селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидати за судии и јавни обвинители во основните судови/основните обвинителства и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители и на судските и обвинителските службеници.

Во текот на 2008 година постигнати се следните резултати: во рамките на почетната обука за идни судии и обвинители реализирани се приемните испити за прием на втора генерација кандидати за обука за идни судии и обвинители; завршување на почетна обука на првата генерација кандидати за обука на идни судии и обвинители; реализирање на активности за континуирана обука на судии, јавни обвинители и судско-обвинителски службеници.

Во рамки на *потпрограмата ГА-Реформа на судството* продолжуваат активностите за подобрување на судската ефикасност и ефективност, како и на деловната клима преку: 1) зајакнување на судските и на капацитетите на министерствата за систематска имплементација на Стратегијата за реформи во судството, како и на законите што влијаат на судството и 2) подобрување на судската инфраструктура.

Во делот на градењето на судските и министерските капацитети, завршена е реализацијата на договорот со избраната фирма за консултантски услуги за напредна обука на вработените во Државниот управен инспекторат.

Во делот на подобрувањето на судската инфраструктура, градежните работи за реновирање и проширување на просторот на Судскиот совет на РМ се завршени и направен е технички прием на објектот, а исто така завршена е и набавката на предвидениот мебел за просториите на Судскиот Совет. Исто така од страна на консултантите за изработка на проекти и вршење надзор на градежни работи за реновирање на основните судови во четири апелациони подрачја - Скопје, Штип, Битола и Гостивар, доставени се идејните решенија, главните проекти и тендерската документација и истите се исплатени. Набавен е мебел и ИТ опрема и телефонска централа за потребите на Управниот суд и за проширувањето на Судскиот совет на РМ. Во делот на зголемувањето на судските системи за информатичка технологија, по успешно реализираната обука на вработените во Државниот управен инспекторат за користење на информатичка технологија во декември 2007 година завршен е и вториот дел од обуката од истата област.

Во наредниот период се планираат следните активности: во делот на подобрувањето на судската инфраструктура, се очекува да отпочне и вршењето на градежни работи за реновирање и адаптација на Основните Судови по апелациони подрачја - Скопје, Штип, Битола и Гостивар. Во тек е набавка на судски мебел за потребите на Основен суд Прилеп од страна на избраната компанија и се очекува истиот да биде доставен. Во делот на нова судска зграда се очекува измена на Деталниот урбанистички план, согласно барањата од физибилити студијата. Тендерската постапка за избор на компанија за изработка на проектна документација за нова судска зграда и проектна документација за реновирање на Основен суд Скопје 1, ќе продолжи со доставување на барање за понуда до понудувачите од кратката листа, откако кратката листа и барањето за понуда ќе бидат одобрени од Светска Банка. Во делот на зголемувањето на судските системи за информатичка

технологија, планирана е изработка на работни задачи и квалификации на фирма за полнење со податоци на LDBIS**.** Се очекува изработка на тендерска спецификација за надоградба на СИС и се планира имплементација на Стратегијата за информатичка технологија.

*Потпрограмата ГБ-Борба против корупција и организиран криминал* ги опфаќа планираните активности за 2008 година предвидени со Акцискиот план за борба против корупцијата како еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија.

Акцискиот план за борба против корупцијата ги опфаќа мерките и активностите во надлежност на министерствата, органите на државната управа и другите државни органи во надлежност на Владата на Република Македонија кои имаат за цел спречување на корупцијата и организираниот криминал во следните области: политички систем, Собрание и политички партии, правосудство, јавна администрација и локална самоуправа, органи за спроведување на законот-надзорни тела, економски и финансиски систем, приватен сектор, граѓанско општество, медиуми и синдикати. Реализацијата на мерките и активностите од Акцискиот план за борба против корупцијата ќе придонесат: да се ревидира законодавството за употреба на специјалните истражни мерки во делот на кривичните дела поврзани со корупцијата, да се донесе програма за конфликт на интереси, да се постигнат резултати од примена на новите измени на Законот за спречување на корупцијата во врска со имотната и материјалната состојба итн.

## Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел намалување на процентот на невработеност во Република Македонија преку поттикнување на нови вработувања, Владата на Република Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор.

Во *потпрограмите Д1-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија* и *Д9-Поддршка на претприемништвото* продолжуваат активностите за поддршка на мали и средни претпријатија, активностите за воспоставување на поволна клима за развој на претприемништвото и развој на соодветна институционална и бизнис инфраструктура за поддршка на иновативноста, извозната ориентација и соработката во секторот на мали и средни претпријатија, развој на инструменти за финансиска и нефинансиска поддршка за потикнување на претприемништвото. Во текот на 2008 година изработена е ревидирана Национална Стратегија за развој на мали и средни претпријатија (2002-2013), направена е измена и дополнување на Законот за занаетчиска дејност, изработен е и Национален извештај за европската поделба на малите претпријатија. Во насока на подршка и развој на МСП предвидено е кофинансирање на трошоците за формирање на нови бизнис центри во општините, кофинансирање на Европскиот информативен иновативен релеен центар во Македонија (проектот е кофинансиран и од ЕУ преку ЦИП програмата 2007-2013), кофинансирање на трошоците на бизнис инкубатори и кофинансирање на трошоците на кластерите. Се предвидува постојниот Еуро-инфо коресподентен центар, согласно препораките на Европската комисија до крајот на годината да биде интегриран во центарот за пренос на информации.

Преку *потпрограмата Д3-Преструктуирање на претпријатијата загубари,* континуирано се реализираат активностите за исплата на паричен надоместок по основа на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им

престанал работниот однос при преструктуирањето на претпријатијата - загубари.

Преку *потпрограмата Д4 - Економска промоција* во рамки на Владата на Република Македонија реализирани се активности меѓу кои и обезбедување на бесплатна обука за користење на компјутери за сите заинтересирани граѓани на Република Македонија, бесплатен интернет пристап на територијата на Република Македонија и слично. Превземани се ангажмани и активности во насока на проучување на постојната клима за инвестирање преку идентификување на најразличните форми на пречки во економијата, правниот и политичкиот систем. Во рамки на Министерството за економија се реализираат активностите за етаблирање на македонските брендови преку поддршка на домашните производи, се реализираат активностите за превземање на мерки и активности за зголемување на конкурентноста на македонските производи преку давање поддршка во прилагодувањата на претпријатијата и нивно приспособување на пазарните услови на работење, поддршка на претпријатијата при воведување на ИСИ и ХАСАП стандардите, дизајн на производи, интернет конекција и информатичка обука на вработените во претпријатијата. Продолжуваат активностите за подобрување на бизнис климата, зголемување на инвестиционата активност, изработка на промотивни материјали, промоции и презентации во странство, учество на бизнис форуми, маркетинг истражувања, организирање на кампањи за промоција на земјоделски производи и пијалоци, промоција на текстилната индустрија и сл. Во рамките на оваа програма, се реализираат активностите за привлекување на инвестиции со цел интезивирање на економскиот развој преку Агенцијата за странски инвестиции. Во текот на 2008 година зголемена е економската промоција преку ангажман на досега осумнаесет економски промотори од вкупно планирани дваесет и три за нивна работа во дваесет и три земји во светот, а со цел подигнување на свеста на странците за инвестиционите погодности кои Република Македонија ги нуди, потоа координација на странска помош од аспект на доусовршување на методите на услужување на странските инвеститори и зајакнување на клучните маркетинг пораки. Во изминатиот период Агенцијата изврши проширување на маркетинг базата со податоци за економските индикатори и компаниите-потенцијални инвеститори од земјите кои ги покриваат економските промотори, ажурирање на анализите за индустриските сектори на автомобилската индустрија, агро бизнисот, информатичката технологија, софтвер, фармација и медицински помагала, подготовка на промотивни материјали за информатичката технологија и автомобилската индустрија во Република Македонија, развој на маркетинг план и евалуациона форма со индикатори за успешно следење на работата на веќе упатените економски промотори за работа во странство и слично.

Преку *потпрограмата Д6-Преструктуирање на ЈП Македонски железници*, континуирано се реализираат активностите за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престанал работниот однос по основ на реформата на ЈП Македонски железници во 2005 година.

Преку *потпрограмата Д7-Унапредување на деловните активности* реализирани се активности во насока на реализација на Програмата на Владата на Република Македонија во делот на подобрување на вештините на менаџерите во Република Македонија и зголемување на конкурентноста на македонските компании. Продолжуваат активностите за подобрување на регистрацијата на деловната активност, зајакнување на конкурентноста на секторот претпријатија, унапредување на домашното производство и укинување на бариерите за влез на странски инвестиции во земјата.

*Потпрограма Д8-Развој на технолошки индустриски развојни зони* своите активности ги насочува кон привлекување на директни странски инвестиции, влез на нови технологии, создавање на услови за отварање на нови работни места, како и продолжување на активностите за инфраструктурно уредување на зоните. Остварен е влез на неколку нови корисници на ТИРЗ Скопје како што се компанијата Монтупет од Франција и компанијата Искра од Словенија.

Продолжуваат активностите за доуредување на инфраструктурата на технолошко индустриските зони.

*Потпрограмата ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура* ги опфаќа планираните средства наменети за редовно инвестиционо одржување на инфраструктурата и за инвестиции во постојната инфраструктура. Крајните цели од вложувањето во железничката инфраструктура се сигурен и безбеден железнички сообраќај и привлекување на оператори (превозници) на територијата на Република Македонија.

## Е. РЕФОРМА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Реформата на земјоделскиот сектор продолжува со поддршка од многубројни донатори.

*Потпрограмата Е1-Преструктуирање на водостопански претпријатија* ги опфаќа планираните средства за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престанал работниот однос во водостопанските претпријатија опфатени со Проектот за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето (иригациони системи на Тиквеш, Брегалница и Полог). Целите на оваа програма се насочени кон одржливоста во управувањето со водните ресурси во согласност со меѓународните норми и барања на ЕУ.

## Ѕ. РЕФОРМА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Со заем од Светската банка, кофинансирачка донација од Холандија и од буџетски средства се финансира петгодишен проект за модернизација на училиштата и подобрување на квалитетот на образованието во насока на подобрување на планирањето и управувањето во училиштата.

Оваа програма содржи три компоненти: 1) подобрување на квалитетот на образованието преку подобрување на планирањето и управувањето во училиштата; 2) градење на капацитет за децентрализирано образование преку унапредени процедури за стратешко планирање, управување, следење и одговорност и 3) евалуација и управување на проектот. Програмата се спроведува во основните и средните училишта. Целта на програмата е постигнување на ефективност на училиштата што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието. Во рамките на проектот во 2005 година беа вклучени училишта кои спроведуваат план за самоевалуација на училиштето и изготвуваат план за развој на училиштето, односно беа вклучени само одредени пилот училишта. Реализацијта на развојните планови на најголем број на основни и средни јавни училишта се спроведува во 2006 година. Во 2007 година проектот се прошири на сите основни и средни училишта по одредени критериуми. Покрај тоа, се предвидува извршување на процени од страна на самото училиште за следење на напредокот. *Потпрограмите Ѕ1-Модернизација на основното образование и Ѕ2-Модернизација на средното образование* во 2008 година опфаќаат средства од

буџетот, донации и кредити. Од септември 2008 година во рамките на овој проект се планира да се отпочне со втор циклус на училишни грантови наменети за училиштата во руралните средини.

## И. РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Активностите во рамките на *потпрограмата И0- Реформа на здравството*– проект кофинансиран со заем од Светска банка и техничка помош од Холандската Влада, во изминатиот период беа главно насочени кон надградување на капацитетот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување за формулирање и ефективна имплементација на политиките за здравствена заштита, здравствено осигурување, финансиски менаџмент, склучување на договори со вршители на услуги, како и развивање и имплементирање на ефикасна шема на реструктуирање на болничките услуги, со акцент на развивање на услуги за дневна нега и зајакнување на примарната здравствена заштита.

Во рамките на трите компоненти на проектот во изминатиот период реализирани се следниве активности:

Министерството за здравство во соработка со Фармацевтската комора ги продолжи активностите за подобрување на квалитетот на фамацевтските услуги во аптеките на локално ниво со имплементација на две регионални работилници. Организирани се посети на терен во приватизирани ординации од ПЗЗ и средби со различен профил на лекари во ПЗЗ, во јавното и приватното здравство. Организирана е обука на која е презентирана развиената методологија за редовно следење на трошоците на здравствените услуги во јавните здравствени установи и презентирана е предложената методологија и софтвер за евиденција и процена на трошоци, сценарија како може да се подобри ефикасното работење во болниците со акцент на рационализација на капацитетите и менаџмент на хуманите ресурси. Организиран е студиски престој за стекнување на искуства за новиот начин на финансирање на здравствените услуги, базиран на Дијагностички сродни групи (ДСГ), кој започна да се применува во Македонија. Во тек е набавката на компјутерска опрема и нова медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија.

## Ј. РЕФОРМА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Целта на оваа програма е реформа на пензискиот систем со цел за обезбедување на солвентен пензиски систем и материјална и социјална сигурност на сегашните и идни генерации на пензионери на долгорочен план.

Првите шест месеци на 2008 година ги обележа континуитет на успешно започнатите активности во рамките на пензиската реформа. Имено, во изминатиот период од годината континуирано продолжи финализирањето и прилагодувањето на деловните процеси, согласно потребите и барањата на сите институции вклучени во системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС, Друштва за управување со пензиски фондови, Фондот за ПИОМ и Народна банка на РМ, како чувар на имотот на пензиските фондови). Согласно податоците за дистрибуција на членството, заклучно со 30.06.2008 година во приватни пензиски фондови членуваат 179.672 корисници.

Во рамките на *потпрограмата J0- Агенција за супервизија на капитално пензиско инвалидско осигурување,* се реализираат активности на оваа институција надлежна за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Во текот на првите шест месеци од годината, а согласно планот за теренска супервизија спроведена е редовна годишна контрола на работењето на друштвата- институционална контрола, како и контрола на нивните филијали. Спроведувани се вонтеренски и теренски контроли на агенти на пензиските друштва, со цел давање на предност на проактивна интервенција и предвремено спречување на појавување на проблеми.

Во соработка со Проектот за деловно окружување на УСАИД и Министерството за труд и социјална политика ангажиран е консултант кој ќе изготви детален документ за дизајнот за исплата на пензии, за видовите на пензии од вториот и третиот столб и начинот на нивната исплата врз основа на кој потоа ќе се изготви Закон за исплата на пензии. Од аспект на системот во целина, овие месеци беа особено активни на полето на донесување на потребните подзаконски и други акти, кои ја зајакнуваат капитално финансираната компонента на пензискиот систем и создаваат стабилна и добро регулирана средина. Донесени се измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со кој треба да се постигне поефикасен пензиски систем со кој ќе се заштитат интересите на неговите членови.

Значајно за овој период е и преоценката на трошоците и надоместоците кои ги наплатуваат инволвираните институции за извршување на функциите за вториот столб со можност за нивно намалување, во функција на намалување на трошоците на системот. Во тие рамки Агенцијата направи преоценка и на сопствените надоместоци и изврши нивно намалување, со цел рационализација на трошоците на системот и стимулирање на развојот на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, а намалени се и надоместоците што друштвата за управување со пензиски фондови го наплаќаат од своите членови и тоа од 7,9 % на 6,8% и 6,9 %.

Во рамките на *потпрограмата J1- Транзициони трошоци* по основ на пензиската реформа, се предвидени средства за покривање на транзиционите трошоци, како ефект од имплементацијата на пензиската реформа. Со задолжителното вклучување на новите и доброволното вклучување на постојните пензиски осигуреници и со пренесувањето на 7% од вкупниот придонес на пензиското осигурување на сметките на членовите на приватните пензиски фондови, недостигот на средства за финансирање на потребите на државниот Фонд за ПИОМ, се покрива со трансфер од Буџетот.

## К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Целите на оваа програма се зајакнување на активностите во јавната администрација во насока на подобрување на управувањето во буџетските институции, намалување на вкупните расходи за плати во јавната администрација, имплементација на ефикасни контролни механизми во управувањето, унапредување на финансиското управување на фондовите основани со закон, како и натамошно усовршување на вработените во јавната администрација.

*Потпрограмата К1-Реформа на државната администрација* ги опфаќа реформите во јавната администрација и средствата планирани во оваа потпрограма се наменети за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на вработените во јавната администрација кои се прогласени за технолошки вишок, како и расходите за исплата на пензии и

придонес за здравствено осигурување на лицата кои се предвремено пензионирани како резултат на намалување на бројот на вработените во јавната администрација. Со обезбедување на техничка помош во вид на консултантски услуги, добра и тренинг, се дава поддршка во поуспешното спроведување на реформите во позначајните сектори: финансискиот систем, пензискиот и социјалниот систем, здравствениот сектор, правосудството, пазарот на работна сила, јавната администрација, деловното опкружување, итн.

Планираните средства во рамките на оваа програма во Буџетот на Министерството за финансии се наменети за поддршка на реформите во јавната администрација, подобрување на инвестиционата клима и зајакнување на управувањето во јавниот сектор. Средствата се обезбедуваат од донации и досега за поддршка на имплементацијата на реформските активности, предвидени со серијата аранжмани на Република Македонија со Светската банка, реализирани се во вкупен износ од 14 милиони денари.

*Потпрограмата К4- Реформа на Министерство за одбрана* ги опфаќа активностите кои се однесуваат на исплата на испратнини при заминување во пензија, докуп на стаж, пензии и придонеси за здравствено осигурување на вработените во Министерството за одбрана на кои им престанал работниот однос врз основа на Законот за служба во АРМ.

Во рамки на *потпрограмата К5 – Соодветна и правична застапеност на заедниците* се реализираат средствата за исплата на плати, наемнини и надоместоци за вработување на државни службеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## Л. РЕФОРМА НА КАТАСТАР И РЕГИСТРАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТИ

Целта на оваа програма чија реализација започна во 2005 година и ќе трае до крај на 2009 година е изградба на ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за запишување на права (регистрација) во Република Македонија, што ќе придонесе за создавање и развој на ефикасни пазари за земјиште и недвижности.

Агенција за катастар на недвижности во првата половина од 2008 година ги реализираше следните активности: извршена е трансфомација на Државниот завод за геодетски работи во Агенција за катастар на недвижности; донесен е новиот Закон за катастар на недвижности; процентно 74.2 % воспоставен катастар на недвижностите и регистрација на правата со 75 % права на земјиште и 82% на етажни права на згради, во тек е реамбулација - ажурирање на премерот која се врши од приватни геодетски фирми; регистрирани се 83 приватни геодетски фирми; се изработуваат катастарски планови за 95% покриеност на Република Македонија со основни катастарски планови; изградена е новата зграда на Сектор за катастар на недвижности – Скопје; извршено е реновирање на подрачните одделенија на Агенција за катастар на недвижности; реализирани се 66% од активностите кои се однесуваат на изготвување на топографските карти.

Продолжуваат активностите за Е-поврзувањето на Агенција за катастар на недвижности со подрачните одделенија е во развојна фаза.

## М.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Во текот на 2008 година формирана е Националната агенција за европски образовни програми и мобилност како посебен буџетски корисник, чија цел е промоција и спроведување на европските образовани програми во Република Македонија. Активностите на Националната агенција ќе се финансираат и реализираат преку *потпрограмата М1-Контрибуција на Република Македонија во ЕУ*. Во текот на годината одржана е иницијална Конференција каде беше промовирана Националната агенција. До крајот на 2008 година се планираат понатамошни активности за зајакнувањето на капацитетите на Националната агенција и презентирање на новите активности кои што произлегуваат од потпрограмите на Програмата за доживотно учење.

Истовремено, во натамошниот период се планира учество на голем број настани со кои ќе се добие информација за расположивите европски фондови, потребната подготовка за нивно искористување, создавањето на контакти помеѓу институциите по секторски програми и институционална подршка и обука на лицата вработени во Националната агенција.

Во рамки на *потпрограмата М3 – Прекугранична соработка* се опфатени активностите во насока на поддршка на Програмата за имплементација на втората компоненета на финансискиот инструмент за препристапна помош на ЕУ (ИПА). Активностите се насочени кон спроведување на ИПА прекуграничните програми на Република Македонија со Република Бугарија, Република Грција и Република Албанија и програмата за Транснационална соработка на земјите од југоисточна Европа. Во таа насока е одржан првиот комитет за следење, разгледана е петттата финална верзија на последната верзија од Оперативната програма, во подготовка е и Водичот за првиот повик за проектни предлози.

## Н.ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во рамките на Министерството за информатичко општество предвидени се средства прикажани во Потпрограмата - Развој и имплементација на ИКТ, наменети за имплементација на проектот Е - услуги, изработка на идејните софтверски решенија за проектите Е - Влада и Електронска здравствена картица, како и имплементација на Проектот Документ менаџмент систем.

## БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА

### 01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 98.877 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и на меѓународен план, ги извршува своите права и надлежности врз основа и во рамките на Уставот и законите во Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година се преземаа активности за јакнење на одбранбената способност на земјата, зачувување и јакнење на внатрешната стабилност; афирмација и подобрување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница, заокружување на реформите во Армијата на Република Македонија и создавање на услови за остварување на стратешката цел на земјата за полноправно членство во НАТО; афирмација на меѓународен план на резултатите од досегашните успешни реформи во општеството како услов за целосна интеграција на земјата во Европската унија, афирмација на Република Македонија пред светската културна и научна јавност како замја со исклучително богато културно и историско наследство. Исто така, Република Македонија беше домаќин на Самитот на претседатели на држави од Југоистона Европа „Охрид Самит-2008„ на кој беа промовирани виталните прашања од националната и државната агенда на меѓународен план.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.981

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на меѓународни посети на претседателот и возвратни посети на државници од други земји: планирани 24, реализирани 58

### 01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 187.601 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и за стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и задолжително ги известува Претседателот на Република

Македонија, Владата на Република Македонија и другите државни органи за прашања од значење за нивниот делокруг на работа.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во извршувањето на утврдените законски функции и надлежности, Агенцијата за разузнавање ги реализира планираните активности за 2008 година кои се во насока на успешна реализација на утврдените приоритети и цели. Во соработка со други државни институции, Агенцијата беше домаќин и успешно организираше експертска средба на SEEIC.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 247
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 747

## 02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 514.430 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Собранието на Република Македонија е носител на законодавната власт во државата. Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година, Собранието на Република Македонија донесе 39 закони, 22 одлуки, 1 иницијатива и нацрт план. Реализирани се активности од меѓународната соработка со активно учество на делегации од Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Конференција на СЗЕУ и Комисии на Собранието на Западноевропската Унија, Парламентарното собрание на НАТО и на Меѓународната парламентарна конференција за глобализација и миграциските процеси, Парламентарното Собрание на Франкофонијата. Одржана е Конференција на претседатели на комисиите за надворешни работи и одбрана на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од ПзМ од регионот. Остварен е студиски престој на вработените во Италијанскиот парламент и Големото Национално Собрание на Република Турција, остварена е посета и на европските институции во Брисел, СОХ Програмата и други активности на домашен и меѓународен план.

Во наредниот период продолжуваат активностите со зголемена динамика кои ќе бидат насочени кон донесување на закони, подзаконски акти, одлуки, декларации резолуции кои ќе придонесат кон приближување кон стандардите на ЕУ.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 311
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.355

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на денови на одржани седници: планирани 180, реализирано 72
Број на часови на пренесени седници: планирани1.260, реализирани 172

## 02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 124.699 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е самостоен и независен државен орган основан во 1999 година од страна на Собранието на Република Македонија, чија основна активност е вршење на државна ревизија. Преку извршување на оваа активност Државниот завод за ревизија обезбедува надзор и контрола, поддршка и унапредување на јавната одговорност на лицата и институциите кои управуваат со јавните средства.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Државниот завод за ревизија континуирано врши спроведување и реализација на Стратегијата за развој во периодот 2006-2010 година во чии рамки го изготви, објави и достави Годишниот извештај за 2007 година до Собранието на Република Македонија и сите релевантни институции. Во рамките на активноста за дефинирање на правната рамка за државна ревизија и работењето на ДЗР се одвиваат активности за изготвување на нов предлог закон за државна ревизија усогласен со стандардите и критериумите на ЕУ. Се спроведува обука на ревизорскиот кадар со цел запознавање на ревизорите со основните карактеристики на методот на избор на примерок и негова примена во процесот на извршување на ревизијата. Во рамките на Твининг проектот со Холандската влада и техничка помош од Холандскиот суд за ревизија (ХСР) во тек се пилот ревизии во делот на ревизија на финансиските извештаи и во делот на ревизијата на успешност со обрнување на посебно внимание на ревизијата на приходите, примената на статистичкиот метод на избор на примерок и унапредување на квалитетот во вршењето на ревизијата. Во текот на 2008 година продолжува меѓународната соработка со учество во комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕСР, СИГМА и други.

Во текот на 2008 година се очекува да се реализираат планираните ревизии согласно Годишната и Оперативната програма, реализација на Иницијативата за измена и дополна на Уставот на РМ со која се предлага државната ревизија и ДЗР да стане уставна категорија, достигнување на степенот на финансиска независност согласно Декларацијата од Лима донесена од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ), натамошна реализација на Твининг проектот со ХСР со цел обезбедување на високо ниво на компетентност и ефикасност при извршување на ревизиите. Во наредниот период ќе бидат изготвени: Стратегија и политика за комуникација, стратегија и политика за човечки ресурси, стратегија за ИТ, упатство за обезбедување и контрола на квалитетот во вршењето на ревизиите, усвојување на критериуми за утврдување на нивото на материјалност за оцена на наодите во ревизорските извештаи.

Обезбедени се потребните предуслови за оперативно функционирање на независно Ревизорското тело во системот на управување со пред-

пристапните фондови на Европската Унија во Република Македонија (пред-пристапна помош-ИПА).

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 90
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.278

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на извршени ревизии: планирани 99, реализирани 50

## 02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.424 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за спречување на корупцијата е надлежен орган за спроведување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата (“Службен весник на Република Македонија” број 28/2002 и 46/2004 и 126/2006). Државната комисија е надлежна за примена и на Законот за спречување на судир на интереси (“Службен весник на Република Македонија” број 70/2007).

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во првиот квартал од 2008 година, Државната комисија за спречување на корупција го изготви и објави Годишниот извештај за работата за 2007 година и согласно законската обврска го достави до надлежните институции. Во текот на 2008 година како основен приоритет на Комисијата е имплементација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и операционализација на Акциониот план. Во таа смисла, од особена важност е одржувањето на Годишната конференција за оценка на имплементираноста на Државната програма, која ќе се одржи со присуство на антикорупциски работни тела од регионот, при што ќе се направи осврт на националните искуства, практики и имплемантација на меѓународните стандарди/конвенции. Со донесувањето на Законот за спречување на судир на интереси, Комисијата доби дополнителни надлежности за чија операционализација се донесени Програмата за превенција и намалување на појавата на судир на интереси и Акциониот план.

Во наредниот период продолжуваат активностите за ажурирање на пристигнатите анкетни листови за имотната состојба и формирање на база на податоци во рамките на Државната комисија; реализирање на законската обврска за јавно објавување на податоците од Анкетните листови; активности за јакнење на јавната свест за борба против корупцијата; постапување по предмети; продлабочување на соработката со државните надлежни органи и меѓународните антикорупциски тела на другите држави; имплементација на меѓународните правни акти за борба против корупцијата; јакнење на меѓународната соработка на билатерално и мултилатерално ниво и реализација на антикорупциски проекти, програми и документи во рамки на Советот на Европа, ЕУ, ОЕЦД, ООН, УНДП и други.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.288

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на добиени одговори за имплементација на активностите од државната програма за спречување на корупција: планирани 190, реализирани 128

## 02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 58.000 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Работењето и надлежностите на Државната изборна комисија е утврдено со Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2005). Комисијата претставува надлежен орган кој се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите за претседател на Република Македонија, пратеници, градоначалници и советници, спроведување на референдуми и врши надзор на изборните органи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година Државната изборна комисија ги спроведе предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 1 јуни 2008 година за што беа спроведени и обуки за изборните органи. Продолжуваат активностите за зајакнување и унапредување на соработката со другите државни институции и органи, активностите за ажурирање на Стратешки план на Државната изборна комисија и активностите за организирање на втора регионална средба на изборните комисии на земјите од Балканот; учество на делегација на Државната изборна комисија на Годишното собрание на АЦЕЕЕО во Констанца, Романија, учество во набљудувачки мисии, спроведување на меѓународна соработка на Државната изборна комисија како членка на АЦЕЕЕО, продолжување на проектот со УНДП и организирање на едукативни семинари за изборните органи и гласачите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 17
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.118

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на денови на одржани обуки: планирани:16, реализирани: 22

## 02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.049 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 70/2006 и 22/2007) е самостоен државен орган со својство на правно лице. Основна цел на Комисијата е обезбедување на слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Комисијата ја утврдува методологијата за истражување на пазарот, утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата, мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата и други активности предвидени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во првиот квартал од 2008 година, Државната комисија за заштита на конкуренција го изготви и достави Годишниот извештај за работа за 2007 година до Владата и Собранието на Република Македонија.

Донесени се уредбите кои ги предвидува Законот за заштита на конкуренцијата со што процесот на прилагодување и усогласување на законодавството во оваа област е привремено завршен. Реализирано е техничко опремување преку проектот БЕРИС финансиран од Светска банка и креирана е WEB-страна на Комисијата. Реализиран е Твининг проектот, управуван од Европската Агенција за реконструкција, финансиран од Европската Комисија, извршени се обуки за вработените и други таргетни групи. Спроведени се активности за ажурна и правилна примена и спроведување на прописите од областа на заштита на конкуренцијата и државната помош. По истекот на Твининг проектот (август 2007) продолжуваат активностите во рамките на БЕРИС проектот, кој ќе трае до 2010 година, за подигнување на свеста за политиката на конкуренцијата и нејзиното значење за пазарната економија во земјата. Потпишани се меморандуми за меѓусебна соработка со секторските регулаторни тела заради решавање на поединечни предмети и заеднички пристап кон одредени појави на пазарот, заради зголемување на ефикасноста во остварувањето на надлежностите на органите и унапредување на конкуренцијата во овие сектори.

Во наредниот период продолжуваат активностите за вршење на анализа на пазарите каде што може да се идентификуваат нарушувања на конкуренцијата и активностите за понатамошна хармонизација на националното законодавство од областа на заштитата на конкуренцијата со acquis.

Реализирана е интензивна меѓународна соработка, првенствено со Европската комисија – Генералниот директорат за конкуренција како и сродни тела за заштита на конкуренцијата од другите земји, особено од соседните.

### ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 986

### АУТПУТ ИНДИКАТОР
Број на изречени казни во текот на годината: реализирани 22

## 02006 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.477 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци е утврдено согласно со Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2005). Дирекцијата за заштита на личните податоци е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Дирекцијата има надлежност да врши надзор над законитоста на превземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Дирекцијата во текот на 2008 година, продолжи со вршење надзор врз законитоста при обработувањето на личните податоци и нивната заштита. Надзорот се реализира врз основа на донесен план од страна на Дирекцијата, како и ad hoc надзори засновани на барања и претставки поднесени од страна на граѓаните. Активностите на Дирекцијата се во согласност со донесениот Стратегиски план за периодот од 2007 до 2010 година.

Согласно подготвениот план за обуки реализирани се општи обуки за ЕУ регулативата, организирани се повеќе семинари и обуки поврзани со заштита на личните податоци, а во тек се активности за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци.

Продолжуваат започнатите активности за подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци (преку одржување прес конференци, ТВ и радио интервјуа и прилози и печатени медиуми), како и за воспоставување на Централен регистар за збирките на личните податоци во Дирекцијата, преку кои ќе се оствари правото на информирање на граѓаните за тоа кои збирки на лични податоци се водат кај контролорите.

### ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 18
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 722

### АУТПУТ ИНДИКАТОР
Број на реализирани контроли кај правни субјекти кои водат збирки на лични податоци: планирани 100, реализирани 45

## 03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 31.100 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, одлучува за усогласеноста на законите со Уставот, ги штити слободите и правата на човекот, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;

одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката и за други прашања утврдени со Уставот.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година добиени се 140 “У” предмети и 122 незавршени предмети од 2007 година поради карактерот и сложеноста на истите или вкупно 262 предмети со процент на решавање на предметите од 72,90%. Укинати се 27 членови од закони или други акти, донесени се 5 одлуки за поништување на членови од закони, завршени се 131 предмет со решение, од кои издадени се 28 решенија за поведување на уставност или законитост. Исто така, примени се 52 “Р” предмети од кои 96,15% се решени. Бројот на примени и решени “У” предмети до крајот на годината ќе биде зголемен. Земено е учество по повод церемонијата на Свеченото отварање на судиската година на Судот за човекови права во Стразбур; одржан е билатерален консултативен состанок со претставници од Уставниот суд на Црна Гора; учество на конгрес за уставни промени во Југоисточна Европа во Регензбург, Германија; учество на семинар од областа на човековата димензија во Варшава, Република Полска и учество на конференција на Европски Уставни судови во Вилнус, Литванија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 28
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.109

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на примени предмети во текот на годината: планирани 450, реализирани 314.

## 04001 ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.294.990 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиката што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување и врши други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Генералниот секретаријат на Владата во 2008 година, како стручна служба, подготви: Предлог-Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија за 2009 година, Анализа за остварување на стратешките приоритети на Владата за 2007; Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2009 година, Анализа на монинторинг индикатори од областа на стартешкото планирање и анализа на политиките и координација со предлог за нови мониторинг индикатори; измени

и дополнување на Методологијата за стратешко планирање, измени на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, Методологија и Одлука со обрасци за спроведување на проценка на влијанието на регулативата, кои ќе се применуваат од јануари 2009 година, продолжи со развивање на механизми за координација на реформата на јавната администрација; продлабочување на соработката со невладините организации и други правни лица; продолжи со координирање на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекувањето на странски инвестиции; продолжи со подобрување на координацијата на спроведувањето на уставните амандмани кои произлегуваат од Рамковниот договор и зголемување на бројот на вработените во јавната администрација од етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија; работи на имплементација и унапредување на унифицираниот информативен портал за сите граѓани на Република Македонија со цел подобрување на пристапот и користењето на информациите од Владата и органите на државната управа и обезбедување и унапредување на едноставен пристап до основните услуги на јавната администрација и навремено и транспарентно информирање на јавноста за работата на Владата.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 405
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.830

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на патувања во земјата и странство (денови) : планирани 550, реализирани 480
Број на лица кои се вклучени на одржани седници од далечина:планирани 900, реализирани 850

## 04002 СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.053.600 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Организацијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија се утврдени со Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија. Службата за општи и заеднички работи ги врши општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и другите органи на државната управа.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година се врши реконструкција и адаптација на Вила Водно 1 Скопје, изготвена е проектна документација за лифтови за хендикепирани лица за објект во Владата на Република Македонија, доопремување на видео надзор во Владата на Република Македонија, учество

во организирање на финална пленарна конференција на НАТО и Самит на претседатели во Охрид. Извршени се 188 часа авионски летови за потребите на Претседателот на Владата на Република Македонија и други органи на државната управа.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 321
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.577

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Одржување на хигиена во $м^2$: планирани 1.088.796 $м^2$, реализирани 544.398 $м^2$
Број на дневници во земјата и странство: планирани 200, реализирани 45
Број на налетани часови: планирани 350, реализирани 188

## 04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 17.800 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен, по барање на Министерството за локална самоуправа, да подготвува стручни мислења по прописите на општините.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Во текот на 2008 година, Секретаријатот за законодавство е во зголемената активност поради која ја извршува спроведувањето на генералната политика на Владата на Република Македонија како во делот на усогласувањето на Европското законодавство, така и за реализација на Спогодбните за соработка склучени помеѓу Република Македонија и Република Словенија и Кралството Велика Британија за реализација на проекти преку кои треба да се остварува зголемен број на студиски посети и учества на семинари, работилници и меѓународни конференции. Истотака Секретаријатот за законодавство континуирано ги извршува активностите поврзани со: обезбедување на конзистентност на правниот систем и оценување на усогласеноста на законите, другите прописи и ратификуваните меѓународни договори со Уставот на Република Македонија; усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија; обезбедување на исполнување на обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки и од Времената спогодба; реализирање на задачите кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор и од амандманите на Уставот на Република Македонија, посебно во однос на процесот на децентрализација на власта.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 25
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 668

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на спроведени обуки: планирани 20, реализирани 9

## 04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 64.226 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство на Република Македонија ги остварува своите надлежности врз основа на Устав, закон и ратификувани меѓународни договори.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година, активностите на Државното правобранителство на Република Македонија се во насока на обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, другите органи и правни лица.

За таа цел, Државното правобранителство организира советување со едукативен карактер за разрешување на определени правни прашања кои произлегуваат од тековното работење на Државното правобранителство.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 95
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 669

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Предмети по кои се постапува во текот на годината: планирани 65.000, реализирани 97.991

## 04007 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 104.731 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за развој и инвестиции е основана како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице. Агенцијата за развој и инвестиции врши активности поврзани со реализацијата на програмата за развој и инвестиции, активности поврзани со договорите за трансфер на

капитал, размена на информации за можности за инвестирање, создавање на услови за реализација на нови инвестициони проекти, промоции и грижа за спроведување на обезбедените инвестиции во Република Македонија, утврдување на поволности за приватни инвестиции на домашни и странски лица и врши и други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година Агенцијата за развој и инвестиции континуирано врши активности поврзани со Програмата за развој и инвестиции како што се: следење и мониторинг на кредитокорисници и реализација на дадени кредити на правни и физички лица и поефикасни наплати на дадени кредити и камати од Тајванската кредитна линија, превземање на правни дејства за присилна наплата на побарувањата на Агенцијата за развој и инвестиции и тоа над 30 тина кредитокорисници во смисла на судска постапки за реализација на заложни права (хипотеки и рачни залози), детектирање на потенцијалните можности и потреби на инвестирање како начин на отворање на нов циклус за прилив на средства, пружање и промовирање на сервисни услуги на можни инвеститори за создавање на погодности за инвестирање и создавање на услови за инвестирање и промовирање на нови инвестициони проекти во Република Македонија, давање информации од јавен карактер за привлекување на инвеститори, организирање на бизнис форуми и средби за промоции на инвестиции за разни проекти и контакти со дипломатски претставништва во Република Македонија, интензивирање на развојот на мало и средно претприемништво во Република Македонија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 561

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на кредитокорисници од Тајванската кредитна линија: планирани 10, реализирани 3

## 04008 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 35.263 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за државни службеници е самостоен државен орган надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Агенцијата формулира, промовира и развива политика на управување со човечките ресурси во државната администрација, во координација и соработка со органите на централната власт и единиците на локалната самоуправа. Агенцијата за државни службеници е организирана во четири сектори и десет одделенија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Агенцијата за државни службеници во текот на 2008 година врши постојано следење на конзистентноста на законот и негово спроведување во контекст на процесот за европска интеграција; спроведување и целосна изградба на националниот систем за координација на обуката; поддршка на процесот на децентрализација од аспект на развојот на државните службеници; одржување и развој на стратешки партнерства со релевантни заинтересирани страни вклучувајќи ги Генералниот секретаријат, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за правда и Министерството за финансии; создавање на ресурси и експерти за исполнување на корисничките барања од Регистарот на државни службеници; развивање на експертиза во Агенцијата за државни службеници и во останатите органи за стратешко и оперативно користење на информациите од Регистарот на државни службеници за потребите на планирањето и управувањето со човечките ресурси.

Агенцијата за државни службеници го промовира одржувањето и развојот на професионална, стручна, ефикасна, неполитичка, сервисно ориентирана, одговорна, транспарентна и етична државна служба преку спроведување на Законот за државните службеници. Агенцијата за државни службеници има поставено пред себе повеќе долгорочни стратешки цели, кои треба да бидат реализирани во чекор со современите потреби и реформските текови во Република Македонија, со спроведување и унапредување на систем за селекција и вработување на државни службеници со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, засновани на принципите на стручност и компетентност, промовирање и развивање на политиката за управување со човечки ресурси во државната администрација и друго.

Агенцијата за државни службеници во текот на оваа година има за приоритет сите активности во оваа област да се реализирааат со законски утврдени функции и надлежности во однос на стручни, управни и други работи што се за подобрување со човечките ресурси, со особен акцент на системите за координација на обуката на државните службеници, оценување на државните службеници, натамошен развој на законската рамка за државните службеници и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници, насочен кон реализирање на поставените приоритети и цели на буџетската институција.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 54
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 606

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на пријавени кандидати: планирани 90.000, реализирани 3679

## 04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 310.427 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за европски прашања е институција за вршење на работите поврзани со европските прашања и обезбедување на координација на органите на државната управа и другите органи и институции, како и за вршење

на други стручни работи од оваа област. Секретаријатот за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, следење и преземање мерки за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, изградба и зајакнување на институционалната инфраструктура неопходна за интеграција на Република Македонија во ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ, оспособување на јавната администрација за интеграција во ЕУ, координација на мрежата на одделенија за европска интеграција во министерствата и другите органи на државната управа, програмирање и планирање на приоритетите на Република Македонија за користење на странската техничка помош, регулирање на односите со донаторите и спроведувањето на програмите за техничка помош, поддршка на телата на Владата, чиј делокруг е во областа на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, управување на процесот на преведување на законодавството на ЕУ и на други материјали во врска со процесот на интеграција на РМ во ЕУ, спроведување на стратегија за комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, воспоставување, управување и одржување на централни бази на податоци за поддршка на процесот на европска интегација и други работи кои произлегуваат од координацијата, поддршката и насочувањето на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ; остварува соработка со секторите на Генералниот секретаријат, на министерствата и другите органи на управата, како и со соодветните служби на Европската комисија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во месец март 2008 година Владата на Република Македонија ја усвои ревизијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, во јуни 2008 година подготвен е Извештај за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ и истиот е доставен до ЕК; во тек е подготовка на Комитетот за стабилизација и асоцијација; реализирани се шест поткомитети во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација; изготвени се месечни извештаи до Европската комисија и тримесечни извештаи до Собранието на Република Македонија; преведени се 450 ЕУ акти, 14 акти од македонските закони и 25 други документи од важност за процесот на ЕИ или вкупно 489 односно 6263 страници од Службениот весник на Европската унија, 180.39 страници од Службениот весник на Република Македонија и 703.87 страници авторски преводи од други документи или вкупно 7147.26; преведени се 820.26 авторски страни од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија како и 486.69 авторски страни од Progress report; спроведени се обуки на тема „Вовед во ЕУ“ (јуни), „ЕУ Законодавство „(јуни) и „Управување со проектен циклус” (јануари и февруари) за државните службеници и за нововработените лица во институциите на Владата на Република Македонија. Во периодот јануари – јуни 2008 година споведена е кампањата „Учиме за ЕУ”, како дел од Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, во чии рамки беа посетени 27 основни училишта, 7 средни училишта и 1 факултет. Реализиран е проектот „Одиме локално” во првата половина на 2008 година во 6 општини, чија цел е зајакнување на свеста кај клучните субјекти на локално ниво (локална власт), како и поттикнување на

учеството на граѓаните и бизнис секторот во креирањето на одлуките на локално ниво поврзани со процесот на пристапување во ЕУ. Во првата половина на 2008 година тече Проектот „МК ЕУ инфо центар” - информативен центар каде што сите граѓани можат да добијат информации и литература за Европската Унија, како и за активностите на Владата на Република Македонија во процесот на пристапување во Европската унија. Потпишан е Меморандум за разбирање за техничка соработка помеѓу Република Македонија и Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска. Во тек е постапката на доделување на стипендии за последипломски студии за ЕУ/ЕИ во странство во 2008/2009 година. Во тек е процесот на Програмирање на ИПА за 2009 година со дефинирани 18 проектни фишеа и целосно финансиран ИПА– компонента 1 за 2007 година. Инициран е Меморандум за MATRA со Холандија, потпишан е Меморандум за култура, CIP, Меморандум за соработка со Република Словенија, во тек е 7-мата Рамковна програма за истражување на ЕУ, потпишана е Спогодба со Република Албанија за прекугранична соработка за 2007година.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 59
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.475

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на одржани состаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и поткомитетите кои произлегуваат од спогодбата за стабилизација и асоцијација: планирани 7, реализирани 5
Број на испратени државни службеници во Мисија Брисел: планирани 6, реализирани 3

## 04010 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 152.850 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на координација и усогласување на работата на органите на државната управа за спроведување на Рамковниот договор; обезбедување и координација на поддршка на Владата во реализацијата на стратешките приоритети кои произлегуваат од Рамковниот договор, а особено за обезбедување на правичната и соодветната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа; го обезбедува и координира подготвувањето на методологија за донесување на акциони планови на Владата во областа на спроведувањето на Рамковниот договор; го обезбедува и координира изработувањето на Акциониот план за подготовка на проекти од Рамковниот договор и координација на неговото спроведување и следење; редовно комуницира и врши координација за реализирање на задачите преземени по основ на проектите од акционите планови од соодветните министерства; врши координација на активностите со органите на државната управа и со донаторите; обезбедува кохерентен пристап за зголемување на ефикасноста на процесот на спроведувањето на Рамковниот договор; работи на обезбедување на потребните човечки ресурси за реализирање на процесот на спроведувањето на Рамковниот договор;

одржува комуникација со јавноста и другите целни групи преку медиумите и се грижи за ажужирање на веб страницата; изготвува извештаи за информирање на Владата за нивото на спроведувањето на Рамковниот договор; за потребите на Владата подготвува стручно-аналитички материјали од оваа област; стручно се произнесува по материјалите кои се во функција на спроведувањето на Рамковниот договор кои ќе ги определи Владата.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Во текот на 2008 година, Секретаријатот за спроведување на рамковен договор по усвојувањето на Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија активно е вклучен во насока на побрзо и поефикасно исполнување и целосна имплементација на Стратегијата во која се предвидени низа мерки и активност, согласно Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО и Акциониот план за промовирање на вредностите на Охридскиот договор. Активностите се насочени кон европското партнерство и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Воедно, Секторот за спроведување на Рамковниот договор се фокусира кон реализација на воспоставување на структура за стручна и техничка подршка за реализација на Акциониот план за имплементација на Стратегијата за соодветна и правична застапеност, за да се овозможи побрзо и поефикасно работење и целосно консолидирање на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Истотака се фокусира кон ажурирање на потребите за обука на припадниците на заедниците кои не се мнозинство за спроведување на Стратегијата за комуникација, како и за вработените кои се справуваат со новите и сеопфатни механизми за прибирање податоци и за подготвување на Националниот план за вработување за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 28
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):5.333

## 04011 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 314.000 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за информатичко општество ги врши работите што се однесуваат на дефинирање на механизми за обезбедување и раководење со средства за финансирање на развојот на информатичкото општество; евиденција, координација и следење на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичкото општество во Република Македонија; координација и препораки за имплементација на информационите системи во државната управа на Република Македонија; креирањето и водењето на евиденција на расположливиот хардвер, софтвер, телекомуникациона опрема и друга информатичка опрема и лиценци во рамките на државната управа; креирањето и водењето на централна база на знаење достапна на секторите за информатика на државната управа; давање на препораки, насоки и други

стратешки и оперативни документи на централно ниво; предлози за склучување на договори со стратешки партнери; давање насоки за оперативна прогарама и архивирање на податоци и информации; координирање на активностите кои се извршуваат од страна на секторите за информатиката во органите на државната управа; координирање, управување и развој на интегрирана и безбедна информатичка мрежа за потребите на државната и јавната администрација; планирање, спроведување и развој на електро-комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции; грижа за подготвување и подигање на јавната свест и едукација за значењето на развојот на информатичкото општество и за користењето на придобивките; изработка на едукативни и промотивни материјали за користење на електронски услуги; следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната управа на полето на информатиката и телекомуникациите, безбедносни аспекти и развојот на инфраструктурата; воспоставување, развој и користење на државни и локални регистри и бази на податоци и нивно меѓусебно поврзување и размена на информации на безбедносен начин; развој на информатичката и телекомуникациската инфраструктура и технологија на органите на државна управа; изработка, координација и следење на реализацијата на плановите за континуирана едукација и усовршување на кадрите во секторите за информатика; создавање и континуиран развој на образовен и научно истражувачки систем; следење, евидентирање и остварување на техничка и технолошка меѓународна соработка; упатување на стручни усовршување во странство и користење на услугите на странски експерти; стипендирање, специјализација и практично образование врз основа на договори и врши и други работи утврени со овој и друг закон.

## 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 7.294.467 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за одбрана со својата организациско-формациска поставеност, организира и развива одбранбен систем со кој ќе одговори на потребите за соочување со сегашните и идните закани по мирот и безбедноста на Република Македонија. Основна задача е зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Цел на Министерството за одбрана е приближување кон стандардите на НАТО и зачленување во евроатлантските структури, пред се преку соодветно и оптимално поставување и искористување на ресурсите во министерството и АРМ.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Министерството за одбрана во текот на 2008 година успешно ги реализира поставените цели. Продолжи со учеството во мировните операции. Во мисиите предводени од НАТО, во Ирак и Авганистан дава придонес во борбата против тероризмот и поддршка на мирот во завојуваните подрачја. Успешно учествува и во мировната мисија во Босна и Херцеговина, во рамките на европските мировни сили ,,АЛТЕА,,. Со еден претставник на АРМ како воен набљудувач учествува во мисија на Обединетите нации во Либан. Со успешното учество во мировните операции, Министерството за одбрана

докажува дека Република Македонија е спремна да биде вклучена во колективните Евро-Атлантски системи за одбрана и да добие статус членка на НАТО алијансата. Во Армијата продолжи процесот на трансформација на структурата на силите. Исто така се работи функционалната анализа на активностите кои треба да ги извршува Министерството за одбрана. Се продолжи со професионализација на АРМ согласно планираната динамика. Континуирано се имплементираат програмите за соодветна и правична застапеност на етничките заедници согласно Охридскиот рамковен договор. Изработен е концепт за трансформација на военото здравство и Воената болница. Подготвен е долгорочниот план за одбрана за периодот 2009-2018 година, а наскоро ќе биде даден на разгледување и усвојување во Владата и обранието на Република Македонија. Се спроведува опремувањето и обуката на АРМ според планот за опремување и обука, особено на декларираните сили за мировни мисии. Се работи на спроведување на Планот за подготовка и опремување на Среден пешадиски баталјон кој треба да биде спремен за распоредување во мировни операции во 2010 година. Успешно се реализираат сите активности на министерството и АРМ согласно планот за работа за 2008 година.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 8.736
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 720

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на лица на служба во странство како претставници на МО: планирани 34, реализирани 22
Број на разнородни видови на материјално-технички средства за опремување на АРМ: планирани 13, реализирани 5
Број на лица од АРМ кои учествуваат во мировни мисии: планирани 202, реализирани 240
Број на болнички легла: 280
Број на реализирани проекти: планирани 21, реализирани 5

## 05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 29.294 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации е размена на класифицирани информации со странство, иницирање на склучување на меѓународни договори за размена на класифицирани информации и издавање на безбедносни сертификати на сите лица корисници на класифицирани информации, издавање на дозволи на странски правни и физички лица за користење на класифицирани информации на Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во првата половина од годината, Дирекцијата интензивно работеше на воспоставувањето на стандардите кај сите субјекти–корисници на странски и национални класифицирани информации, се извршија инспекции на

исполнетост на условите за работа со класифицирани информации, се изврши обука на вработените и Дирекцијата учествуваше во изготвувањето на интерните упатства/правилници на државните органи и приватните компании за ракување со класифицирани информации.

Во континуитет се врши прием на странски класифицирани информации од НАТО и ЕУ, нивна обработка и дистрибуција, кои по обемот и степенот на класификација се во значителен пораст. Во изминатиот период завршија обуките за вработените на електронското деловодство, извршено е архивирање и ништење на документарниот материјал во регистрите на Дирекцијата во Монс и Брисел за 2005 година. Во подготовка е втората фаза од проектот електронско деловодство за поврзување на Централниот регистар со регистрите на Дирекцијата во институциите.

Согласно засилениот прилив на класифицирани информации, интензивно се работеше на подготовките за набавка на комуникациско-информатичка опрема во Централниот регистар на Дирекцијата за подигање на електронската комуникација и размена на класифицирани информации до степен „Строго доверливо„. Набавката на ваквата опрема е со посредство на земји членки на НАТО со кои треба да се склучат билатерални договори. Експертите од Дирекцијата се вклучени во реализација на трите клучни проекти за воспоставување национални мрежи за размена на информации, кои се поставени како услов за влез во ЕУ. На иницијатива на Дирекцијата, меѓуминистерска работна група ја изготви работната верзија на Законот за криптозаштита кој е во завршна фаза на усогласување.

Во делот на меѓународната соработка, во првата половина на 2008 година усогласени се текстовите на билатералните договори за размена на класифицирани информации со Чешка, Естонија, Словачка, Словенија и Хрватска и се очекува потпишување на истите до крајот на 2008 година. Договорено е отпочнување на преговори за билатералните договори за размена на класифицирани информации со САД, Велика Британија, Турција, Романија и Латвија. Исто така се завршени подготвките за потпишување на договорите со Полска и Украина.

Покрај наведеното, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ги реализираше и следниве активности: учество во финалната планирачка конференција за вежбата на НАТО-CMX08; учество во реализација на вежбата CMX08; организација на пет тркалезни маси со субјектите кои учествуваат во спроведувањето на Законот за следење на комуникации, а кој е поврзан и со примената на Законот за класифицирани информации и брифирање на вработените во овие субјекти со обезбедување на стручна помош во изготвувањето на интерните упатства за работа со класифицирани информации; учество во реализацијата на проектот за Национална разузнавачка база на податоци; Учество во реализацијата на твининг проектот со италијанската Влада и Британската Амбасада во Република Македонија – Формирање на национална мрежа за размена на информации во истражните органи; Организација на донесувањето на четирите хашки предмети во Република Македонија и обезбедување на услови за работа со истите во судовите и обвинителствата; Обука на судиите, обвинителите и судската администрација за работа со класифицирани информации; Организација на семинар за безбедносните служби на Република Македонија со директорот и инспектори на Канцеларијата за безбедност на НАТО заради презентација на новите трендови во безбедносната политика на НАТО и размена на експертски искуства; Обука за странските експерти вклучени во проектот CIVILPOL за примената на Законот за класифицирани информации на Република Македонија; Активности сврзани со работата на Комисијата за постапување по прекршок на безбедноста на класифицирана информација.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 32
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 740

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на издадени национални НАТО/ЕУ сертификати за работа со класифицирани информации: планирани 9.000, реализирани 2901

## 05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 364.667 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Дирекцијата за заштита и спасување е заштита на граѓаните и природните богатства на Република Македонија, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба, како и на предметите и објектите од особено културно и историско значење, определени со закон како добра од општ интерес на Република Македонија, од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Дирекцијата за заштита и спасување во текот на првите шест месеци во текот на 2008 година ги има реализирано следниве активности: Извршено е ангажирање на силите за заштита и спасување за преземање на оперативни мерки за заштита и спасување на населението и материјалните добра, чистење на речни корита, потоци и канали во регионот на Куманово и реката Луда Мара во Кавадарци; извршено е пребарување на локалитетот на Кале во Тетово заради заштита од неексплодирани убојни средства; извршено е деминирање со техничко извидување на контаминиран терен антиперсонални мини, пронаоѓање, транспортирање и уништување на неексплодирани убојни средства, како и спроведување на заштитни мерки и активности (заштита од свлечишта на земјите со отстранување камени блокови во Пробиштип с.Турско Рударе, санирање на одрон на карпи во Гази Баба, с.Страчинци, евакуација и згрижување и сл.); во постапка е опремување на противпожарните единици со набавка на 10 противпожарни возила и 2 специјализирани наливни противпожарни возила, како и набавка на 3 авиони за гасење на пожар; реализирани се повеќе меѓународни активности и тоа: конкретизирана е соработката со фондацијата ФЛОРИЈАН од Велика Британија во делот на опремување и обука на неколку ТППЕ. донирани се 5 противпожарни возила и распоредени во неколку градови во Републиката; остварена е првична соработка со Меѓународниот Тим за Интервенции од Франција, а во постапка е потпишување на Меморандум за соработка; потпишан е првиот билатерален договор за меѓусебна помош во случај на катастрофи помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина и следува процедура за негова ратификација; завршени се преговорите со Црна Гора и Унгарија околу текстот на договорот; реализирана е меѓународна вежба во Финска УСИМАА 08; отпочната е процедура за потпишување на Меморандум за соработка со Европската Комисија, Во периодот од 16-19.06.2008г. во Скопје одржана е Главната Планирачка Конференција за меѓународната компјутерски-асистирана

вежба, во рамките на ИТФ реализирана е обука на 4 пиротехничари од ДЗС во тренинг центарот во Рума, Србија; во тек се подготовки за реализација на проектот за деминирање на Охридското Езеро.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 263
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 523

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на разнородни видови на материјално-технички средства за опремување на силите за заштита и спасување: планирани 10, реализирани 4

## 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 147.494 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Центарот за управување со кризи како самостоен орган на државна управа по положба и функција на дирекција ги извршува работите во врска со управувањето со кризи што се однесуваат на: обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка; консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствената процена на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување во кризна состојба и сл.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година активностите се насочени кон продолжување на процесот на кадровско доекипирање на Центарот, согласно Правилникот за систематизација на работните места; Извршена е набавка на поголемиот дел од планираните материјално-технички средства за потребите на ЦУК и Регионалните центри за управување со кризи, првенствено поврзани со набавка на информатичка и видео опрема за системот Е-112; објавен е меѓународен тендер за консултантски услуги за изработка на физибилити студија која се очекува да биде изработена до крајот на годината; проширена е билатералната соработка со земјите од регионот; потпишан е договор за меѓународна соработка во областа на спречување, ограничување и ублажување на последици од несреќи и катастрофи со Република Турција; потпишан е договор со УНДП за зајакнување на капацитетите на ЦУК; учествувано е на НАТО вежбата за кризен менаџмент CMX-08.

Во насока на зајакнување на националната координација и меѓуресорската соработка помеѓу сите субјекти кои извршуваат обврски и задачи во системот за управување со кризи, до крајот на годината е планирано да се реализираат проектите за изработка на Стандардни оперативни процедури и Методологиите за процена на ризици и опасности.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 270
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 512

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Одржани состаноци на Управувачкиот комитет и Групата за процена: планирани 20, реализирани 2.
Процент на реализација на Проектот Е112: планирано 60, реализирано 20.

## 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 12.851.722 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: остварување на системот на државната и јавната безбедност; пријавување на живеалиште и престојувалиште; државјанство и патни исправи за премин на државната граница; движење и престој во граничниот појас; контрола на преминување на државната граница; определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата; регулирање на престојот и движењето на странски државјани; производство, промет, складирање и заштита од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали; давање на помош при елементарни непогоди и епидемии; набавка, поседување, носење и контрола на обележувањето на оружјето и муницијата; надзор и други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008 ГОДИНА

Во рамките на активностите кои ги извршува Министерството за внатрешни работи во изминатиов период континуирано се извршуваат многубројни големи и успешни акции против сите облици на организиран криминал и тоа недозволена трговија со луѓе, дрога и оружје; јакнење на Јавната безбедност со намалување на стапката на криминалот; зголемување на ефикасноста во спречувањето и откривањето на криминалот, зголемување на личната сигурност и заштита на имотот на граѓаните; превземени се активности во областа на државната безбедност со кои се постигна подобрување на ефикасноста во борбата против тероризмот и заштитата од шпионажа, заштитата на Уставниот поредок на Република Македонија и нејзината национална безбедност; зголемена е ефикасноста на сообраќајната полиција со подобрување на безбедноста на патиштата; ставен е во функција новиот систем за издавање на лични документи со кој веќе се подобрува ефикасноста на активностите од областа за граѓанската и статусната сфера (издавањето на лични документи за идентификација и водење на матична евиденција на граѓаните), при што веќе се постигнати голем дел од активностите: се зголеми бројот на опрема и базни станици на кои се аплицира за лични документи и се води управната постапка за примање и издавање на личните документи, при што се подобрија услугите кон граѓаните; се воведе Повикувачки центар каде што граѓаните своето право за добивање пасоши и други лични документи го остваруваат во закажан термин на бесплатен телефонски број. Воедно, извршена е и потребната реконструкција, техничко опремување, како и реновирање на управните шалтерски служби; во тек е воведувањето и реализација на ТЕТРА проектот за телекомуникациско

поврзување на полицијата со кој ќе се овозможи комплетно гасење на стариот систем и преоѓање во целост на нов систем, со што ќе се замени постоечката аналогна радио мрежа која е од застарен тип, етаблирање на новата организациона структура на секторите за внатрешни работи (намалување на бројот на СВР од 12 на 8), на полициските станици од општа надлежност и полициските станици за безбедност во патниот сообраќај и реализирана е обука на полициските службеници за потребите на новата организација и новите надлежности на полицијата.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 12263
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 642

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени интерни акти: планирани 50, реализирани 21
Број на прекршоци против јавниот ред и мир: планирани 13.000, реализирани 4.826
Број на успешно завршени обуки на припадници на Министерството за внатрешни работи: планирани 300, реализирани 90

## 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 457.394 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности ги извршува функциите и надлежностите утврдени со Уставот и со законите. Во рамките на своите програмски цели и задачи и оперативни активности, Министерството за правда учествува во: создавање на нормативни и организациски претпоставки, при што води грижа доследно да се изразат уставните определби, меѓународните и европските стандарди со цел за востановување и организирање независно, непристрасно и ефикасно судство; унапредување на статусот на јавнообвинителската организација, остварување на уставните определби за адвокатурата како самостојна и независна служба, унапредување на вршењето на нотарската дејност и дејноста на судските извршители; градење ефикасен и модерен изборен систем и унапредување на граѓанската иницијатива. Во составот на Министерството се наоѓаат и 34 подрачни одделенија и 237 месни канцеларии и Државниот управен инспекторат.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година, во функција на спроведување на стратегијата за реформа во правосудниот систем во Република Македонија, како и имплементација на Уставните амандмани се продолжи со натамошни активности на јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста на судството, со донесување на нови и измена и дополнување на постоечките закони, како и соодветни активности за практична имплементација на сите реформски закони.

Во 2008 година донесени се следните закони: Закон за вонпарнична

постапка; Закон за извршување-измени и дополнувања; Закон за политички партии-измени и дополнувања; Закон за спречување на корупцијата - измени и дополнувања; Закон за судови - измени и дополнувања (се однесува на воведување на специјализирани судови за дела од областа на организиран криминал и корупција); Закон за катастар на недвижности.

Во собраниска постапка се: Закон за спорт; Закон за организација и работа на органите на државната управа-измени и дополнувања; Закон за постапување по претставки и предлози; Изборен законик-измени и дополнувања; Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка; Закон за судска служба; Закон за заштита на лични податоци; Закон за дополнување на закон за Влада на РМ; Закон за судски буџет; Закон за општа управна постапка-измени и дополнувања; Закон за лобирање; Закон за кривична постапка-измени и дополнувања; Закон за финансирање на политички партии; Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер; Закон за архивска граѓа; Закон за облигациони односи-измени и дополнувања; Закон за нотаријат-измени и дополнувања.

Во владина постапка се: Закон за измени и дополнувања на Закон за државни службеници, Закон за парнична постапка-измени и дополнувања.

Во работна верзија се: Закон за пробација; Закон за помилување-измени и дополнувања; Закон за грбот на Република Македонија - измени и дополнувања; Закон за бесплатна правна помош; Закон за плати на членовите на судскиот совет; Закон за судови-измени и дополнување (се однесува на воведување на специјализирани судови за комерцијални спорови), Закон за медијација-измени и дополнувања.

Донесени се следните подзаконски акти: Тарифник за награда и надоместок на трошоците на медијаторите, Правилник за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите, Правилник за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите на Република Македонија.

Подзаконски акти во работна верзија се: Правилник за работното време на нотарските канцеларии, Правилник за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба, Правилник за полагање на нотарски испит, Правилник за формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи, Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на печатот, жигот, штембилите и фирмата на нотарот, Правилник за формата на уписниците, книгите и имениците и начинот на чување на нотарските акти, уписници и именици, како и преземање на други формални дејствија, Решение за распореување на осудените, казнетите и малолетни лица во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи и на притворените лица во казнено-поправните установи, Правилник за вооружувањето и начинот на вршење на работите на Секторот за обезбедување, Одлука за основање и организација на тренинг центар, Правилник за нормативи за подготвување на храна, Упатство за определување на условите и начинот на употребата на средствата за присилба, Упатство со кое се уредува извршувањето на стручно-инструкторскиот надзор над извршувањето на алтернативните мерки, Програма за обука и едукација во Тренинг центарот, Упатство за обрасците во управната постапка.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 596

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 477

## 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 812.913 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за извршување на санкции е орган во состав на Министерството за правда која ги врши работите што се однесуваат на извршувањето на санкциите, и тоа: изготвување на законски и подзаконски акти од областа на извршувањето на санкциите; координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; укажување на пропусти и давање на стручна помош во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи; следење на квалитетот на работата на установите и вршење на стручно-инструкторски надзор; контрола и обезбедување на сместувачки услови на осудените, малолетните и притворените лица; давање мислење и согласност по општи акти на установите; одлучување по разни барања на осудени лица; давање на услуги и помош директно на осудените лица или пак преку системот на казнено-поправните установи и сл.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Управата за извршување на санкции продолжува со активностите за унапредување на состојбите во казнено-поправните установи, подобрување на сместувачките услови и капацитетите за престој на затворените и осудени лица.

Во оваа насока извршено е комплетно реновирање и опремување на Затвор Прилеп, при што е довршен оградниот ѕид со караули, целосно е санирано притворското одделение, изведена е нова електрична инсталација, нова септичка јама и комплетно е реновиран санитарниот јазол, доградeн е системот за греење, изградена е нова рекреативна област со спортски игралишта и обезбедена е нова опрема во просториите за престој на осудените и притворените лица.

Во тек се градежните работи за надградба, доградба и санирање на објектите во Затворот Штип, кои се очекува да завршат до крајот на 2008 година. Овој Затвор ќе продолжи да функционира како казнено-поправна установа од затворен вид, со што значително ќе се растовари капацитетот на Казнено-поправниот дом Идризово кој за сега е единствената затворена казнено-поправна установа во Републиката. Во овој период се врши надградба на затворено одделение и стационар со засилена контрола, доградба на дневна болница, како и изградба на помали објекти неопходни за функционирање на установата. Во наредниот период е предвидено да се изврши набавка на систем за набљудување и опрема во кујната и просториите каде што престојуваат осудените и притворените лица.

Во Казнено-поправниот дом Идризово се гради нова пекара, нова перална и нова котлара, а се реновира и постоечката кујна во женското одделение. Во изминатиот период во Установата се преземани активности за подобрување на основните хигиенски услови, обезбедени се средства за одржување на хигиената, извршено е фарбање како и дезинфекција и дератизација на просториите во кои престојуваат осудените лица. Извршена е реконструкција и адаптација на просториите за посети – видувалната и петте простории за слободно видување, кои се опремени со соодветна опрема за

задоволување на потребите на осудените лица. Исто така снабдувањето со производи во двете кантини (во видувалната и затвореното одделение) е значително подобрено, а започната е со работа и нова кантина во женското одделение.

Во Затворот Скопје извршено е комплетно фарбање на ѕидовите и вратите, дел од опремата е реновирана, а дадени се и нови ќебиња и постелнина. Со Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните установи предвидени се средства за изградба на ново крило за притвор, изградба на ново отворено одделение и за целосна реконструкција на Установата. Со тоа значително ќе се подобрат условите за престој на притворените и осудените лица, ќе има можност за престојување на свеж воздух и по два часа на ден, а покрај тоа и хигиената, како личната така и на просториите ќе биде многу подобрена.

Во тек се градежни активности за изградба и адаптација на објект за новиот Затвор Куманово, чие завршување се очекува до крајот на 2008 година. Профункционирањето на овој Затвор и притворското оддление во негов состав, значително ќе допринесе за намалување на пренатрупаноста со затвореници во Затворот Скопје.

Во Затворот Тетово се прават напори да се подобрат условите за престој, особено во притворското одделение, а целосно се опремени новата кујна и трпезарија.

**ИНДИКАТОРИ*:***
Број на вработени: 576
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 929

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на стручно инструкторски надзори во казнено-поправните установи: планирани 22, реализирани 8
Број на осудени и притворени лица во казнено-поправните установи: планирани 2.200, реализирани 2220

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.883.763 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за надворешни работи ги врши работите што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија, воспоставување, развивање и координирање на односите, претставување и афирмирање на Република Македонија на меѓународен план; заштита на интересите, правата и имотот на Републиката и нејзините државјани и на домашните правни лица во странство; координирање и известување за политиката од надлежноста за која е основано; грижа за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји; организација и раководење со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија, како и организирање на системот на врски со нив; склучување, ратификување и чување на меѓународните договори; определување и одбележување на државната граница; комуникација и соработка со странските дипломатски и конзуларни претставништва на

странски држави и мисии на меѓународни организации во Република Македонија; акредитација на амбасадори, прием на акредитивни писма, издавање на привилегии и имунитети на странски дипломатски претставништва и претставништва на меѓународни владини организации и други работи во врска со именување и отповикување на амбасадори на Република Македонија во странство; собирање, проучување и грижа за странската и домашната документација од негова надлежност.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на првите шест месеци беа реализирани активности поврзани со надворешните работи и надворешната политика со интезивирање на активностите за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО. Во насока на промоција на исполнетоста на критериумите за членство во НАТО алијансата, беа вложени дополнителни напори сите релевантни фактори од Алијансата да бидат запознаени за подготвеноста на Република Македонија да стане рамноправен член на НАТО структурите. За таа цел беа објавени платени реклами во најтиражните дневни весници во САД, Германија, Франција, Холандија, Белгија како и во меѓународните дневни весници „Фајненшел Тајмс“ и „Интернешенел Трибјун“. Беа спроводени билатерални политички консултации со бројни држави во функција на презентирање на успесите на РМ, потпишана е Декларација за стратешко партнерство и соработка помеѓу САД и Република Македонија со која двете влади ја афирмираа посветеноста за понатамошно продлабочување и интензивирање на полето на трговската, економската и безбедносната соработка; потпишан е Договор за двојно одданочување со Република Ирска, состанок на претседатели од Централна Европа во Република Македонија. Во рамките на остварувањето на активностите за реализирање на обврските од Спогодбата за стабилазација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедници и нејзините членки остварено е учество на состаноци на поткомитетите за земјоделство, индустрија и транспорт и конференции на државите членки на Конвенцијата за хемиско оружје.

Во првата половина на 2008 година реализирани се два капитални проекти за купување на деловен простор за Амбасадата на Република Македонија во Прага и Амбасадата во Виена, а во овој период се реализираат активностите за купување на купување на деловен простор за Амбасадата на Република Македонија во Москва. Во истиот период отворени се неколку дипломатско-конзуларни претставништва и тоа: во месец јануари беше отворено ДКП-то во Прага, во февруари Генералните конзулати во Минхен и Мелбурн, во март Генералниот конзулат во Венеција, а во месец мај Канцеларијата за врски во Тел Авив. Како резултат на проширувањето на мрежата на дипломатско-конзуларните претставништва и стремежот за поседување на современа и професионална дипломатија која ќе може да одговори на предизвикот за достојно економско презентирање и остварување на политичките приоритети на Република Македонија во изминатиов период се работеше и на кадровско доекипирање на ДКП-та.

Во рамките на реализацијата на Проектот-Национален информациски систем за визно работење и Визен центар, во овој период, техничката опрема за НВИС системот е доставена во 22 амбасади и тоа: Истанбул, Солун, Виена, Софија, Будимпешта, Белград, Бон, Рим, Букурешт, Москва, Киев, Детроит, Берн, Берлин, Атина, Стокхолм, Копенхаген, Анкара, Вашингтон, Торонто, Отава и Париз. Опремата беше предвидена да се достави до 15 август, но оваа активност беше реализирана пред посочениот датум. НВИС системот е

оперативен во следните македонски ДКП: Солун, Софија, Истанбул, Виена, Будимпешта и Белград, односно во овие ДКП целосно се одвива постапката за издавање на визи.

**ИНДИКАТОРИ**
Број на вработени: 391
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.626

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**
Број на издадени дипломатски и службени пасоши: планирани 954, реализирани 375
Број на купени ДКП на Република Македонија во странство: планирани 15, реализирани 5
Број на реализирани проекти со иселеништво: планирани 19, реализирани 7
Број на одржани сесии: планирани 12, реализирани 9
Број на семинари, курсеви и друг вид на обуки: планирани12, реализирани 5

## 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.198.766 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за финансии го подготвува Предлогот за донесување на буџетот до Владата, ја предлага даночната политика, обезбедува централизирано плаќање на обврските, како и централизирано евидентирање на приливите, управување со Единствената трезорска сметка, со што се обезбедува сигурност во поефикасната употреба на готовината, го контролира развојот на осигурителната дејност, а исто така е и клучна институција која соработува со меѓународните финансиски институции во насока на спроведување на структурните реформи за економскиот развој. Министерството за финансии воедно работи на намалување на корупцијата преку Финансиската полиција и Дирекцијата за спречување на перење пари. Исто така, ја надгледува реализацијата на своите финансиски политики и процедури и го контролира работењето на Царинската управа, Управата за јавни приходи и Бирото за стоковни резерви.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година во Министерството за финансии се реализираат активности поврзани со: работи и задачи од областа на макроекономијата, проектирање, следење и анализирање на макроекономските индикатори, следење на остварувањето на Макроекономската политика на годишно ниво, подготвување на месечни краткорочни извештаи за економските движења и Годишен извештај на економските движења, се иврошуваат активности од областа на даночната и царинска политика, се врши следење и подобрување на законските прописи од областа на даноците, царините и игрите на среќа, следење и планирање на даночните и царинските приходи, анализи и истражувања за наплата на даночните приходи, се подготвуваат информации за остварување на даночните приходи, се склучуваат билатерални договори за двојно оданочување со други земји, се врши хармонизација на даночните

прописите со легислативата на ЕУ.

Редовно се извршуваат обврските согласно Законот за извршување на буџетите, изготвена е Фискална стратегија на среден рок, изготвена е Завршна сметка на Буџетот на РМ и единиците на локалната самоуправа за 2007 година, подготвен е Буџетскиот циркулар за 2009 година и истиот е доствен до буџетските корисници, се изготвуваат краткорочни и среднорочни проекции на буџетските приходи и расходи врз основа на анализи на макроекономските индикатори, се врши контролирање на вработувањата кај буџетските корисници и единки корисници и следње на исплатата на плати, се извршуваат активности за реализација на основните функции на трезорското работење односно извршување на Буџетот на РМ и на буџетите на единиците на локалната самоуправа, управување со ликвидноста, водење на буџетско сметководство, следење на наплата на приходите, се води евиденција на достасаните ненамирени обврски на буџетските корисници, навремено ажурирање на сите промени во Регистарот на буџетски корисници, измени во трезорскиот систем согласно промените во Законот за платниот промет и воведување на трансакциони сметки.

Активности околу хармонизација на законите што се во надлежност на Министерството за финансии со законодавството на Европската унија, навремено реализирање на активностите во надлежност на Министерството за финансии во процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ, соработка со меѓународни финансиски институции и со билатерални кредитори преку формулирање и имплементирање на среднорочни стратегии за официјална развојна соработка, следење и извршување и координирање на сите обврски кои произлегуваат од аранжманите со ММФ и Светската банка, редовно следење на реализацијата на странските заеми и донации со кои се финансираат проекти во Република Македонија, анализа, изготвување и ажурирање на проекции за користење на средства од заеми и донации, во тек е тестирање на системот за финансиски апликативен менаџмент при Секторот за меѓународни финансии,

Навремено сервисирање на обврските по основ на јавниот долг, активности поврзани со ажурирање на евиденцијата на јавниот долг, спроведување на донесената среднорочна стратегија за управување со јавниот долг и годишно ажурурање на истата, стимулирање на побарувачката на домашни хартии од вредност, контунуирано издавање на државни записи и обврзници, во тек е имплементација на софтвер за системот за јавен долг,

Активно се работи на воспоставување на децентрализиран систем на управување со ИПА фондовите (ДИС) и на подготовка за добивање на акредитација од Европската комисија за ДИС. За таа цел се превземени активности за соодветно кадровско екипирање и активно учество во сите обуки и семинари од областа на функционирањето на институциите во рамките на Европската Унија и запознавање со ЕУ регулативите и директивите. Исто така, активно се работи на воспоставување на правната основа за децентрализирано управување со ИПА, преку подготовка на Прирачникот за внатрешните постапки со целата придружна документација, како и на сите неопходни договори и документи кои претставуваат основен предуслов за добивање на акредитација, одржани се бројни состаноци, советодавни ревизорски мисиии со претставници од различни Генерални директорати на Европската комисија, Секторски комитети за следење на постигнатиот напредок. Во наредниот период ќе продолжат активностите кои се однесуваат на подготовка за поднесување на Барањето за добивање на акредитација за децентрализирано управување со ИПА помошта. Во таа насока, во периодот јули – август 2008 година се очекува спроведување на ревизорска мисија за оценка на усогласеноста со критериумите за акредитација. Согласно препораките од Извештајот кој ќе

следи од оваа мисија, ќе се превземат сите неопходни активности за подготовка на акредитациониот пакет до ЕК и ќе се поднесе Барањето за добивање на акредитација на ДИС структурите во Република Македонија во четвртиот квартал од 2008 година.

Се извршуваат активности за имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, се врши финансиска контрола кај субјектите од јавниот сектор согласно годишниот план, како и активности за зајакнување и развој на системот на јавната внатрешна финансиска контрола, Се следи имплементација на Законот за јавни набавки и се даваат предлози за унапредување на системот на јавните набавки, спроведување на пропишаните постапки за јавни набавки, обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведување на јавните набавки и поттикнување на конкуренцијата и рамноправноста на понудувачите во постапките за јавни набавки, се превземаат активности за развој на електронски јавни набавки и имплементација на електронските аукции како облик на спроведување на постапките за јавни набавки како и изработка на софтверска програма за спроведување на електронските аукции,

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 584
Оперативни расходи по вработен ( во илјада денари): 1.362

## 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 17.082.503 илјади денари**

***ПРОГРАМИ ЗА 2008 ГОДИНА (ОПИС И ЦЕЛИ):*** Во рамките на буџетот на овој раздел за 2008 година е предвидена една буџетска програма *2 - Функции*, која ги опфаќа следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основа на домашно и странско задолжување; трансферирање на средства до здруженија на граѓани, хуманитарни здруженија и политички партии, согласно со Законот за игрите на среќа, Законот за финасирање на здруженија на граѓани и фондации и Законот за финансирање на политички партии; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; исплата на испратнини при редовно пензионирање, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за инвалидизирани лица; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; трансферирање на средства до Фондот за патишта; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации и финансирање на одлуки донесени од Владата на Република Македонија во текот на годината. Исто така, во рамките на оваа програма, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на буџетот, предвидени се и средства за финанисрање на непредвидените трошоци во текот на фискалната годината. Основни цели на оваа програма се: ефикасно извршување на функциите на државата; навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на РМ, кои при планирањето на Буџетот не можеле да се утврдат; навремена исплата на солидарна помош во случај на смрт и финансирање на штети во услови на природни непогоди.

## 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 993.630 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, во својство на правно лице. Функции утврдени со закон ги извршува преку Централната управа и царинарниците. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, додека царинарниците се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патничкиот промет со странство.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во Царинската управа на Република Македонија во текот на 2008 година, сите активности се ориентирани кон постигнување на конкретни резултати во борбата за сузбивање на корупцијата во Царинската управа, спречување на нелегалната трговија, заштита на правата од интелектуална сопственост и на животната средина. Во овој период продолжи имплементацијата на новата царинска регулатива фокусирана кон анализа на ризик и царински контроли и надзор на иматели на одобренија со економски ефект.

Во првата половина од 2008 година се отпочнати повеќе проекти и тоа: Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа кој е финансиран со заем од Светската банка и има за цел да го олесни движењето на стоките помеѓу Република Македонија и земјите од Југиосточна Европа, преку отстранување на одредени тесни грла во инфраструктурата на граничните зони и подобрување на ефикасноста и квалитетот на патните и железничките услуги долж транс-европскиот коридор X на територијата на РМ. Во Царинската управа на Република Македонија се реализираат две проектни компоненти: *Подобрување и модернизација на граничниот премин Блаце за лесни возила, автобуси и пешаци* и *Воведување на железнички комуникациски*

Со реализација на компонентата за подобрување и модернизација на граничниот премин Блаце – патнички дел**,** ќе се забрза протокот на лесни возила, автобуси и пешаци, преку изградба на нова административна зграда за царината, полицијата, фитосанитарната и ветеринарната инспекција, како и преку изградба на објект за контрола на автобуси, и преку проширување на коловозните ленти.

Компонентата за воведување на железнички комуникациски систем предвидува заедничка активност со Македонски железници (МЖ) во изнаоѓање на заедничко информатичко-комуникациско решение за поедноставување на царинските постапки со стокови пратки во железничкиот сообраќај. За реализација на оваа компонента, Царинската управа и Македонски железници формираа Заедничка работна група. Оваа работна група, според проектните документи, во соработка со претставници на Светската банка треба да подготви работни задачи за избор на меѓународен консултант кој ќе изврши детално специфицирање на Техничка спецификација за набавка на соодветната информатичко-комуникациска опрема и софтвер.

Во согласност со проектот за *Видео мониторинг и оптички читачи на*

*регистерски таблички,* спроведена е меѓународна постапка за јавна набавка и следи усогласување на договорот со избраниот најповолен понудувач. Во фаза е реализација на Договорот за завршување на Проектот за реконструкција на шалтерите на Царинската управа, а спроведена е постапка за јавна набавка за *интегриран информациски систем*, во кој се содржани софтвер за документ менаџмент, човечки ресурси и финансиско работење.

Во текот на 2007 година, врз основа на спроведената постапка за набавка на опрема за воведување на едношалтерски систем, испорачана е опрема и истата е инсталирана на сите локации согласно договорот. Од страна на УСАИД изработена е апликација за воведување на едношалтерски систем која ќе биде пуштена на тестирање на 15.07.2008 година

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 955
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари):590

## 09004 БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.785.297 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за стоковни резерви е носител на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Бирото ги врши управните, стручните и други работи во врска со стоковните резерви. Бирото за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и пред министерот за финансии.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Согласно законски утврдените надлежности во однос на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви и Програмата за формирање, чување и обновување на стоковните резерви, Бирото за стоковни резерви заклучно со 15.06.2008 година, реализираше дел од програмата и тоа: Извршена е продажба на 19.959.270 кг. Меркантилна пченица; реализирана е набавка на 9.320.730 кг. пченка за сточна храна; извршено е обновување на 1.115.273 кг. готварска сол; продадени се 2.000.000 кг.сурово (нерафинирано) масло за јадење; планирана е замена на МБ-96 (премиум) со друг нафтен дериват; објавени се огласи за доделување на договор за јавни набавки за: контрола и квантитет на стоки од стоковните резерви (отворање на понудите на 27.06.2008 год.), превоз на стоки од стоковните резерви (отворање на понудите на 17.07.2008 год.), набавка на јачмен за сточна храна (отворање на понудите на 10.07.2008 год.), осигурување на имот и стоки од стоковните резерви (отворање на понудите на 10.06.2008 год.). На 10.07.2008 година ќе биде објавен меѓународен тендер за набавка на 20.000.000 кг. пченица; во текот на 2008 год. по потреба ќе се врши обновување на лековите и нивна замена со лекови од понова генерација; постапката за продажба на нефункционалните стоки кои не се опфатени со законот за стоковни резерви продолжува и во 2008 година.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 3.134

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на тендери: 3

## 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.264.637 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи. Нејзините надлежности опфаќаат: спроведување на законите и други прописи за даноците и другите јавни давачки; регистрација на даночните обврзници со доделување на единствен даночен број и водење единствен регистар на даночни обврзници; примање на даночни пријави и внесување на даночните побарувања во даночната евиденција; утврдување на даноците во согласност со закон; инспекциски надзор во согласност со закон; наплата на даноците; водење на даночна евиденција; враќање на повеќе или погрешно наплатен данок; воведување, организирање, користење и развој на единствен даночен систем; следење и анализирање на даночните приходи; следење и анализирање на примената на прописите за даноците и функционирањето на даночниот систем; соработка со даночните органи на други држави и проучување на даночни системи; следење на примената на меѓународните договори од областа на даноците; давање меѓународна правна помош во даночни предмети; издавање уверенија, потврди и други документи за платени даноци; донесување на финансиски план, програма и планови за работа; донесување на оперативни инструкции; планирање и спроведување на обуки за усовршување и оспособување на службениците; давање појаснување на даночните обврзници во примената на прописите за даноците и обезбедување јавност во работата. Управата за јавни приходи собира и обработува податоци за утврдените и наплатените даноци и предлага измени во даночната политика, прописите за даноците и на други прописи заради унапредување на даночниот систем и зголемување на ефикасноста и ефективноста во наплатата на даноците.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Управата за јавни приходи во однос на утврдувањето и наплатата на даноците и другите видови јавни приходи, во функција на зголемена наплата на јавните приходи и намалување на даночната евазија, во овој период од годината реализираше: зголемување на бројот на инспекциски контроли и екипирање на инспекцискиот надзор во рамки на канцеларијата за големи даночни обврзници со цел зголемување на наплатата на јавните приходи; значително зголемен обем на редовни контроли во однос на системот за регистрирање на готовинските плаќања-фискализацијата и забрзување на постапките со цел редовно реализирање на повратот на данокот на додадена

вредност.Во престојниот период од годината планирани се имплементации на нови софтверски решенија со цел осовременување и олеснување на процедурите за пријавување и наплата на даноците од правните субјекти.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 1258
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 613

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Наплата на јавни приходи заради финансирање на јавните расходи: 33.456 милиони денари

## 09006 УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 36.902 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице. Надлежен е за спроведување финансиска контрола, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на финансиите и вршење контрола на применета на даночните, царинските и други прописи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Поднесени кривични пријави до Јавното обвинителство за кривични дела: даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни и други измами на штета на имотот на Република Македонија, корупција и злоупотреби, неплаќање на други јавни давачки пропишани со закон.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени:11
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 2.968

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на поднесени кривични пријави: 11

## 10001-МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.524.560 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за економија ги извршува следниве задачи, обврски и активности: креирање на индустриска политика и спроведување на структурни реформи; создавање услови за зголемување на извозот преку мултилатерална,

билатерална соработка и извозна промоција; подобрување на бизнис климата; поттикнување на инвестициите; зголемување на конкурентноста; предлагање и извршување на политики и основање институции за развој на претприемништвото; предлагање и извршување на политика за развој и промоција на туризмот; создавање услови за зајакнување на конкуренцијата на енергетскиот пазар и одржливост во снабдувањето со енергија; воспоставување систем за ефикасно искористување на минералните суровини; соработка со бизнис секторот и соработка со невладиниот сектор. Цел на Министерството за економија е создавање услови за забрзан економски раст и успешна економска интеграција на Република Македонија во ЕУ и Евроатланските структури, како зголемување на благосостојбата на граѓаните на Република Македонија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година усвоени и објавени се 486 стандарди, а до крајот на годинана се планира усвојување на вкупно 1425 стандарди; изготвен е Законот за формирање на Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија; изработен е Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетиката; изработен е Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва; изработена е Стратегија за развој на туризмот во Република Македонија 2008-2012 година; изготвена е Програма за промоција на туризмот во 2008 година; во тек е измена и дополна на Законот за туристичка дејност и Законот за угостителска дејност.

Во првата половина од годината издадени се вкупно 41 лиценца за работа во туристичката и угостителската дејност. Формирана е Соларна тест лабораторија во рамки на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР). Направен е пренос на целокупната документација од Агенцијата за приватизација во Државниот архив.

Во тек се активности за изготвување на Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија, Стратегија за индустриска политика на РМ; изготвување на Базна студија за обновливи енергетски извори на Република Македонија, како и активности за спроведување на Кампањата за штедење на енергија.

Во тек е распишување на тендер за консултантски услуги за изготвување на хидролошки подлоги (мерење протоци за околу 100 мали ХЕЦ, теренски испитувања и анализи); тендер за ангажирање на ревизорска куќа која треба да изврши проверка на книгите и податоците на ЕСМ, согласно Договорот за купопродажба на акции во државна сопственост на АД ЕСМ; тендерските постапки за изградба на две групи мали хидроелектрични централи, потоа изградба на ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште и ХЕЦ Бошков мост; набавка на опрема за контрола на квалитетот на електричната енергија за потребите на Државниот технички инспекторат; активности за тендер за избор на специјализирана компанија која ќе направи анализа на постојната геолошка документација од досегашните истражувања за изнаоѓање на нафта во Република Македонија. Во тек е реализацијата на Програмата за експлоатација и одржливо искористување на минералните суровини за 2008 година. Ќе се направат анализи на постојните елаборати за рудни резерви и доистражување на јаглените на локалитетите Неготино и Лавци и ревизија на истите, потоа испитување на потенцијалот на пелагониската котлина и ревизија на истото.

Продолжува реализацијата на Програмата за основни геолошки истражувања со која е предвидено реализација за изработка на Основна геолошка карта ОГК-2 (втора фаза) и продолжување со реализација на ОХГК и

ОИГК. (четврта фаза). Продолжува да се реализира Програмата за геолошко информативен систем со која се врши средување и ставање на геолошката документација на Република Македонија од печатена во дигитална форма. Се следи реализацијата на Програмата за заштита на потрошувачите и имплементацијата на Програмата за поттикнување на инвестициите 2007-2010 со Акционен план. Приватизацијата на државниот капитал во 2008 година продолжува согласно Програмата на Владата на Република Македонија. Повторно ке се објават јавни повици за консултантски услуги-изготвување на финансиска и економска анализа за финансиско консолидирање и реструктуирање, маркетинг и продажба на акциите на државните институции на друштвата: ОХИС АД.-Скопје, 11 Октомври–Еурокомпозит, АД.Прилеп, ЕМО АД Охрид, Тутунски комбинат АД. Прилеп и фабриката за шински возила Велес. До крајот на годината ќе се приватизираат неколку радио станици кои останаа непродадени, пиланите Бушава чешма, Македонски Брод и други фирми за кои ќе се објават тендери за изработка на проценки, адвокатски и консултантски услуги за приватизација на неприватизираните претпријатија.

Се предвидува организирање на Конференција за предизвици и нивните трендови во регионалниот металургиски комплекс и челичната индустрија во рамките на националната програма за реконструирање на челичната индустрија.

Продолжуваат активностите за оддржување на обуки за полагање на испит за овластен стечаен управник; проширување на ВЕБ страната на Министерството за економија со огласи за продажба на имотот на стечајните должници; до крајот на годината ке се подготви Правилник за пожарна класификација на градежни производи; се подготвува донесување на документ за национална индустриска политика на Република Македонија за периодот 2009-2020 година. До крајот на годината ке се изготват и индикатори за мерење на конкурентноста на Македонската индустрија. Продолжува реализацијата на Договорот од ГЕФ (Глобален еколошки фонд). Во рамките на Бирото за метрологија ќе се врши калибрација на мерила и еталони и досега истата е направена на 150 мерила и еталони. Се спроведува Правилникот за хомологација и во тек е постапка за набавка на посебен софтвер за он-лине добивање на документи за хомологација, како и да се направи имплементирање на ИСО 17025.

Продолжуваат активностите за промовирање на употребата на македонските национални стандарди, претставување на интересите на македонските национални стандарди во меѓународните и европските организации за стандардизација и спроведување на постапка за нотифицирање во областа на стандардите, техничките прописи и процедури за оцена на сообразноста, согласно со Договорот за техничките бариери во трговијата на Светската трговска организација.

Министерството за економија презема мерки и активности за усогласување на домашната со меѓународната регулатива, во согласност на стандардите на ЕУ и барањата на СТО, активно учествува во склучување на договори за слободна трговија и договори за трговско-економска соработка, како и следење на имплементацијата на Договорите, ја следи работата и активно учествува во СТО, Регионалниот Совет за Соработка на земјите од ЈИЕ, институциите на ООН и другите меѓународни институции, ги следи надворешно-трговските текови, предлага мерки за олеснување на трговијата за натамошна либерализација на увозот и извозот, заштитни мерки од зголемен субвенциониран увоз, врши контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, го регулира увозот и извозот на стоки во согласност со меѓународни конвенции и договори, учествува во работата на ЦЕФТА телата за спроведување на обврските од овој мултилатерален трговски договор.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 467
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.258

**АУТПУТ ИНДИКАТОР*:***
Број на работилници и советувања за спроведување на политиката за заштита на потрошувачите во Република Македонија: планирани 20, реализирани 6
Број на реализирани проекти од областа на енергетиката: планирани 8, реализирани 2
Број на реализирани геолошки истражувања: планирани 14, реализирани 2
Број на усвоени стандарди: планирани 1425, реализирани 486

## 10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2008: 265.000 илјада денари

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ:

Агенцијата за странски инвестиции согласно со Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/2004 и 81/2008) е самостоен орган со својство на правно лице. Основна цел е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции со кои се поттикнува економскиот развој на Република Македонија преку професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните 64 добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите, во електронски и
печатени медиуми, промовирање на регионите на Република Македонија, поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија, обезбедување услуги на инвеститорите и други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Агенцијата за странски инвестиции во текот на 2008 година ги реализираше активностите поврзани со Програмата за промоција и развој на инвестиции за 2008 година, и тоа во насока на зајакнување на процесот на економска промоција преку ангажман на досега осумнаесет економски промотори од вкупно планирани дваесет и три за нивна работа во дваесет и три земји во светот со цел подигнување на свеста на странците за инвестиционите погодности кои Македонија ги нуди и координација на странска помош од аспект на доусовршување на методите на услужување на странските инвеститори и зајакнување на клучните маркетинг пораки. Во изминатиот период Агенцијата изврши проширување на маркетинг базата на податоци за економските индикатори и компаниите-потенцијали инвеститори од земјите кои ги покриваат економските промотори, ажурирање на анализите за индустриските сектори на автомобилската индустрија, агро бизнисот, информатичката технологија, софтвер и фармација и медицински помагала, потоа отпочна соработка со Агенцијата за поддршка на претприемништвото во делот на располагање со базата на податоци на домашни компании, подготовка на промотивни материјали за информатичката технологија и автомобилската индустрија во Република Македонија, развој на маркетинг план и евалуациона форма со

индикатори за успешно следење на работата на веќе упатените економски промотори за работа во странство, како и неколкукратни посети на меѓународни саеми од областа на недвижности, автомобилска индутрија и општо странски инвестиции. Од аспект на услуги на инвеститори, Агенцијата за странски инвестиции континуирано ги води стотината инвестициони проекти, врши придружување на инвеститорите при теренски посети на домашни компании, расположливи фабрички и останати капацитети во земјата, како и организација на средби со релевантни владини претставници.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 20
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 13.100

## 11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 50.328 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост согласно со Законот за индустриска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/2002, 42/2003, 9/2004, 39/2006) е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Основна цел е спроведување постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост, промовирање на заштитата на индустриската сопственост и други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година зголемена е ефикасноста во спроведување на административната постапка во заштитата на правата од индустриската сопственост. Утврден е ситем за контрола на уплата на таксите кои произлегуваат од пристапувањето во Организацијата. Подготвен е предлог Закон за ратификација на Европската патентна конвенција (ЕПК) заради пристапување во Европската патентна организација. Подговена е прва верзија на Националната програма за спроведување на заштитата на правата од интелектуалната сопственост. Започнати се активности за подготвување на Национална стратегија за интелектуална сопственост.

Продолжуваат активностите за координирање на активностите на Координативното тело за интелектуална сопственост. Во тек е потпишување на Протокол за соработка на Државниот завод со Заводот за пронајдоци и трговски марки на Република Романија и Договор за соработка со Заводот за индустриска сопственост на Република Чешка.

**ИНДИКАТОРИ*:***
Број на вработени:33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.451

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост: планирани 6.850, реализирани 4.200

## 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 542.246 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за животна средина и просторно планирање е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторното планирање и се однесуваат на: следењето на состојбата на животната средина; заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување; заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области; реставрацијата на загадените делови од животната средина; предлагањето мерки за третман на цврст отпад; просторното планирање; просторниот информативен систем; надзорот од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Министерството за животна средина и просторно планирање во рамки на законските надлежности, а согласно поставените цели и приоритети за 2008 година го донесе Законот за генетски модифицирани организми, а во процедура е Законот за води. Организирани се јавни презентации на Стратегијата за управување со отпад, организациони активности околу чистење на терените во рамки на проектот „Ден на дрвото„, организирање на кампањите „Денови на пролетта-денови на екологијата„, „Чисти улици за сите нас„. Во завршна фаза е изградбата на водоснабдителни системи во н.м. Теарце, н.м. Желино 2 фаза, н.м. Теново, с. Групчин. Во завршна фаза е изградбата на фекална канализација во населбите Љуботенски и Раштански пат. Изработен е Извештај за спроведување на Просторниот план, продолжени се активностите за одржување на воспоставените мониторинг станици, контрола на квалитет на водите, воздухот и цврстиот, радиоактивен и медицинскиот отпад, поддршка на стопанскиот сектор и индустријата за постигнување на стандардите согласно директивите на ЕУ и новите закони.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 151
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 1.152

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на денови на вработени поминати на обуки: планирани 50, реализирани 50
Број на финансиски проекти: планирани 250, реализирани 24
Број на просторни планови: планирани 2, реализирани 0
Број на прекршочни норми за максимални дозволени концентрации: планирани 400, реализирани 30

## 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.211.998 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министертвото за транспорт и врски извршува активности со кои се уредуваат односите во сферата на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, внатрешната пловидба, уредување на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година Министерството за транспорт и врски има изработено Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за јавните патишта, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за облигациони односи и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.

Изработена е нова интернет страница со релевентни информации за соодветните сектори, во тек се активности за санација на каналите на Билјанини извори и Св.Наум во Охрид заради воведување на езерска линија со Поградец; отпочнати се градежни активности за санација на активните свлечишта Гермо, Рамина, Ракотинци; континуирано тече реализацијата на проектите за водоснабдување на Тетово, Прилеп, Свети Николе и останатите населени места; третманот на отпадните води се врши со изградба на канализациони системи; реализирана е санација и изградба на армирано-бетонски мост на река Треска на локален пат село Глумово-Шишево, општина Сарај; извршена е реконструкција на коловозната конструкција на крстосницата „Момин Поток„; распределени се ЦЕМТ дозволите на транспортните фирми; во тек е изработка на урбанистички планови за гранични премини, локалитети за комерцијални намени и индустриски комплекси; субвенционирани се општините за изработка на урбанистички планови за локалитети за странски инвестиции.

Основните цели на Министерството за транспорт и врски во оваа година се: продолжување со планираното одржување на железничките пруги во Република Македонија; изградба на нови водоснабдителни системи и фекални канализации во населените места со цел обезбедување на населението со здрава вода за пиење и третман со отпадните води; изработка на урбанистички планови; реализација на проектите за рехабилитација на водоводите во Прилеп, Тетово и Свети Николе, изработка на проекти и санација на активни свлечишта, како и изработка на повеќе закони и подзаконски акти.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 198
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.206

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на објавени тендери за продажба на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија: планирани 82, реализирани 74
Број на распределени ЦЕМТ дозволи: планирани 1.000, реализирани 917
Број на проекти за изградба на водоводи и фекални канализации во Република Македонија: планирани 40, реализирани 39

## 13002 АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 955.745 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата е самостоен правен субјект, надлежен за работи поврзани со воздушниот сообраќај и ги извршува задачите во врска со безбедноста на воздушната пловидба. Агенцијата го контролира воздушниот простор над Република Македонија, безбедноста на воздухопловите и издавањето на лиценците и валидација на дозволите на воздухопловниот персонал.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Агенцијата за цивилно воздухопловство во текот на 2008 година планира да оствари зголемен обем на сообраќај како резултат на зголеменото ниво на воздушни патишта во Републиката и во регионот, да го реализира планот на давање на услуги за слетување и да пристапи кон поделба на регулатор и провајдер согласно новиот Закон за воздухопловство.

Во наредниот период акивностите на Агенцијата се насочени кон: сервисирање на услугите на воздухопловите во прелет на воздушниот простор на Република Македонија и давање на услуги за слетување со цел подобрување на безбедноста на воздушниот простор и авиосообраќајот; одржување на вкупните системи (земски радионавигациски системи, информатички системи, радарска техника, комуникациски и метеоролошки системи, енергетски системи, мототехнички системи и техничко одржување); имплементирање на законските регулативи од Европската комисија; имплементација на современи воздухопловни капацитети во управувањето со воздушниот сообраќај; финализирање на процесот на раздвојување на регулаторот од провајдерот; усвојување и примена на политиката за заштита на околината и заземање значајна улога во процесот на регионалната соработка.

### ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 327
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.362

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Издадени дозволи за редовен и нередовен авионски сообраќај: планирани 317, реализирани 157
Остварени летови: планирани 130.334, реализирани 62.000
Издадени билтени за генерална, комерцијална, воена авијација и за прелети: планирани 91.000, реализирани 58.000
Одржување на CNS (Communication, Navigation and Survaliance) уреди: планирани 221, реализирани 128
Извршени безбедносни (security) инспекции: планирани 14, реализирани 8

## 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.040.526 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е буџетска институција која врши надлежности во областа на: земјоделството, шумарството и водостопанството; користење на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства; ловот и риболовот; хидромелиоративните системи; следењето и проучувањето на состојбата со водите, одржување и подобрување на режимот на водите и врши други работи утврдени со закон. Во рамките на Министерството функционираат управите за ветеринарство, водостопанство, семе и саден материјал и заштита на растенијата, како и Државниот инспекторат за земјоделство.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на првата половина од 2008 година, се изработија подзаконски акти и системи за имплементација на клучните системски закони од областа на земјоделството, руралниот развој, ветерина и здравје и заштита на растенија. Во овој период се донесени: Уредбата за спроведување на политика за рурален развој и Правилник за воспоставување на единствениот регистар на земјоделски стопанства, Програма за финансиска поддршка на земјоделството и Програма за поттикнување и развој на органското земјоделско производство во 2008 година, Програма за финансирање на активностите во примарното тутунско производство во 2008 година, Програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2008 година, Програмата за здравје на растенијата, низа програми за заштита на животните и јавно здравство од областа ветерина, Програмата за проширена репродукција на шумите за 2008 година и Програма за финансиска поддршка на руралниот развој.

Во текот на првата половина од 2008 година се реализираат и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки (ССА) преку организација на 4-от Поткомитетот за земјоделство и рибарство, со учество во работата на 5-от Комитет за стабилизација и асоцијација и завршување на преговорите за меѓусебните концесии од Протоколот за вино. На 24 април 2008 година во Кишињев–Молдова се одржа Поткомитет за земјоделство - ЦЕФТА 2006. На 29 мај во Скопје се одржа Шестата седница на Мешовитата македонско-кинеска комисија за трговска и економска соработка.

Преку Комитетот за политики беа усвоени критериумите за распределба на поволни финансиски пласмани за развој на инвестиционата активност во земјоделството со поволни каматни стапки кои ќе бидат пласирани преку комецијалните банки, а кои средства се обезбедени преку комбинирање на постоечкиот револвинг фонд од ИФАД 1 и ИФАД 2 во Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд со слободните средства од ПСДЛ 1 и ПСДЛ 2[1]. Реализацијата на средствата започна на почетоков од годината.

Основано е АД Агриленд за промоција и откуп на вишоци на земјоделски производи и во тек се активности за нејзино спојување со израелската компанија Сани Ленд и формирање на Друштво со ограничена одговорност.

Во делот на земјишната политика остварени се активности за средување на евиденцијата на државно земјоделско земјиште, ревизија на сите постапки

за доделување на земјоделско земјиште во државна сопственост и инпекциски контроли за увид во реалната состојбата на терен со веќе издаденото земјиште дадено под закуп и санкционирање на незаконските постапки, интензивирање на процесот на распределба на расположливото неискористено државно земјоделско земјиште под закуп и продолжување на евиденција на земјоделско земјиште под винови насади во катастар на винови насади.

Со цел создавање на услови за користење на претпристапните фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) и имплементација на ИПАРД Програмата, во тек е реализција на следниве активности: подготовка на прирачници за корисници на ИПАРД фондови и стратегија за публицитет и информирање, реализација на проценка на капацитетите на индустријата за месо и млеко и класификација според постигнатите стандарди од страна на Управата за Ветерина, формирање на институционален капацитет на Телото за управување со ИПАРД фондови во МЗШВ и припреми за негова акредитација, воспоставување на Комитет за следење на ИПАРД .

Реформите во водостопанство беа насочени кон формирање на нови водни заедници, пренесување на инфраструктури на веќе формирани водни заедници и формирање на нови Водостопански претпријатија и тоа во Струмица, Радовиш и Куманово. Во наредниот период треба да се формираат пет нови претпријатија во Битола, Гевгелија, Ресен, Охрид-Струга, Тетово-Гостивар.

Во оваа година ќе се продолжи со одржување и рехабилитација на браните во Република Македонија, веќе е завршен тендерот за рехабилитација на браната ,,Тиквешко Езеро,, (затворачница), а во тек е постапката за изготвување на Физибилити студии за изградба на нови брани во РМ (Кадина Река, Оризарска Река, Слупчанска Река и сл.).

Оваа година продолжува активноста за чистење на каналите и речните корита при што досега се привршува подготовката за чистење на над 120км канали и речни корита.

Во врска со реализација на хидросистемот Злетовица, интензивно се работи на поставување на цевководи и активностите за изградба на брана. Активностите поврзани со реализација на хидро-системот Лисиче скоро се завршени, браната е во процес на полнење, а на објектите е извршен технички прием. Оваа година се реализира Зафатот Врановска Река, каде градежните работи се во тек, а планирано е да се започне со активности за обезбедување на средства за фаза 2 -систем за наводнување на околу 4000ха. Активностите за реализација на проектот Јужно Вардарска Долина се завршени и системот е во употреба.

Во овој период превземени се низа активности во насока на воспоставување на Интегриран систем за здравствена заштита на животните преку: надградба на националниот епизоотиолочки информативен систем; Интеграција со Лабораторискиот Информативен Систем и Информативниот Систем за обележување на говедата. Перманентно се врши контрола на одгледувалишта за говеда во функција на Развој и имплементација на ветеринарен информативен систем–ВИС, како и контрола на резидуи од одредени супстанции, ветеринарни лекови и контаминенти во живи животни и во храната од животинско потекло.

Со Програмата за проширена репродукција на шумите во 2008 година е предвидено да се реализира пошумување на голини, прореди во шумски култури, санирање на опожарени шумски површини, обезбедување на саден материјал, заштита на шумските насади и друго. Се оствари успешната реализација на акцијата ,,Денот на дрвото” засади ја својата иднина во сите општини во Републиката. Во тек е постапка за реализација на сузбивањето на штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури. Формирано е

Координативно тело на МЗШВ за заштита на шумите од пожари во Република Македонија.

Активностите на Фитосанитарната Управа беа фокусирани на редовни фитосанитарни контроли на гранични премини на пратки од растенија и растителни производи од увоз, реекспорт и транзит и на царински терминали односно на местата на отпремување на пратките наменети за извоз.

Државниот инспекторат во текот на овој период изврши многу контроли, состави записници и донесе решенија за отстранување на недостатоците и запирање на незаконското работење и поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 615
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.277

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени законски и подзаконски акти согласно НПАА: планирани 102 остварени 30.
Број на потпишани договори со правни лица за реализација на активностите за пошумување и заштита на шуми: планирани 5, остварени 5.
Број на донесени програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој: планирани 6, остварени 6.
Процент на испитани говеда за бруцелоза и туберкулоза од вкупниот број на говеда кои се целна група за испитување: планирани 80%, остварени 80%.
Број на извршени лабораториски фитопатолошки, квалитативни и хемиски анализи за следење на растителни штетни организми: планирани 450, остварени 50.
Должина на реконструирани, изградени и исчистени канали за наводнување и одводнување: планирани 140 км, остварени 0.

## 14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 74.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е буџетска институција, која со своите активности допринесува во зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство, поголема искористеност на капацитетите и зголемување на профитабилноста. Агенцијата е одговорна за давање на услуги преку практична имплементација на научни и технички сознанија насочени според потребите на пазарот, преку соработката и јакнење на земјоделските здруженија, активности за спроведување на владини програми и мерки наменети за приватниот земјоделски сектор, воспоставување и користење на информативни системи и различни бази на податоци во функција на подобрена следливост на земјоделската активност, размена на информации со заинтересираните страни наменети за индивидуалните земјоделски производители.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството реализира активности според планираниот обем и динамика на Годишната програма за работа. Агенцијата изврши групирање на активностите според Програмските определби, отвори 30 дисперзирани канцеларии во руралните средини со што се овозможи поефикасен пристап на советниците на терен кај индивидуалните земјоделски производители. Се изработија и имплементираа 11 техничко економски советодавни пакети со поддршка на Проектот МААСП, финансиран од СИДА. Се реализираа индивидуални и групни средби и обуки за советниците и од советниците кон земјоделците. Активно се учествува во информирање и дирекно пополнување на формулари за субвенционирање кај земјоделците. Одредени советници се здобија со Сертификати за успешно завршени обуки за примена на ЕУРЕПГАП, ГЛОБАЛГАП стандарди, изработка на инвестициони програми како подготовка за користење на ИПАРД фондовите и сл. Се изврши квалитетно надоградување на начинот на прибирање на податоци за ФМС/ФАДН, со поддршка на Проектот МААСП.

Во текот на 2008 година се планира:поддршка на активностите за одржување и надградба на информацискиот систем, збогатување на базата на податоци за индивидуалните земјоделски производители, зачувување на континуитетот на ФМС/ФАДН., овозможување на ефикасна електронска комуникација помеѓу работните единици, овозможување развој на подсистемите кои се дел од ИС - софтвер, ажурирање на ВЕБ странатa, реализација на програмата за односи со јавноста, перманентна надградба на човековите ресурси, овозможување на услови за присуство на советниците на терен, постојана размена на информации и збогатување на базата на податоци меѓу советник и индивидуален земјоделски производител, изработка на соодветни анализи, дефинирање на конкретни препораки по одделни области на земјоделското производство, едукација на фармери со примена на семинари, кружоци, предавања, изработка на извештаи, континуитет во имплементација на ФАДН.

**ИНДИКАТОРИ**

Број на вработени: 128

Оперативи расходи по вработен (во илјади денари): 582

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање на Агенцијата: планирани 20, остварени 15

Број земјоделци кои добиваат совети: планирани 4.000, остварени 4000

Број на склучени договори за вршење на услуги со надлежните институции: планирани 5, остварени 4

Број на индентификувани проблеми на фарми: планирани 60, остварени 20

Број на изработени техничко економски советодавни пакети: планирани 20, остварени 11

Број на фарми за кои се изготвени извештаи во рамки на ФАДН: планирани 450, остварени 450

## 14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 123.306 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Во делокруг на надлежности на Управата за хидрометеоролошки работи е вршење на хидролошките и метеоролошките работи кои ги опфаќаат активностите поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува и го координира извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот.

## *ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008*

Во текот на првата половина на 2008 година Управата за хидрометеоролошки работи го изготви предлог Законот за хидорметеоролошка дејност, кој е во собраниска процедура. Завршени се активностите за инсталирање на опремата за новата соларна тест лабораторија која ќе врши испитување на квалитетот на соларните колектори. Со цел подобро информирање на граѓаните се пушти во работа автоматска метеоролошка станица со информативен панел на кој се добиваат моменталните податоци за временската состојба во Скопје. Во изминатиот период беа изготвени хидролошки подлоги за потребите на проектот за изградба на мали хидроцентрали во РМ. Учествувано е во изготвување на проекти и програми од областа на хидрологијата, метеорологијата и заштитата на животната средина за потребите на стопанството. Во текот на 2008 година се предвидува продолжување со активностите насочени кон интензивирање и подобрување на меѓународната соработка во областа на хидрометеоролошката дејност.

### ИНДИКАТОРИ

Број на вработени: 203
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 573

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на спроведени процедури за јавни набавки: планирани 60, реализирани 53
Број на спроведени теренски активности за прибирање на хидролошки податоци: планирани 10, реализирани 3.
Број на изготвени временски прогнози за наредни три дена: планирани 365 реализирани 180.
Број на хектари земјиште на кое се врши заштита од град: планирани 620.000 хектари, реализирани 0.

## 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.727.831 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за извршување на мерките за поддршка и развој на земјоделството и руралните средини преку искористување на средства од Буџетот на Република Македонија и Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД). Главни функции на Агенцијата согласно Законот за основање на Агенцијата се одобрување на проекти, одобрување на плаќања и извршување на плаќања од областа на земјоделството и руралниот развој.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Од 01.01.2008 година, Агенцијата започна со остварување на своите надлежности преку реализација на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Реализацијата на овие програми до сега се одвива успешно за што говори и бројот од 50.000 апликанти во првата половина од 2008 година. Средствата предвидени во овие програми се реализираат според планираните периоди во програмите и согласно видовите на култури кои се одгледуваат.

Покрај тоа, отпочната е и постапката за акредитација на Агенцијата за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД). Во таа насока, интензивирани се контактите со релевантните служби на Европската комисија, како и соработката со националните институции во врска со отпочнувањето на постапката за добивање на национална акредитација, како услов за добивање на акредитација од Европската комисија.

До крајот на 2008 година треба успешно и целосно да се реализираат Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2008 година, а во однос на акредитацијата на Агенцијата, до крајот на годината се планира да се заврши постапката за добивање на национална акредитација и да се отпочне со постапка за добивање на акредитација од страна на Европската Комисија.

**ИНДИКАТОРИ**

Број на вработени: 43

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 830

## 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 611.395 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за труд и социјална политика е буџетска институција надлежна за развивање, контрола и спроведување на политиките во областа на работните односи и вработувањето, пензиско и инвалидско осигурување,

спроведување и унапредување на системот на социјална заштита и детска заштита и води грижа за благосостојбата на семејството, ранливите групи на популацијата, децата и возрасните засегнати од социјален ризик.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во Министерството за труд и социјална политика во изминатиот период продолжи операционализацијата на планираните активности, мерки и програми од Националната стратегија за вработување до 2010 година и Националниот акционен план за вработување 2006-2008 година. Се изврши дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и во 2008 година, при што се воведе субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување за вработување на млади лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај во претпријатијата со доминантна сопственост на државата, заради олеснување на нивно повторно вработување и подобрување на нивната социо-економска состојба. Подготвен е Закон со кој се предвидува обезбедување на материјална и социјална сигурност на лицата со над 25 години стаж на осигурување кои не примиле испратнина поголема од 12 месечни плати, а на кои работниот однос им престанал во периодот од 2000 до 2004 година по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок во фирмите со доминантна сопственост на државата. Во тек е реализацијата на КАРДС Проектот- Поддршка за политиката за вработување 3 фаза, отпочна имплементацијата на ТВИНИНГ Проектот во рамките на кој ќе се дадат препораки и ќе се изврши усогласување на законодавството од областа на трудот со законодавството во ЕУ. Се потпиша Општиот колективен договор за јавниот сектор во РМ со кој се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор, условите и начинот на остварување на правата од работен однос, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Во областа на пензиското инвалидско осигурување е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување во делот на инвалидското осигурување. Донесен е Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со кој се регулира третиот столб на пензискиот систем, односно осигурување на доброволна основа.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени:336

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 640

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на спроведени тендери: планирани 54, реализирани 36

Број на законски и подзаконски акти од областа на работни односи и пензиско осигурување: планирани 10, реализирани 5

Број на законски и подзаконски акти од областа на социјална заштита: планирани 12, реализирани 0

Број на извршени контроли во детски градинки: планирани 20, реализирани 4

Број на корисници на боречка и воена инвалиднина: планирани 6.343, реализирани 5.383

Број на извршени инспекции на деловни субјекти: планирани 23.000, реализирани 14.500

## 15010 ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.015.884 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дејноста згрижување и воспитание на децата претставува организирана дејност од јавен интерес, која се спроведува во јавните установи за деца и детските одморалишта согласно со Програмата за развој на дејноста и утврдените стандарди и цени на услугите.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Дејноста за згрижување на воспитание на децата како организирана дејност од јавен интерес во изминатиот период се остваруваше во рамките на годишната Програма за развој и остварување на заштитата на децата во 2008 година и воглавно беше насочена кон: редовно обезбедување на средства за функционирање на јавните установи за деца-детски градинки, воспоставување на стручен надзор врз исхраната на децата, хигиената и дезинфекцијата, како и плурализација во дејноста преку заживување на приватниот сектор. Во тек е довршување на градбата на Детска градинка во Општината Ѓорче Петров со капацитет за 150 деца.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 286
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 360

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на деца згрижени во детски градинки: планирани 21.000, реализирани 21.155

## 15020 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 17.883.342 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дејноста на социјална заштита претставува организирана дејност на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени одредени групи на населението. Оваа дејност се остварува преку преземање на мерки и активности за остварување на социјалната превенција, вонинституционалната и институционалната социјална заштита и навремено и непречено исплатување на надоместоците на социјална заштита.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Дејноста социјална заштита како организирана дејност на државата во изминатиот период беше насочена кон преземање на мерки и активности за остварување на социјална превенција, вонинституционална и институционална социјална заштита и навремено и непречено исплатување на надоместоците на социјална заштита. При тоа во одделните дејности постигнати се следниве

резултати:

- во делот на вонинституционалната социјална заштита реализирани се сместувања на жртви на семејно насилство, бездомници, отворени се нови дневни центри за деца со интелектуална попреченост и тоа во општините Виница, Ресен и Крушево со капацитет за 45 корисници и извршено е преадаптирање и опремување на дневен центар за корисници на дрога.
- во делот на институционалната социјална заштита во рамките на расположивите средства реализирани се активности за подобрување на згрижувачките услови и организирање на нови форми на заштита на корисниците.
- истовремено редовно и навремено се исплатуваа социјални надоместоци и тоа парична социјална помош (на 62.000 домаќинства), постојана парична помош (на 5.300 семејства), еднократна парична помош (на 1.500 лица), редовна исплата на детскиот додаток; финансирање на правата на борците и воените инвалиди; финансирање на прифатниот центар за баратели на азил и обезбедување на социјална парична помош и здравствено осигурување на лицата со признат статус на бегалци-азиланти; сместување и исхрана на внатрешно раселените лица во колективните центри и парична помош за лицата кои се дерегистрирани и вратени во местото на живеење; обезбедување на средства за редовно покривање на дефицитот на Фондот за ПИОМ и Агенцијата за вработување и кадровско екипирање на информативните центри за ромската етничка заедница.
- се реализираа активности за отварање на народни кујни за лицата со социјални проблеми, за кои дополнително се обезбедуваат средства. Продолжи отворањето на народни кујни и тоа во општините Гази Баба, Кавадарци, Кичево и Пробиштип.
- согласно имплементацијата на НАП за „Декадата на вклучување на Ромите„ и Стратегијата за Ромите во Република Македонија имплементирани се проектите: Инклузија на ромски деца во предучилишно образование, Ромски информативни центри и Пилот проект за вработување на Ромите преку обуки.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 948

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 651

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на лица сместени во дневни центри: планирани 450, реализирани 450

Број на лица сместени во социјални установи: планирани 700, реализирани 631

Број на корисници на разни права по основ на социјални надоместоци: планирани 95.000, реализирани 86.486

## 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.338.407 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на: воспитанието и образованието од сите видови и степени;

образованието на возрасните; организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката; воспитанието и образованието на децата со посебни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство; верификацијата на струките и профилите во образованието; ученичкиот и студентскиот стандард; технолошкиот развој, информатиката и техничката култура; информациониот систем; меѓународната научно-техничка соработка; надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Во првата половина од годината реализирани се бројни активности кои допринесуваат за исполнување на основните критериуми за поквалитетно образование во Република Македонија како што се донесување на новиот Закон за високото образование, Закон за научно-истражувачка работа, Закон за образование на возрасните и Закон за потикнување и помагање на технолошкиот развој и нивно имплементирање во целост се со цел да се исполнат европските критериуми за поефикасен образовен систем во државата.

Активностите на Министерството за образование и наука во текот на оваа година се насочени кон понатамаошно успешно спроведување на модернизација на образовниот процес во насока на примена на европските стандарди во дејноста на образованието и науката; продолжување со реформите во образовниот систем со воведување на деветолетката, воведување на наставни часови за повеќе странски јазици во дејноста на образованието; од учебната 2008/2009 година се имплементира одредбата од Законот за средното образование со воведување на задолжителното средно образование како и продожување со активностите во оваа дејност во насока на имлпеметнација на Законот за стручно образование и обука, реформата на тригодишното стручно образование и усогласување на образованието со потребите на стопанството со што ќе се овозможи продуцирање на кадри согласно потребите на пазарот на работната сила.

Во тек е воведувањето и реализирањето на државната матура во средното образование; реализација на програмите за изградба и реконструкција на основните и средните училишта, санација на санитарните јазли во училиштата на целата територија на Републиката; реализација на Проектот ``Компјутер за секое дете`` кој воедно претставува најголема инвестиција во оваа дејност со што се овозможува развивање на информатичките знаења и информатичката култура кај младите генерации; во тек е и Проектот ``Изградба на училишни спортски сали`` и Проектот за дигитализација на наставни содржини.

Во дејноста на високото образование се врши натамошна имплементација на кредит-трансфер системот во согласност со Болоњската декларација и создавање на услови за поголема достапност на високото образование на сите граѓани во државата; формирање на нов универзитет за информатика и факултети во рамките на постојните универзитети во повеќе градови на територијата на Република Македонија со цел намалување на трошоците за студирање; унапредување на научно-истражувачката дејност во насока на потребите на економскиот развој на земјата, поддржување на вложувањето на приватниот сектор во дејноста на основното, средното и високото образование и секако изнаоѓање на мерки за стимулирање на приватниот сектор за вложувања во науката.

Процесот на фискалната децентрализација на образованието успешно

се спроведува со воведување на ефикасен систем за следење на користењето на наменската и блок дотацијата за образование во општините каде со постојното исполнување на критериумите за влез во втората фаза од процесот на фискалната децентрализација од страна на општините на територијата на Република Македонија би се овозможило комплетно реализирање на предвидените активности со овој процес во дејноста на образованието.

Во текот на оваа година планирани се активности за реконструкција на постојните ученички и студентски домови, изградба на нов студентски дом се со цел унапредување и подобрување на ученичкиот и студентскиот стандард.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 9754
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 811

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на вработени што посетуваат обука финансирана од донации: 70
Број на ученици во основното образование: 236.493
Број на ученици во средното образование: 96.500
Број на студенти во високото образование: планирани 28.800, реализирани 33.941
Број на ученици сместени во ученички домови: планирани 2.200, реализирани 1.800
Број на ученици сместени во студентски домови: планирани 5.500, реализирани 5.400
Број на финансирани научно истражувачки проекти: планирани 220, реализирани 170

## 16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 149.450 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за развој на образованието врши стручна дејност која се состои во: изготвување на концепции за промени на предучилишното, основното и средното образование и воспитание во Република Македонија, изработка на наставни планови и програми и други стручни документи за воспитно-образовната дејност на установите за предучилишното, основното и средното образование и воспитание, ученичките домови, стручно педагошко усовршување на раководниот и наставно-воспитниот кадар на овие установи, следење и вреднување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата, проучување и истражување на одделни воспитно-образовни проблеми, подготовка и издавање на дидактичко-методска и друга педагошка прирачна литература за наставниот кадар, стручен надзор во воспитно-образовните институции, како и други стручно-научни задачи поврзани со унапредувањето на воспитно-образовната дејност.

Исто така од учебната 2007/08 година ја подготвува и спроведува државната матура во средното образование.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Цел на Бирото за развој на образованието за 2008 година е подобрување на квалитетот на образовниот процес преку подобрување на наставно-научните програми, стручно-педагошко усовршување на раководниот и наставно-воспитниот кадар и зајакнување на советодавната стручна работа за наставата во училиштата, како и печатењето на педагошката документација и евиденција за основното и средното образование.

Според наставниот план за деветгодишно основно образование изработени се нови наставни програми за VII, VIII и IX одделение за наставните предмети од наставниот план за деветгодишно основно образование (40 програми за задолжителните предмети и 29 програми за изборни предмети); изработени се упатства и протоколи за следење и советодавна стручна поддршка на училиштата при реализирање на деветгодишното основно образование (посетени се сите централни основни училишта, повеќе од 350 училишта и повеќе од 900 наставни часа); изработени се нови наставни програми за учениците со посебни образовани потреби што се образуваат во посебните основни училишта и посебните паралелки на основните училишта за I одделение (30 наставни програми); изработен е нов наставен план и нови наставни програми за основното музичко образование (10 програми); изработен е нов норматив за опрема, дидактички средства и материјали за основните училишта (II-III, IV – VI и VII – IX одделение); иновиран е наставниот план за средно музичко и уметничкото образование; одржани се обуки за професионален развој на советниците, како и обука за наставниците во основните училишта, и тоа:обука на советниците на Бирото од страна на меѓународни експерти; обука на советниците на БРО за странски јазици; обука на наставниците во одделенска настава за описно оценување; серија семинари за наставниците што ја реализраат наставата во I одделение (повеќе од 900 наставници); обука на наставниците за реализација на новите наставни програми за I и II оддление; обука на наставниците за англиски јазик за описно оценување во I одделение во деветгодишното основно образование (околу 300 наставници).

Издадени се прирачници за наставата по сите предмети во II одделение на девтгодишното основно образование и истите се доставени бесплатно до наставниците (повеќе од 1.500 примероци на македонски, албански, турски и српски јазик); подготвени се и отпечатени постери (по 3 постери за секоја училница каде се изведува настава според наставните програми) за наставата во II одделение на девтгодишното основно образование и истите се доставени бесплатно до наставниците (повеќе од 4.500 примероци на македонски, албански, турски и српски јазик); подговена е, отпечатена и доставена брошура за родителите на учениците што се вклучуваат во III одделение во деветгодишното основно образование (повеќе од 23.000 примероци на македонски, албански, турски и српски јазик).

Според Законот за Бирото за развој на образованието подготвена е и диструбуирана до училиштата потребната педагошка документација. Во тек е реализација на државната матура која е во функција на контрола и подобрување на квалитетот на средното образование и ќе придонесе за објективност во оценувањето и праведна селекција за влез во високото образование.

За Државната матура јуни 2008 пријавени се околу 17.800 кандидати кои полагаат два предмети на екстерно ниво (мајчин јазик како задолжителен и странски јазик или математика како изборен предмет).

Согласно тоа, во Секторот за вреднување на постигањата на учениците при Бирото за развој на образование се подготвуваат и обработуваат околу

35.600 теста (шифрирање, оценување, дешифрирање и трансформирање на бодови во оценки и известување за резултатите).

Според Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука активностите се одвиваат според планираната динамика. Изработени се вкупно 246 програми за четврта година од струките: машинска, електротехничка, текстилно-кожарска, земјоделско-ветеринарна, лични услуги, спортска гимназија, економско, правна и трговска, здраствена, дрвопреработувачка, геолошко-рударска и металуршка и туристичко-угостителска. Во изготвувањето на програмските документи учествуваа наставници и претставници од социјалните партнери.

Во текот на изминатите месеци одржани се обуки за наставници од машинска, електротехничка, текстилно-кожарска и хемиско-технолошка струка.

Во првата половина од годината беа изготвени наставни програми-модуларни пакети по барање на агенцијата за вработување. Бројот на модуларните пакети е 5 програмски модуларни пакети. Во тек се изготвување на програмски документи за тригодишното стручно образование, кои треба да се подготват до 5 јули и да се достават до училиштата.

До крајот на 2008 година предвидено е да се донесат наставните програми за VIII и IX одделение на деветгодишното основно образование; да се развие концептот за проширена програма за работа на основното деветгодишно образование; да се изработат прирачници за наставата по изборните предмети во основното образование; да се отпечатат новите наставни програми од IV до IX одделение; да се подготват и отпечатат прирачници и дидактички материјали за наставата по сите предмети во III одделение на девтгодишното основно училиште; да се развие концепт и програма за вреднувањето на постигањата на учениците на крајот на III одделение; да се изработи анализа на гимназиското образование и концепција со нов наставен план за гимназиите во Република Македонија; да се реализира обука за сите нови наставни програми за задолжителните и изборните предмети.

За августовскиот испитен рок се предвидува да бидат изведени истите активности за државната матура како во јунскиот испитен рок, и да биде ангажиран ист состав на надворешни соработници, но со намален обем во зависност од бројот на кандидатите што ќе се пријават.

Според Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука во наредните месеци треба да се изготват стандарди за занимања, да се одржат обуки на наставници за имплементација на иновираното тригодишно образование, да се изготви концепција за стручно образование и обука, да се развиваат планови и програми за двегодишно стручно образование, да се развиваат планови и програми за постсредно образование.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 158

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 876

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на објавени и спроведени јавни набавки: планирани 10, реализирани 9

Број на изготвени нови наставни програми: планирани 154, реализирани 109

Број на изготвени тестови: планирани 32.000, реализирани 35.600

Број на изготвени нови наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование: планирани 350, реализирани 249

## 16003 НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 79.066 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Годишната програма за работа на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност за 2008 година се заснова на надлежностите и обврските кои произлегуваат од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (“Службен весник на Р.М“ бр.113/07) и тоа децентрализирано менаџирање и имплементација на Програмата за доживотно учење (Одлука бр.1720/2006 Совет на Европа) и програмата Млади во акција (Одлука бр.1719/2006 Совет на Европа) како специфична структура за координирано менаџирање на имплементацијата на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција на национално ниво (Национална агенција).

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е промоција и спроведување на европските образовани програми во Република Македонија. Националната агенција за европски образовни програми и мобилност согласно Годишната програма за работа за 2008 година, во периодот од јануари – јуни 2008 година реализираше активности за јакнење на институционалните, инфраструктурни и човечки капацитети и промоција на европските образовни програми на Националната агенција во Република Македонија. До крајот на 2008 година се планираат понатамошни активности за зајакнувањето на капацитетите на Националната агенција и презентирање на новите активности кои што произлегуваат од подпрограмите на Програмата за доживотно учење.

Во месец мај 2008 година беше одржана иницијална Конференција пред околу 150 учесници при што беше промовирана Националната агенција, нејзините надлежности, сегашни и идни активности. Мрежата на промотори на Националната агенција брои 4 лица кои што се распределени на државните универзитети. Главна активност на промотерите е промовирање на Националната агенција на посетителите и јавноста. Реализирана е основна обука за вработените за раководење со проектен циклус со посебен акцент на ЕУ проекти. Реализирана е по една работилница за подкомпоненти на програмите за секоја програма и се планира реализација на уште најмалку 5 работилници до крајот на 2008 година. Реализирана е обука за Развој на комуникациски вештини и градење на тим на вработени во Националната агенција.

Беа реализирани и се планираат идни учества на претставници на Националната агенција на секторски состаноци за координација на Националните агенции, Генерален Директорат за образование и култура во Брисел како и надлежната Извршна агенција во однос на програмите Доживотно учење и Млади во акција. Една од главните активности на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност преставува информирањето и презентацијата пред потенцијалните корисници.

До крајот на 2008 година се планира по Секторските подпрограми (Комениус, Леонардо да Винчи, Груднвиг и Еразмус) учество на секторски состаноци во Брисел. На средбите кои се одржуваат за подпрограмите

Националната агенција добива конкретни информации за потребната подготовка на крајните корисници во Република Македонија, а се со цел максимално искористување на расположливите средства од овие програми.

До крајот на годината се очекува учество на голем број настани со кои ќе се добие информација за расположливите европски фондови, потребната подготовка за нивно искористување, создавањето на контакти помеѓу институциите по секторски програми и институционална поддршка и обука на вработените во Националната агенција.

Мерките предвидени ќе допринесат за почеток на пилот проектите по програми и подпрограми. Главни корисници на програмите ќе бидат: Комениус – основните училишта и средните училишта; Леонардо да винчи – средните стручни училишта; Еразмус – универзитетите; Грундвиг – сите лица кои го прекинале своето образование на определено ниво. За секоја од дадените подпрограми како и за програмата Млади во Акција, потребни се активности за подигање на капацитетите за искористување на фондовите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 10
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.618

## 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 495.624 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за млади и спорт е буџетска институција која ги следи спортските и спортско-рекреативните активности, развојот на масовниот и врвниот спорт во државата; води грижа за статусот на младите; ги помага различните облици на организирање на младите; врши работи што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Агенцијата за млади и спорт во 2008 година ги остварува следните активности: зголемување на опфатот на деца и млади во националниот систем на натпревари; спроведување на Конвенции за спречување на насилното однесување на спортските терени во Република Македонија и за анти допинг; развој, осовременување и подигање на квалитетот на системот на натпревари во националните спортски федерации; поддршка и осовременување на системот на натпревари за инвалидизирани лица во Република Македонија; организирање на зимски и летни кампови за селекција на млади во одредени спортови, особено пливање, атлетика, скијање, бадмингтон и друго; организирање на меѓународни и традиционални спортски натпревари; доизградба на недовршените спортски сали.

Со меѓународните активности за спорт ќе се овозможи претставување на Република Македонија на меѓународните спортски натпревари со бројни квалификациони натпревари за исполнување на олимписки норми во повеќе

спортови; успешен настап на спортски игри на младите од Југоисточна Европа. Во рамките на програмата - млади, активностите се насочени кон спроведување и реализација на следните цели: донесување на Акционен план за 2009 година за имплементација на Националната стратегија за млади; изработка и усвојување на закон за асоцијативен живот на младите; поддршка на програмата за локален развој и креирање на локални младински политики; социјална интеграција и соработка на младите од различни социо-културни средини, маргинализирана младина и млади со посебни потреби; промоција на младинска работа во меѓународни рамки на државно и невладино ниво.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 29
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 908

**АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:**
Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт: планирано 100.000, реализирано 50.000.
Број на млади луѓе вклучени во претприемништво и бизнис: планирано 18.000, реализирано 9.000.
Учество на спортисти од Република Македонија на меѓународни спортски натпревари: планирано 1000, реализирано 500.

## 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 803.780 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за култура ги извршува активностите за следење, анализирање и предлагање на акти и мерки за развој и унапредување на културата; организација, финансирање, развој на мрежа на националните установи и финансирање на програми и проекти од национален интерес во областа на литературата и издавачката дејност; филмската и драмската дејност; музичката, музичко-сценската дејност и дејности на домовите на културата; визуелната и ликовната уметност; архитектурата и галериската дејност; библиотечната дејност; музејската и кинотечната дејност; недвижното културно наследство; заштитата на авторското и сродните права; споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес; надзорот во културата и други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Министерството за култура во текот на 2008 година ги има постигнато следниве резултати: Предлог за донесување Закон за аудиовизуелните добра со Предлог закон, Предлог за донесување Закон за изменување и дополнување на Закон за музеите со Предлог на закон, Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Закон за библиотеките со Предлог на закон, Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Закон за меморијални споменици и спомен обележја со Предлог на закон, Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Закон за употреба на македонскиот јазик со предлог на Закон, Нацрт на Закон за изменување и

дополнување на Законот за култура, Нацрт на Закон за библиотечна дејност, Нацрт на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство и Нацрт на Закон за Стара Скопска чаршија.

Се интензивираат активностите за реализација на капиталните проекти за Министерството за култура и тоа: изградба на Стар Театар, изградба на културен дом во с.Матејче, изградба на Музеј над вода во Охрид, изградба на Универзитет на Св.Климент кај Плаошник, Реставрација на куќата на Албанската азбука, археолошки истражувања на локалитетите Скупи, Стоби, Тетовско Кале, Виничкото Кале и Скопската тврдина Кале.

Активностите на Министерството за култура во 2008 година ќе бидат главно насочени кон реализација на утврдените среднорочни приоритети како стратешки цели за 2008 година: балансирана поддршка на културното наследство и на современото творештво; подобрување на менаџментот во културата; меѓународна соработка/соработка со соседите; афирмирање на културата на заедниците; соработка со невладините организации, како и дополнување со нова законска регулатива и целосно реализирање на капиталните проекти согласно планираната динамика.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 158
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 824

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на тендери за капитални инвестиции: планирани 15, реализирани 26
Број на истражувања во област на музејска дејност и заштита на културно наследство: планирани 70, реализирани 52

## 18010 ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.858.420 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Финансирањето на дејности од областа на културата ги поддржува програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтезивно реализирање на капиталните проекти на Министерството за култура во овој раздел.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година Министерството за култура работи по донесената Годишна програма за остварување на националниот интерес во културата за 2008 година, каде составен дел е Програмата за дејностите од областа на културата.

Во делот за издавачка дејност за 2008 година преку програмата за издавачка дејност се поддржаа голем број на значајни проекти за македонската

литература со што се придонесува за развојот на македонската книжевна и културна мисла, односно поддршка на издавање на публикации, списанија, публикување на електронски списанија од областа на културата како и континуирана поддршка на литературните манифестации во Република Македонија. Започна и реализацијата на грандиозниот проект 130 Тома Македонска книжевност, а во тек е и реализацијата на проектите: превод на литературни дела што добиле Нобелова награда за литература и набавка на 30 стручни и научни учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од по 1000 примероции од секој наслов.

Во библиотечната дејност, континуирано се дополнуваат библиотечните фондови во националните библиотеки, се заштитува националната книжна продукција, како и постојано се надоградува Центарот-Виртуелна библиотека на Македонија (ВБМ) во НУ Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" Скопје. Исто така, континуирано се издвојуваат средства за проектот задолжителен примерок кој е законска обврска на Министерството за култура.

Во филмската дејност заради исполнување на целите и програмските определби на Министерството за култура потребно е да се запази динамиката на финансирање на филмските проекти кои во наредните месеци ќе го зголемат обемот на реализацијата. Обезбедени се средства за реализација на позначајни филмски проекти кои од оваа година се финансираат од НУ Филмски фонд.

Во изминатиов период институциите од областа на музичката и музичко-сценската дејност успеаа да реализираат сериозни премиерни проекти. Најочигледен квалитативен скок во оваа смисла направија НУ Македонска Опера и Балет која и НУ Македонската филхармонија, кои ја зголемија продукцијата на домашно симфониско и музичко-сценско творештво. На програмата на овие институции со висок успех се реализирани премиерни наслови на познати светски дела. Оваа година кадровски се доекипираа нациналните установи Македонска Опера и Балет, Македонската филхармонија и Танец.

Во текот на 2008 година во програмата за Драмска дејност се стимулира домашната продукција односно квалитетни драмски текстови од домашни автори, поддршка на квалитетни проекти и елиминација на квантитативна продукција, стимулирање на проекти од млади автори и поддршка на драмскиот аматеризам.

Во текот на 2008 година заокружен е првиот дел од тригодишната програма за ревалоризација на движното, недвижното и духовното културно наследство, продолжување со конзерваторско реставраторски работи на археолошките локалитети Хераклеа, Баргала и конзервација на мозаичните површини во Плаошник. Покрај реализацијата на усвоената Програма за заштита на културното наследство за 2008 година, во текот на оваа година се реализирани и следните проекти: конзервација на 20 икони од црквата Св. Никола во Штип и санација на галерискиот простор во истоимената црква за презентација на иконите; конзервација на архитектурата, живописот, иконописот и иконостасот на црквата Св. Богородица во Лешок и конзервација, реставрација на Стражарската кула од Камениот мост, археолошко истражување и заштитни конзерваторско-реставраторски работи на локалитетот Свето преображение Зрзе, археолошки истражувања на локалитетот Стибера, како и реализирање на Програмата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за просторни и урбанистички планови во РМ за 2008 година.

Активностите од ликовната и галериската дејност опфаќаат мошне голем дијапазон на корисници, преку конкретна и непосредна поддршка на Националните установи, но исто така, во одделни сегменти и локални установи.

Мошне изразена отвореност е развиена кон невладините здруженија и асоцијации од областа на културата чија дејност е поврзана со организирање и јавна презентација на оригинални дела од современата ликовна и применета уметност, како и претставување на одделни сегменти на Македонската ликовна уметност на меѓународната уметничка сцена. Исто така во тек е отварање на спомен куќа на Лазар Личеновски.

Со програмата за 2008 година, поддржани се следните музички манифестации: Охридско лето, Мајски Оперски вечери, Интерфест Битола, Скопски џез фестивал, Офф фест, Денови на албанска култура, Битола-град на културата, Ден на културата и Денови на Македонска музика. Министерството за култура во својата програма ги поддржува и Скопскиот филмски фестивал и Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" во Битола.

Во текот на 2008 година се реализираат и голем број на капитални проекти на Министерството за култура и тоа: Доградба на НУ Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" Скопје, Изградба на библиотека во Тетово, Изградба на Театар во Велес, Реставрација на куќата на Мајка Тереза, Изградба на Конзерваторски центар во Гостивар, започнување на изградба на концертна сала за Македонската филхармонија и Музејот на ВМРО и Музејот на жртви на комунизмот.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 1.954
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 464

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на публикации: планирани 350, реализирани 110
Број на корисници на библиотечен материјал (членови и читатели): планирани 130.000, реализирани 71.000
Број на филмови (долгометражни, кратки играни, анимирани): планирани 27, реализирани 7
Број на музички проекти и театарски премиери: планирани 209, реализирани 39
Број на елаборати за недвижно и движно културно наследство и заштитно конзерваторски основи: планирани 124, реализирани 93
Број на самостојни изложби и други самостојни проекти: планирани 235, реализирани 112
Број на културно уметнички манифестации: планирани 22, реализирани 13
Број на музејски поставки и изложби: планирани 53, реализирани 22
Број на меѓународни проекти: планирани 10, реализирани 10

## 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.808.285 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за здравство ги врши работите од областа на здравството и здравствената заштита на населението, како надлежна институција за регулирање на односите во секторот здравство, ги утврдуваа стратегиите на развој и предлага закони и подзаконски акти, со цел за обезбедување на високо квалитетна здравствена заштита на населението на најисплатлив начин.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Министерството за здравство, како надлежна институција за спроведување на здравствената политика и здравствените реформи, во изминатиот период своите активности ги реализираше во рамките на планираните реформи и обезбедените средства за реализација на здравствени програми. Активностите воглавно се остваруваат во рамките на органите во состав: Дирекцијата за храна, Бирото за лекови, Санитарниот инспекторат и Дирекцијата за радијациона сигурност. Во тек е реализацијата на постапката за набавка на шалтери за јавните здравствени установи во Република Македонија, набавка на услуги за проектна документација за реконструкција, изградба, доградба и надзор на објектите во ЈЗУ во Република Македонија, набавка на нова медицинска опрема. Отворени се Меѓународни повици за набавка на интегриран здравствен информатички систем во Република Македонија и систем за перманентен видео надзор во ЈЗУ во Република Македонија. Во тек е склучувањето на договорот за набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини за имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Македонија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 234
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.423

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на тендери: планирани 42, реализирани 6
Број на контроли: планирани 8.400, реализирани 4.343
Број на регистрирани лекови: планирани 780, реализирани 380
Број на записници и решенија: планирани 10.150, реализирани 8.018
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на програмите за превентивна здравствена заштита: планирани 415.366, реализирани 152.000
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на програмите за куративна здравствена заштита: планирани 113.000, реализирани 51.000

## 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 189.436 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за локална самоуправа е буџетска институција која ги врши работите што се однесуваат на: реформа на локалната самоуправа; следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа; следење на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа; предлагање на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја; надзор од негова надлежност, унапредувње на институциите на локалната самоуправа и врши други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Министерството за локална самоуправа во текот на 2008 година ги извршува следните активности: реализација на КАРДС програмата во чии рамки се одвива реализацијата на проектот „Техничка помош за развој на локална инфраструктура“ фаза 2 и реализација на проектот „Поддршка на процесот на децентрализација“ финансирани од страна на Европската унија.

Во рамките на планираните активности направен е увид во 186 Службени гласници на општините, направен е надзор на повеќе од 2200 прописи на општините, 7 надзори на лице место, а исто така се донесени 2 решенија за запирање на примена на пропис. Државниот инспекторат покренал 2 иницијативи пред Уставниот суд за оцена на уставност и законитост на општински пропис. Во тек е изготвување на нацрт закон за Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Спроведени се активности во насока заокружување на нормативната рамка за спроведување на новата политика за рамномерен регионален развој како и за воспоставување на релевантни институции. Во поглед на планските документи, подготвена е финална верзија на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, која претставува десетгодишен плански документ, додека во пет од вкупно осумте плански региони во тек се интензивни активности за подготвување на Програмите за развој на планските региони, што треба да претставуваат плански документи во петгодишната временска рамка. Регистрирани се Центрите за развој на Полошкиот и Источниот плански регион со што се создадени законски услови за заклучување Договори за кофинансирање на Центрите за развој помеѓу министерството од една страна и градоначалниците – основачи на наведените регионални структури, од друга страна.

Во рамките на програмата за децентрализација реализирани се подготовки за одржување на координативен состанок со донаторите, за чии потреби се изготвени: Позадински документ и Презентација (со синопсис) заснована на Акциониот план за спроведување на процесот на децентрализација за 2008-ма година. Подготвен е прашалник со насоки за пополнување за редовната 6-та анкета во општините, која се уште е во тек. Реализирани се две седници на Работната група за децентрализација- РГД, одржан е прв циклус на состаноци на 10-те тематски подгрупи на Работната група за децентрализација, за чии потреби е подготвен нацрт на ажуриран Акционен план на 10-те тематски подгрупи за 2008 година, ажурирани се регистрите на ризици во спроведувањето на процесот на децентрализација и табелите со статус на законодавството и трансферот на надлежности и ресурси. Исто така е подготвен предлог за ревидирање и подобрување на текстот на Меморандумот за соработка на Владата на Република Македонија со ЗЕЛС.

Во поглед на задачите кои произлегуваат од програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, одржан е првиот состанок на Заедничкиот комитет за следење; во рамките на програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција, одржан е состанок на тимот за програмирање на кој е разгледана 5-тата финална верзија на последната верзија од Оперативната програма; и во рамките на програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија, оперативната структура на Програмата работеше на Водичот за првиот повик за проектни предлози.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 37
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.294

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на обуки на државни службеници: планирани 12, реализирани 20
Број на извршен увид на прописите на општините: планирани100, реализирано:23
Број на донесени програми за развој на планските региони: планирани:8, реализирани 0
Број на обуки за втора фаза на фискална децентрализација: планирани 15, реализирани 10

## 19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.264 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Македонија; помагање на културниот развој и унапредување на врските со нив и нивните здруженија; запознавање на иселениците со состојбите во Република Македонија; создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економски живот во Република Македонија и контакти во земјата со припадници на македонската дијаспора преку системска мрежа со единиците на централната власт, како и локалните власти и посебно заедницата на единицата на локалната самоуправа; давање стручно-техничка помош на иселениците во процесот на инвестирање во стопанските капацитети на Република Македонија и посебно на планот на извоз на македонски производи во странство.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во текот на 2008 година се започна со интензивирање на процесот на инвестициони вложувања во Република Македонија преку поединечни директни инвестиции и заеднички вложувања со постоечки компании во земјата, што ќе влијае на зголемување на извозот на македонски производи во земјите каде живеат нашите иселеници. За оваа цел во месец јануари се одржа Бизнис форум на бизнисмени иселеници од Македонија - изработка на дигитални носачи на медиум на кој се претставени дел од производните гранки кои се доминантни на подрачјето на нашата земја - ажурирање на адресарот на бизнисмени-иселеници од Македонија, менаџери и фирми, воспоставена комуникација со иселеници бизнисмени за давање на стручно техничка помош и помагање во регистрирање на фирма во Македонија.

Реализација на проекти кои допринесуваат за унапредување на културниот развој и одржување на националниот идентитет на иселениците како што се дистрибуирање на книги и учебници наменети за најмладата генерација на иселеници. По повод прогласувањето 2008 година за година на Македонскиот јазик се врши припрема за одржување на Летна школа за македонски јазик. Основна цел на одржувањето на школата е проширување на знаењето со нови јазични истражувања на наставниците по македонски јазик кои работат со децата на нашите иселеници надвор од Македонија и на децата на нашите иселеници да им го продлабочи знаењето за јазикот со нови

содржини и истражувања.

Со цел унапредување на положбата и правата на иселениците од Македонија преку предлагање на законски мерки од областа на економијата кои се во интерес на иселениците за решавање на државјанскиот статус и изградување на државна политика и стратегија за иселеништвото од страна на Владата на Република Македонија, Агенцијата за иселеништво, во Програмата за работа за 2008 година предвиде конституирање на Иселенички совет. Советот ќе биде составен од претставници на иселеници од Македонија кои живеат и работат во Европа, САД, Канада, Австралија и претставници од државните органи.

Во текот на 2008 постигнати се следните резултати: значително подобрување на информирањето на иселениците за состојбите во економскиот, политичкиот и општествениот живот во Македонија во прв ред преку соодветното презентирање на содржините на интернет страницата на Агенцијата за иселеништво; превземени се активности за издавање на периодично информативно списанија ревијата “Македонија“ наменето за иселениците; одржување на перманентна комуникација со иселениците преку интернет страницата и директна комуникација преку систем на говорна телефонија со интернет пристап; организирани се средби со иселеници во земјите каде што живеат во Република Македонија заради остварување на најефикасен пристап за реализација на целите од стратешкиот план на Агенцијата за иселеништво и иницирање на средби на кои ќе се поврзуваат иселениците и граѓаните во Република Македонија кои се занимаваат со одредена професија, со цел да најдат заеднички допирни точки за нивно професионално унапредување и соработка.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 18
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.043

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на испратени аудио визуелни и печатени материјали до иселениците: планирани 10.000, реализирани 4.500

## 19302 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 15.678 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е формирана на 26 април 2006 година, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата ги спроведува решенијата вградени во законот, кои се во функција на зголемување на транспарентноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на администрацијата, како јавен сервис за граѓаните со легитимитет, како и зајакнување на довербата на јавноста во државната власт, но и кај сите институции што вршат јавни овластувања.

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер активно ќе работи на планот на едукација на имателите на информации и меѓународна соработка поврзана со извршување

на меѓународни обврски на Република Македонија во спроведување на проекти на меѓународни организации. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е буџетска институција чии законски определени надлежности се поврзани со печатот, радиото, телевизијата и другите средства за јавно информирање; информирањето на домашната и странската јавност за животот и развојот на државата; дејноста на странските информативни установи и странските новинари на територијата на државата; акредитација на новинари за следење на работата на Владата и другите државни органи; издавачка дејност од посебно значење за афирмација на Република Македонија и со други работи утврдени со закон.

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер има за цел координација на буџетска програма на разни работи што се однесуваат за следниве и тоа: решавање по жалбена постапка, подготвување на листа на иматели на информации, едукација лицата задолжени за посредување со информации од јавен карактер, издавање на билтени, брошури и друг пропаганден материјал за редовно информирање на граѓаните и друго.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Приоритетните активности на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2008 година се однесуваат на целосна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, соработка меѓу имателите на информации од јавен карактер и комисијата, издавање на флаер во дневен весник со тираж од 32500 примероци наменет за промоција на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, едукација на имателите и на барателите на информации од јавен карактер и јакнењето на потребата од постоење на непречена циркулација на информации од јавен карактер во сите сегменти на живеење, донесување на Закон за заштита на слободата на информирањето и изразувањето, обезбедување на стручна помош и соработка во иновирањето на Законот за радиодифузната дејност, воспоставување на односи за соработка со сличнните комисии од регионот со цел размена на искуства, активно партиципирање во работата на телата на Советот на Европа во Стразбур. Овие активности се насочени кон унапредување на слободата на изразување, јавно информирање и хармонизација на домашното законодавство со европските медиумски стандарди. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер редовно соработува со невладиниот сектор, комисиите за спречување на корупција, за заштита на личните податоци и за класифицирани информации. Комисијата активно партиципира во работата на повеќе трибини, тркалезни маси и конференции, со цел размена на искуства и сознанија од практичната примена на законите и надлежностите со кои се регулира оваа дејност. Со цел воспоставување на подобра соработка околу имплементација на законот за локална самоуправа, која исто така располага со информации од јавен карактер, членовите на Комисијата оствариja работни посети на повеќе општини.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 919

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на пријавени жалби: планирани 300, реализирани 720

## 20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 8.320 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги врши работите кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозни групи и работи, поврзани меѓу државата, верските заедници и религиозни групи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Активностите на Комисијата во текот на оваа година се насочени во главно околу средувањето на документацијата за регистрација на верските заедници и религиозни групи (26); Учество на манифестацијата на „Македонија во чест на Св.Кирил во Рим„ која се одржува секоја година, а на која зема учество и Македонската православна црква која е и носител на манифестацијата. Комисијата присуствува и на традиционалната манифестација по повод „Св.Методиј„ која што секоја година се одржува во Елванген, Германија.Комисијата во првата половина на 2008 година беше ангажирана во организирањето на Рабинската конференција која се одржа во Скопје во период од 4-6 мај оваа година. Во текот на оваа година се издадени и многу одобренија на одредени верски заедници и религиозни групи и цркви за вршење на мисионерска дејност на странски свештеници и нивниот престој во Македонија. Комисијата е ангажирана околу подготовката на воведувањето на верската поука во редовниот образовен систем, со организирање и учество на состаноци со претставниците на верските заедници и на Бирото за развој на образованието, а во врска со програмите за веронаука, обука на кадрите кои ќе ја изведуваат веронауката и сл.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 8

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):750

**АУТПУТ ИНДИКАТОР*:***

Број на издадени одобренија за привремен престој на странски верски лица*:* планирани 530, реализирани 67.

## 21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 786.225 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за катастар на недвижности се основа за вршење на работите на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, управувањето со геодетско-катастарскиот информационен систем, како и воспоставувањето, одржувањето и јавниот пристап до Националната инфракструктура на просторните податоци. Агенцијата за катастар на

недвижности има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за катастар на недвижности (Сл.весник бр.40/2008) и за својата работа одговара пред Владата на РМ.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Агенцијата за катастар на недвижности во оваа година ги реализираше следниве активности: 75 % востановен катастар на недвижности и регистрација на правата; завршено стерео-плотирање и 93% покриеност на Република Македонија со основни катастарски планови; реализација на 68% од Проектот ЈИЦА (135 карти од вкупно 206); голем пораст на ефикасноста и доверливоста на поединечните, хипотекарните и трансакциони записи и за издадени исправи и податоци од КЗ и КН, регистрирање на нови 8 приватни геодетски фирми и 40 лиценцирани геодети; трансформација на ДЗГР во Агенција за катастар на недвижности и воведување на нови интернет услуги.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 863
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 470

**АУТПУТ ИНДИКАТОР*:***
Број на регистрирани приватни геодетски фирми: планирани 40, реализирани 8
Востановен катастар на недвижности на територијата на Република Македонија: планирано 82%, реализирано 75%

## 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 180.991 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на: прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за голем број појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, презентира и дава статистички податоци и ја утврдува нивната точност, на овластените носители за спроведување на статистички истражувања дава мислења за методолошките основи, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори. Државниот завод за статистика е надлежен и за воспоставување и водење на бази на податоци и статистички регистри во земјата, пропишување на статистички методологии, воспоставување на меѓународна соработка во доменот на статистиката, континуитет во обезбедувањето на статистички информации со подобрен квалитет и врши други стручни работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Државниот завод за статистика во периодот јануари-мај 2008 година ги реализира статистичките истражувања во согласност со Програмата за работа на Заводот за 2008 година и Програмата за статистички истражувања за период 2008-2012 година; активностите кои се однесуваат на прибирање на податоци

од деловните субјекти од теренот; подобрување на квалитетот на добиените податоци од извештајните единици; ажурирање на адресарите од статистичките истражувања; организација и спроведување на анкетните истражувања на теренот; прибирање, шифрирање и внес на дел од добиените извештаи од теренот; редизајнирање на публикации и нови соопштенија со цел подобрување на квалитетот на статистичките информации; активности поврзани со јакнењето на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на Република Македонија во процесот на интеграција во статистичкиот систем на ЕУ.

Во процесот на хармонизација со регулативите на Европската унија во доменот на активностите на Државниот завод за статистика направени се методолошки подобрувања во дел од статистичките истражувања.

Државниот завод за статистика има обврска кон Статистичкиот завод на Европската унија, Еуростат, да доставува статистички податоци во согласност со стандардите на Европската унија. Во согласност со оваа обврска, Државниот завод за статистика направи прекодирање на варијаблите од Анкетата за работната сила и трансмисија на податоците од Анкетата за работната сила за 2006 година до Еуростат. Во соработка со Еуростат лице од Државниот завод за статистика е обучено за прекодирање на податоците од Анкетата за потрошувачка на домаќинствата и дефинирани се варијаблите кои треба да бидат доставени до Еуростат. Реализирани се обуките утврдени во ТВИНИНГ проектот.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 249
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 656

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени правни прописи на статистичка легислатива: планирани 10, реализирани 4
Број на реализирани статистички истражувања: планирани 50, реализирани 29
Број на воспоставен статистички регистар на деловни субјекти: планирани 1, реализирани1
Број на ажурирања на избирачкиот список и избирачките места: планирани 12, реализирани 5

## 24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 104.499 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Македонија ги врши работите кои се однесуваат на примање архивска граѓа и водење евиденција за неа, средување и обработка на архивска граѓа, чување и заштита на архивска граѓа (конзервација и реставрација), истражување и комплетирање на архивските фондови и збирки и научно-истражувачка работа од областа на архивистиката, објавување архивска граѓа и ново организирани предавања, изложби и други погодни облици на културно просветна и научна дејност.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Остварувањата за 2008 година кои се однесуваат на Државниот архив на Република Македонија се насочени кон објавување на следните изданија: „Македонските бегалци во Полска“, 1948-1975 година, том 1 и 2; „Крсте Петков Мисирков“- Дневник, 05.07-30.08.1913 година.

Во подготовка за печатење се изданијата: Македонија во меѓународните договори, 1941-1991, том 2; Чехословачки дипломатски документи за Македонија, 1940-1945, том 3. Зголемен е инспекцискиот надзор кај имателите на архивска граѓа, се врши континуирана конзервација и реставрација на архивската граѓа, средување и обработка на приоритетни фондови.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 227
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 444

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на објавени тендери во текот на годината: планирани 6, реализирани 0.
Број на направени посети за инспекциски и стручен надзор кај имателите: планирани 900, реализирани 445.

## 25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.960 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда и е надлежно за извршување на активности поврзани со вештачење од областа на материјално-финансиското работење, сообраќајно-техничката и електро-машинската струка, градежништво и архитектура, агроекономија, графологија, технологија и вршење на супервештачење и експертизи.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во првите шест месеци од 2008 година се зголеми ефикасноста во завршување на вештачењата, особено на предметите за вештачење кои се префрлени како залиха од 2007 година. Истовремено, преку вклучување на поголем број вешти лица како надворешни соработници, како и преку унапредување на соработката со судовите на сите нивоа се постигна навремено и во пропишаниот рок завршување на вештачењата.

Активностите на Бирото за судски вештачења до крајот на 2008 година се насочени кон: подобрување на ефикасноста во материјално-финансиската и сообраќајно-техничката област, како и градежно-архитектонската област преку изведување на тимски вештачења и супервештачења; изготвување на вештачења во кривично-правната област, особено во истражните дејствија каде што се бара стручност и временска ефикасност; проценка на причинети штети во кризните региони во периодот 2000/01 година; извршување на вештачења од областа на даночното затајување и затајувања, со кои е утврдено дека државата е оштетена поради неплаќање на истите; продолжување и унапредување на соработката со судовите во Република Македонија; присуство

на вештите лица на расправи во судовите низ целата држава; вршење реконструкции во посложените судски предмети од сообраќајната област; зголемување на транспарентноста во работењето заради изготвување наоди и мислења на поефикасен начин. Во текот на 2008 година е изготвена ВЕБ-страна на Бирото за судски вештачења со цел побрза комуникација и информирање за работата и организацијата на Бирото.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 26
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 845

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на примени предмети за вештачење: планирани 1.280, реализирани 705

## 26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 124.930 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Македонската академија на науките и уметностите е јавна установа од особено значење за Република Македонија и е највисока самостојна, научна и уметничка установа. Својата дејност ја извршува согласно со Законот за Македонската академија на науките и уметностите. Со своите активности МАНУ го поттикнува развојот на науките и уметностите, се залага за нивно унапредување, како и за оспособување и усовршување на научно-истражувачките и уметничките кадри. Исто така, ја разгледува состојбата во областа на културното наследство и природното богатство, соработува во утврдувањето на политиката на Република Македонија во науките и уметностите, поттикнува, координира, организира и врши научни истражувања и уметнички остварувања, особено оние што се од посебно значење за државата, обезбедува услови за научна работа и уметничко творештво на своите членови и воспоставува, одржува и развива меѓународна соработка во областа на науките и уметностите.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008

Активностите на Македонската академија на науките и уметностите во 2008 година се насочени кон реализација на 58 научноистражувачки проекти, како и на 10 научни проекти. Се работеше и на два научноистражувачки проекти во рамките на одбележувањето на 2008-ма година како година на македонскиот јазик, како и на проектот „Меморија и интерпретација“, кој е во завршна фаза. Реализирани се 10 научни собири и расправи и повеќе од 20 научни средби, промоции и предавања, објавени се 10 монографии, 4 периодични изданија. Во рамките на меѓународната активност на Македонската академија на науките и уметностите, реализирани се повеќе билатерални средби со академии и меѓуакадемиски асоцијации од странство, како и учество на членовите на Македонската академија на науките и уметностите на меѓународни научни собири .

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 58
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.711

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на научно-истражувачки проекти: планирани 65, реализирани 56

## 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 312.924 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за стопански недоволно развиени подрачја со своите активности ги спроведува мерките за развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Активностите на Бирото за регионален развој се насочени кон имплементација на регионалениот развој, односно користењето на средства утврдени со Буџетот на Република Македонија во 2008 година како и практичната реализација на проектите. Со искористените средства исплатени се пренесени обврски по одобрени проекти во 2007 година, како и обврски за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и регрес на камати кои како намени се пренесени и во новиот Закон.

Во текот на 2008 година ќе продолжи и реализацијата на капиталниот проект за еколошка заштита по долината на реката Радика во општините Ростуше-Маврови Анови и Центар Жупа со изградба на канализациони мрежи, водоводи, депонии за отпад и сл. За комплетирање на изградбата на овој капитален проект во оваа година треба да се доизгради една депонија за цврст отпад како и една пречистителна станица.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 14
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 704

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на одобрени инфраструктурни објекти за изградба: планирани 231, реализирани 0

## 29010 СУДСКА ВЛАСТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.664.601 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судовите се самостојни и независни државни органи. Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и другите

меѓународни договори, ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите права и слободи.

Судскиот буџетски совет ги има следниве надлежности: ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судски буџет, врши распределба на средствата од судскиот буџет на своите единки корисници-судовите, со исклучок на капиталните расходи кои се планираат на ниво на Судска власт со донесување на Годишна Програма за инвестирање во судовите и врши други работи предвидени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Остварувањата и целите на Судската власт во текот на 2008 година се следни: зголемена ефикасност на судовите, преку имплементација на новиот Закон за судовите во однос на организацијата и надлежноста на судовите, започнување со работа на Управниот суд на Република Македонија и Апелациониот суд Гостивар; целосна имплементација на новиот закон за плати на судиите; целосна имплементација на софтверскиот пакет за менаџирање со судскиот буџет со цел: максимална операционализација на годишните планови, пресметување на трошоците на едно оптимално ниво и неопходност од редовно намирување на долговите кон претпријатијата кои обезбедуваат услуги за судовите; заради континуирана информатичка модернизација на софтверскиот пакет за менаџирање со судскиот буџет, утврдена е страгегија и концепт на негова надградба и проширување со е-буџет; изготвување на финансиска стратегија за развој на судскиот буџет; следење на можности за регрупирање на заеднички активности, со цел максимално искористување на одобрените буџетски средства во нивни намени; имплеметација на ИКТ стратегија во правосудството, односно во судската власт, како дел од стратегијата за информатика на Владата на Република Македонија-изготвување на нова софтверска апликација за управување и следење на судските предмети; следење и доврушување на започнатата почетна обука на кандидатите за судиите и јавни обвинители и формирање на втора генерација на кандидати за судии и јавни обвинители; следење на континуираната обука на судиите и јавните обвинители; целосна имплементација на проектираните вработувања со НПАА програмата за вработување на судската администрација; воведување на пракса за континуирано електронско следење на јавното мислење за задоволството од услугите на судовите; следење и реализација на Кредитниот аранжман со Светската банка, со цел подобрување на инфрастуктурните капацитети на судовите; континуирана соработка со меѓународните донатори (УСАИД), за реализација на реформите во судството.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 2838
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 563

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на судски предмети: планирани 1.700.000, реализирани 850.000

## 31010 – ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 300.950 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши други работи определени со закон. Јавното обвинителство е организирано врз основа на принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривично правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Јавното обвинителство во 2008 година ги продолжува активностите во правец на реализација на обврските од стратегијата за реформи на правосудниот систем и имплементација на уставните амандмани, од што произлегува и потребата од надминувањето на постојната недоволна кадровска екипираност и подобрувањето на просторните и материјалните услови во кои Јавното обвинителство работи, па своите активности ќе ги насочи и кон унапредувањето на условите на работа и решавањето на постојниот проблем со адекватно просторно сместување на одредени Основни јавни обвинителства.

Согласно Законот за Советот за јавни обвинители на Република Македонија (Службен весник на Р.М бр.150/08), во тек е формирање Совет на јавни обвинители, со кој се менува изборот и разрешувањето на јавните обвинители и се редефинира поставеноста, надлежноста и составот на новиот совет.

Во текот на 2008 година реализирани се обуки на јавните обвинители преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители, како и обуки во државата и во странство.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 359
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 826

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на иницирани постапки врз основа на поднесени пријави: планирани 39.500, реализирани 16.684

## 31101 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 62.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Народниот правобранител е орган на Република Македонија чии функции се: заштита на уставните и законските права на граѓаните во случај кога тие права се повредени со акти, дејствија и пропуштање на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаaт

јавни овластувања; преземање мерки и дејствија за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2008**

Во текот на 2008 година Народниот правобранител континуирано планира активности во насока на следење на состојбите со остварувањето на слободите и правата на сите нивоа, како и утврдување на условите за извршување на мерката притвор и на нивото на остварување на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Ова се само дел од активностите предвидени во Програмата за работа што Народниот правобранител ќе ги спроведе во 2008 година за кои ќе изготви посебни извештаи и информации што ќе ги достави до надлежните институции, а потоа ќе станат достапни на јавноста преку веб страната со цел информирање за состојбите во овие области.Народниот правобранител ќе се обиде да утврди како се одвива запишувањето на децата во матичната евиденција на родените, а посебно внимание ќе посвети на едукацијата на децата во основните и средните училишта за нивните права и обврски со посебен акцент на заштитата на децата од трговија со деца и употреба на алкохол и дрога.За да се утврди како работи судската администрација по однос на почитувањето на принципот на судење во разумен рок, Народниот правобранител во 2008 година ќе посети дел од судовите. Заштитата на животната средина и оваа година ќе биде во фокусот на интересот на Омбудсманот особено од аспект на почитувањето на законските прописи за депонирање на сметот. Посебно внимание ќе биде посветено и на информирањето на граѓаните за надлежностите на Народниот правобранител преку медиумска кампања поддржана од Мисијата на ОБСЕ и Шведската агенција за меѓународен развој СИДА. Жителите на повеќе места во државата за време на отворените денови на Народниот правобранител ќе можат да се информираат како и за што се може да им помогне Омбудсманот во остварување на нивните загарантирани права. Во 2008 година ќе продолжи дијалогот помеѓу локалните власти и Народниот правобранител на две тркалезни маси во Кичево и Битола на кои ќе се дискутира за нивото на меѓусебната соработка и како таа да се подобри.Обуките за јакнење на капацитетите на институцијата ќе продолжат и во 2008 година. Нема да изостане ниту меѓународната соработка со омбудсман институциите од земјите во регионот, земјите членки на Европската унија и пошироко, додека размената на искуствата од работата ќе се реализира преку студиската посета на канцеларијата на полскиот омбудсман.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 69
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):899

**АУТПУТ ИНДИКАТОР*:***
Број на преставки во текот на една година*:* планирани 3.076, реализирани 1.272

## 66001 ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.504.879 илјади денари**

…………..

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фондот е основан за управување со јавните патишта во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Во изминатиот период од 2008 година активностите на Фондот за магистрални и регионални патишта беа насочени кон финансирање на градежните работи на Обиколница Скопје (прва и втора фаза), како и на одделни делови од патни правци и тоа: Градско-Прилеп III-та лента и Жировница-Бошков мост; тековно и инвестиционо одржување на магистралните и регионалните патишта; поддршка на општините, согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта, како и интензивирање на подготвителните активности за забрзување на постојните градежни работи и за отпочнување нови (експропријација, проекти и тендери).

Фондот ќе изврши измена на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, соодветно на ревидираниот буџет и ќе продолжи да ги извршува законските обврски поврзани со магистралните и регионалните патишта.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 39
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2117

**АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:**
Број на склучени договори (за набавка, изградба, реконструкција, одржување надзор, подготвување на проекти и др.): планирани 50, реализирани 37
Број на изградени километри: планирани 30, реализирани 4,5

## 66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.110.850 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фондот ги има следните надлежности : да ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравственото осигурување и здравствената заштита; со општи акти ги утврдува прашањата за кои е овластен со законот за здравствено осигурување; планира и прибара средства од задолжителното здравствено осигурување; обезбедува остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица; ги

плаќа здравствените услуги на осигурените лица, ги плаќа надоместоците на плати; ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност; ги утврдува референтните цени на лековите, медицински помагала, опрема, протези, ортопедски помагала и други помагала; договара обезбедување на здравствени услуги; развива сопствен информативен систем; спроведува меѓународни договори; врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги; одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Фондот во 2008 година го продолжи реформскиот пат за имплементација на веќе започнатите реформи во системот на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во тие рамки: продолжи со активностите за сервисирање на старите долгови на Јавните здравствени установи; реализирање на мерките и активностите во примарната здравствена заштита, во кардиоваскуларната превентива и превенција од малигни заболувања со набавка на нови ЕКГ апарати и колпоскопи; донесување на референтни цени за ортопедски и други помагала и за дел од потрошените материјали; доуредување на законската регулатива за извршување на здравствени услуги во областа на биомединцинско потпомогнато оплодување; спроведување на новиот систем на финансирање на специјалистичко-консултативни здравствени услуги врз основа на планиран и остварен вид и обем на здравствени услуги и резултати од работењето; интензивирање на процесот за воведување на ДСГ методот за евиденција и плаќање на здравствени услуги; зајакнување на системот на договарање и преговарање на здравствените услуги; зајакнување на финансиската ех анте и ех пост контрола; интензивирање на активностите поврзани со ревидирање на основниот пакет на здравствени услуги, и воведување механизми за утврдување на референтни цени на здравствени услуги.

Продолжена е праксата на објавување на записниците од состаноците на Управниот Одбор и на Анализите за работењето на Фондот и на ЈЗУ на ВЕБ-страната на Фондот.

Во наредните месеци Фондот ќе продолжи со спроведување на реформските процеси во здравствениот сектор.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 685
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 752

### АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:

Број на извршени контроли (во ЈЗУ и ПЗУ по однос на боледувања, лекување во странство, контроли на придонеси, контроли за партиципација, контроли во аптеки, контроли за вид и обем на здравствени услуги и сл.): планирани 3.200, реализирани 3.090
Број на склучени договори со ПЗУ, ЈЗУ и аптеки: планирани 3.100, реализирани 3.017

**66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 5.074.129 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата врши услуги за задоволување на потребите на пазарот на трудот (за невработени лица и за работодавци) од областа на размената на трудот, евиденција од областа на трудот, осигурување и остварување на правата во случај на невработеност.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Агенцијата за вработување на Република Македонија во изминатите месеци од 2008 година покрај редовната и навремена исплата на надоместоците во случај на невработеност, иницираше поголема поддршка на активните мерки за вработување, согласно Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2008 година како што се: поддршка за самовработување (семеен бизнис); поддршка за формализирање на постојани бизниси; обуки за одредени занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот; едукација за започнување на бизнис; субвенционирање на вработување на деца без родители, самохрани родители, инвалидни лица и вработувања на постари лица (од 55 до 64 години); практиканство како поддршка за прво вработување на млади лица до 27 години.

Од почетокот на 2008 година Агенцијата го спроведува и Проектот за самовработување со кредитирање.

Исто така продолжи и со редовните активности за обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач; обуки во работните клубови за стекнување знаење и вештини (странски јазици и компјутери) како и спроведување на други проекти поврзани со градење на капацитети на институцијата и зголемување на вработувањето во земјата.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 537
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 560

**АУТПУТ ИНДИКАТОРИ***:*
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): годишен план 519, реализирано со месец јуни 236
Број на невработени на кои им се обезбедуваат парични надоместоци по основ на невработеност: (состојба декември) 24.500, (состојба јуни): 24.159

## 66004 ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 39.237.203 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија остварува обемна активност, која се однесува на остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување на сите осигуреници во Република Македонија, обезбедува средства за исплата на пензиите и другите права од придонесите и други извори на средства, ги утврдува базите на податоците за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонес заради обезбедување основа за спроведување на функциите на Фондот, презема мерки за унапредување на системот на пензиското и инвалидското осигурување и се грижи за рационално користење на средствата, во единствена постапка ги собира придонесите за државниот и приватните пензиски фондови и врши распределба на придонесите.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2008

Покрај редовната навремена исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидското осигурување, Фондот во изминатиот период од годината продолжи со осовременување на деловните процеси за собирање, контрола и распределба на придонесите. Во најголем дел се работеше на завршување и имплементација на модулите за незаконитост и работен тек, дневно и месечно затварање, сметководство и контрола на неплатен придонес, со цел завршување на реформираниот процес за наплата на придонесите и зголемување на приходите по овој основ. Паралелно со новите процеси во наплатата на придонесите во Фондот се работи и на Проектот за интегрирана наплата на сите социјални придонеси, по препораките на Владата на РМ и ММФ.Со овој проект ќе се овозможи на обврзниците преку единствен Образец и постапка да доставуваат податоците по електронски пат не само за придонесите за пензиско и инвалидско осигурување туку и за придонесите за здравствено осигурување и вработување и осигурување во случај на невработеност со што ќе се обезбеди едношалтерски систем за наплата на социјалните придонеси. Фондот е носител на оваа активност бидејќи основа за спроведување на прибирањето на податоците и придонесите е постојниот софтвер на Фондот, на кој се врши доградба за оваа намена. Исто така во Фондот интензивно се работи на новиот Пензиски проект со кој се унапредува постапката за остварување право на пензија.Фондот во изминатиот период вршеше редовно двоење и трансферирање на делот од придонесот кон приватните пензиски фондови за лицата кои се зачленети во вториот пензиски столб. При тоа, заклучно со јуни 2008 година кон вториот столб пристапија нови 17.019 членови или вкупниот број на членови изнесува 179.672. Посебно за одбележување во оваа година е подобрување на материјалната и социјалната положба на корисниците на пензија, како резултат на измената на законската регулатива во делот на усогласувањето на пензиите, при што пензиите од 1 јануари 2008 година се усогласуваат со 50% од порастот на платите на вработените и 50% од трошоците на живот, наместо досега со 20% од порастот на платите и 40% од порастот на трошоците на животот, со што се овозможи повисок процент на усогласување на пензиите. Исто така со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-604/1 од 29 јануари 2008 година беше утврден

повисок процент на усогласување на пензиите за 2008 година од процентот утврден со членот 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Согласно Одлуката, зголемување на пензиите се изврши во зависност од износите на пензиите, при што со повисок процент се усогласија пониските пензии, а вкупното дополнително усогласување изнесува 8,2%. До крајот на 2008 година Фондот редовно и навремено ќе врши исплата на сите права кои произлегуваат од пензиското и инвалидското осигурување и ќе врши усогласување на пензиите согласно законските прописи.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 733
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 985

**АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:**
Број на подготвени решенија за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување: годишен план 20.000, реализирано со состојба јуни 7.270
Број на пензионери на кои им се исплаќа пензија: (состојба декември) 279.000, реализирано со состојба јуни 277.961
Број на деца попречени во психофизичкиот развој за кои Фондот ќе учествува во партиципација на трошоците за сместување: годишен просек 300, реализирано со состојба јуни 162
Број на пензионери за кои се обезбедува сместување во пензионерските домови: годишен просек 400, реализирано со состојба јуни 335

**ПРИЛОГ 1**

# Преглед на наменски и блок дотации за делегирани надлежности по општини

| Р.бр | ОПШТИНИ | Наменски дотации за образование | | Блок дотации за образование | | Наменски дотации за дејности од областа на културата | Блок дотации за дејности од областа на културата | Наменски дотации за социјалната заштита | | Блок дотации за социјалната заштита | | Наменски дотации за пожарникари | ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА | ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Основно образование | Средно образование | Основно образование | Средно образование | | | Детска заштита | Домови за стари лица | Детска заштита | Домови за стари лица | | | |
| 1 | Арачиново | 6.588.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.588.000 | 0 |
| 2 | Берово | 0 | 0 | 47.676.100 | 25.005.300 | 0 | 2.218.000 | 0 | 0 | 15.438.425 | 0 | 5.560.000 | 5.560.000 | 90.337.825 |
| 3 | Битола | 0 | 0 | 273.997.700 | 153.018.500 | 0 | 5.082.000 | | 0 | 46.707.240 | 14.187.056 | 11.924.500 | 11.924.500 | 492.992.496 |
| 4 | Богданци | 0 | 0 | 23.651.700 | 13.112.100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.399.102 | 0 | 0 | 0 | 44.162.902 |
| 5 | Боговиње | 0 | 0 | 108.467.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 108.467.200 |
| 6 | Босилово | 0 | 0 | 49.643.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.643.200 |
| 7 | Брвеница | 0 | 0 | 60.779.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.779.600 |
| 8 | Валандово | 0 | 0 | 45.458.500 | 18.126.500 | 0 | 4.072.000 | 0 | 0 | 6.691.870 | 0 | 4.130.000 | 4.130.000 | 74.348.870 |
| 9 | Василево | 2.624.700 | 0 | 29.665.712 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.624.700 | 29.665.712 |
| 10 | Велес | 0 | 0 | 166.392.500 | 89.713.700 | 0 | 9.614.000 | 0 | 0 | 31.350.797 | 0 | 9.969.500 | 9.969.500 | 297.070.997 |
| 11 | Вевчани | 746.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 746.000 | 0 |
| 12 | Виница | 11.603.000 | 3.771.100 | 0 | 0 | 863.194 | 0 | 1.462.133 | 0 | 0 | 0 | 3.618.000 | 21.317.427 | 0 |
| 13 | Врапчиште | 11.527.000 | 0 | 0 | 0 | 210.452 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.737.452 | 0 |
| 14 | Гевгелија | 0 | 0 | 59.485.800 | 37.218.000 | 0 | 5.471.000 | 0 | 0 | 22.029.808 | 0 | 6.926.500 | 6.926.500 | 124.204.608 |
| 15 | Гостивар | 0 | 0 | 286.881.200 | 143.615.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.179.478 | 0 | 7.855.500 | 7.855.500 | 446.676.178 |
| 16 | Градско | 0 | 0 | 18.202.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.202.400 |
| 17 | Дебар | 0 | 0 | 82.689.200 | 24.245.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.487.952 | 0 | 2.072.000 | 2.072.000 | 114.423.052 |
| 18 | Дебарца | 0 | 0 | 23.461.100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.461.100 |
| 19 | Делчево | 9.862.000 | 4.204.500 | 0 | 0 | 646.280 | 0 | 905.249 | 0 | 0 | 0 | 4.650.000 | 20.268.029 | 0 |
| 20 | Демир Хисар | 2.196.600 | 474.510 | 26.791.700 | 10.253.218 | 122.828 | 1.109.000 | 189.699 | 0 | 2.989.130 | 0 | 2.933.000 | 5.916.637 | 41.143.048 |
| 21 | Демир Капија | 3.788.000 | 0 | 0 | 0 | 246.110 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.034.110 | 0 |
| 22 | Дојран | 0 | 0 | 16.424.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.424.800 |
| 23 | Долнени | 0 | 0 | 88.664.100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 88.664.100 |
| 24 | Другово | 3.059.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.059.000 | 0 |
| 25 | Желино | 11.580.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.580.000 | 0 |
| 26 | Зајас | 5.914.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.914.000 | 0 |
| 27 | Зелениково | 1.955.000 | 0 | 10.812.950 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.955.000 | 10.812.950 |
| 28 | Зрновци | 0 | 0 | 11.450.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.450.300 |
| 29 | Илинден | 0 | 0 | 51.163.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.163.600 |
| 30 | Јегуновце | 0 | 0 | 49.218.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.218.200 |
| 31 | Карбинци | 0 | 0 | 27.149.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.149.600 |
| 32 | Кавадарци | 6.461.400 | 2.024.490 | 89.226.182 | 41.627.547 | 461.922 | 6.307.505 | 1.003.241 | 0 | 14.603.129 | 0 | 6.451.500 | 16.402.553 | 151.764.363 |
| 33 | Кичево | 14.244.000 | 10.198.900 | 0 | 0 | 6.370 | 0 | 1.537.589 | 0 | 0 | 0 | 7.413.500 | 33.400.359 | 0 |
| 34 | Кочани | 0 | 0 | 111.010.000 | 63.465.800 | 0 | 5.249.000 | | 0 | 18.273.293 | 0 | 6.622.500 | 6.622.500 | 197.998.093 |
| 35 | Конче | 0 | 0 | 17.515.700 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.515.700 |
| 36 | Кратово | 0 | 0 | 34.885.800 | 17.639.400 | 0 | 4.105.000 | 0 | 0 | 7.320.497 | 0 | 4.431.000 | 4.431.000 | 63.950.697 |
| 37 | Крива Паланка | 9.822.000 | 4.309.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.527.116 | 0 | 0 | 0 | 5.076.000 | 20.734.616 | 0 |
| 38 | Кривогаштани | 4.511.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.511.000 | 0 |
| 39 | Крушево | 0 | 0 | 34.782.900 | 13.402.700 | 0 | 1.081.000 | 0 | 0 | 5.076.263 | 0 | 3.577.000 | 3.577.000 | 54.342.863 |
| 40 | Куманово | 0 | 0 | 367.789.500 | 191.774.900 | 0 | 6.079.000 | 0 | 0 | 33.339.504 | 13.823.556 | 11.960.500 | 11.960.500 | 612.806.460 |
| 41 | Липково | 0 | 0 | 123.706.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 123.706.900 |
| 42 | Лозово | 2.831.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.831.000 | 0 |
| 43 | Македонска Каменица | 7.721.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 799.299 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.520.299 | 0 |
| 44 | Македонски Брод | 0 | 0 | 28.414.900 | 14.740.800 | 0 | 1.739.000 | 0 | 0 | 5.829.679 | 0 | 3.463.000 | 3.463.000 | 50.724.379 |
| 45 | Маврово и Ростуше | 0 | 0 | 52.168.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.168.000 |
| 46 | Могила | 0 | 0 | 30.688.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.688.000 |
| 47 | Неготино | 0 | 0 | 67.149.400 | 36.649.800 | 0 | 5.003.000 | 0 | 0 | 15.640.026 | 0 | 3.993.000 | 3.993.000 | 124.442.226 |

